Саво Костадиновски - Сѐ од љубов за Пореče и Поречани

Саво Костадиновски

СÈ ОД ЉУБОВ
ЗА ПОРЕЧЕ И ПОРЕЧАНИ

– патописно-монографска и поетска збирка –

второ, надополнето издание

АНТОЛОГ

Библиотека
Громови
книга 9
Скопје, октомври 2017
Директор
Жарко Кујунџиски
Рецензент и автор на патописниот дел
Александар Кујунџиски
Лектура
Кристина Велевска

© Саво Костадиновски, 2017
(сите права се задржани)

© Антолог, Скопје, 2017
(второ издание)

Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван, умножуван или објавуван во која било форма или на кој било начин во печатените и во електронските медиуми без посебна дозвола од издавачот.

СЌ ОД ЉУБОВ ЗА ПОРЕЧЕ И ПОРЕЧАНИ

Сѐ од љубов
За Поречe и Поречани –
така душата ми зборуваше:
отворена
како широкото небо
по кое
покрај ѕвездите
и моите песни затреперуваа
со светлина
насочена кон иднината,
кон бескрајот
со сјајот на роднокрајната убавина
која во срцата на Поречаните
пее песни
што вечно ќе го слават
моето време на биднината –
време
во кое постојано ме придружуваше
мојата неизмерна љубов
кон Поречe и Поречани.



Оваа книга ја посветувам на мојата роднокрајна област Пореч и на сите нејзини некогашни, сегашни и идни жители.

Авторот

— 1 —

ПОД ДОБРА ВОДА

ПРЕДГОВОР

(„Туѓина можеш да си смениш, ама родниот крај не можеш да го смениш, тој е еден и единствен“).

Секој проследувач на оваа патописно–монографска и поетска збирка за поречкото село Горно Ботуше, општина Македонски Брод, кој ја знае состојбата во која денес се наоѓа ова македонско село, веднаш ќе сфати и ќе го оправда големиот труд што е вложен во нејзиното подготвување. Таа е и ќе остане траен приказ и сведок за еден простор и за едно време — за идните времиња и за идните генерации.

Всушност, иако сѐ ќе биде сосема евидентно од сето она што овде ќе биде кажано и аргументирано, јас би сакал уште еднаш, повторно, по којзнае кој пат, да го потенцирам фактот: таму, во ова наше село, и пошироко, во цело Пореч̀е, со векови имало живот; живот со традиции, со обичаи и со сите други обележја. Постоело и училиште, и свадби, и крштавки, и весели прослави на сведните: Божик, Велигден, Ѓурѓовден, Свети Никола и на други свети празници.

За жал, сега Горно Ботуше е село во кое има сосема малку жители, главно постари луѓе. Зарем да дозволиме да исчезнат сите траги на неговото постоење? Да побледи целосно сликата на селото? Да ја покрие пепелот на заборавот?

Не! Тоа категорички го тврди секоја страница од оваа публикација...

На крајот од ова мое кратко воведно обраќање, почитувани читатели, сакам да ви напомнам дека оддолжувајќи му се на моето родно село Горно Ботуше, вложив и дополнителен придонес во прилог на неговиот незаборав, пишувајќи ја збирката поезија „*Ботуше во стихови*“, со намера и преку поетски опис да ги сосредоточам и овековечам топонимите на сите месности во околината на Горно Ботуше... Воедно, на сите заинтересирани за спознанија од оваа област — да им пренесам слики од селскиот живот, кој ми останал вечно во сеќавање: од времето на најраното детство, минато во родното село, па сè до мојата разделба со него, по заодот по патиштата на школувањата и професионалните одисеи и искушенија.

Авторот

ПОД ДОБРА ВОДА

ЗА ОБЛАСТА ПОРЕЧЕ

Област̀а Пореч̀е во Република Македониј̀а (или Поречие, Поречје — како што уште се именува), на чиј̀а териториј̀а, некаде под планината Добра Вода, се наоѓ̀а селото Горно Ботуше; кое всушност е тема – двигателка што ќе преовладува во оваа книга; претставува етногеографски регион во западниот дел од нашата држава, распослан по течението и по целата долина на реката Треска. Се простира околу двете нејзини страни. На север се граничи со Скопската котлина, на исток со област̀а Азот и со поширокиот велешки регион, на југоисток со Прилепското поле, на југ со Крушевско, на југозапад со Кичевско и со област̀а Копачка, а на северозапад со Полошката котлина, односно со пределите на Тетово и Гостивар. Од сите страни област̀а Пореч̀е е опкружена со планини: на север со Сува Планина, на запад со Сува Гора, Челоица и Песјак (делови од венечната планина Добра Вода; со највисокиот истоимен врв 2062 м.; нејзиниот северен дел е Челоица, а јужниот – Песјак), на југ со Бушева Планина (на која се наоѓ̀а превалецот Барбарас, кој го двои Пореч̀е од Прилепското поле), а на исток со масивот на Мокра Планина, односно со планините Даутица и Караџица. Релјефно гледано целата поречка област̀ е и котлина, опфаќајќи ја долината на реката Треска. Од административен поглед речиси целата област̀ е во составот на општината Македонски Брод, додека истата таа од 1996 до 2004 година беше поделена меѓу општините Македонски Брод и Самоков. (Во општината Пласница припаѓаат населените места Дворци, Лисичани, Пласница и Преглово.) Но, според оваа стара карта на област̀а Пореч̀е, која ја приложуваме — и селата Пласница, Преглово и Дворци ѝ припаѓ̀але на општината Македонски Брод:



Населението во областа Пореч најчесто се занимава со земјоделство и со сточарство. Од полјоделските култури одгледува најчесто пченка, тутун и градинарски насади. Низ целата област, пребогата со шуми и со најразновидни дрвја, дрвосечата на огревни дрва и на граѓа за мебелната индустрија е една од главните стопански гранки. Од дрвјата во листопадните шуми, кои се доминантни, преовладуваат буката, дабот, костенот, а во и околу населбите оревот и јаболкницата. Индустријата е недоволно развиена, но постои и бележи подем во последните години. Со изградбата на хидроелектричната централа и вештачкото езеро Козјак; долго 32 километри и пребогато со рибен фонд (9 видови риби, меѓу кои крап, пастрмка, клен); овој регион сè повеќе станува и атрактивна туристичка дестинација. Пештерата Пешна и многубројните други спелеолошки локации, како и манастирите и старите

градби, придонесуваат овој крај да го запознаваат и да го посетуваат сè поголем број домашни и странски туристи.

ПОГЛЕД КОН МИНАТОТО

Историски гледано, населби и население во Пореч имало уште од најстара камена доба, за што говорат пронајдените предмети и ископини. На многу места се пронајдени остатоци од палеолитски населби, особено во селото Ижиште. Од подоцнежниот период, во селото Горно Крушје и во близина на селото Локвица има остатоци од некогашни прастари населби. Црквите во Модриште и во Тажево, како и калето помеѓу селата Бенче и Ковач, исто така имаат своја археолошка и културолошка патина.

Во 11–век целата област била во составот на Самоиловото царство, додека османлиската власт за време на нивното владеење извршува своја територијална поделба и формира своја локална власт. Така, селата од левата страна на реката Треска биле припоени на Кичевската нахија, со мудурлук во Самоков, додека селата од десната страна на Треска ѝ припаднале на Прилепската нахија. Селото Црешнево — на Велешката, а Брезница на Скопската нахија.

Во времето на владеењето на Крале Марко во овој крај се изградени повеќе тврдини и манастири. Најзначајни и најсочувани тврдини од османлискиот период се таа во пештерата Пешна, која Крале Марко ѝ ја подарил на својата сестра Пешна, како и кулата во селото Девич.

Македонската револуционерна дејност и во тој период и во тој крај не изостанала, па, така, од средината на 19– век овде дејствувал познатиот македонски војвода Димче Латовче од селото Латово, кој се поврзал со група напредни револуционери од Охрид, Крушево и од Битола.

Во 1901 година во поречките села доаѓаат неколку војводи на Македонската револуционерна организација со своите чети за да формираат комитети и нови чети. Првиот реонски комитет се формира на подрачјето на Рабетинска Река, надлежна за селата на Горно Пореч̀е. Тој раководел со целокупната револуционерна активност во околните села. Притоа, како еден од најголемите револуционери и организатори на ВМРО во Пореч̀е се истакнал Димо Гроздановски од селото Горно Крушје. Тој соработувал со Даме Груев и ги вклучувал селаните во Организацијата. Иако осудуван и затворан, тој во ниеден момент не се откажал од својата револуционерна дејност и од своите идеи, сѐ додека, некаде во пролетта 1905 година, не загинал по долга борба со османлискиот аскер.

И не бил и не останал само тој од овој крај што отворено ги манифестирал својот непокор и отпор против османлиското ропство. Со текот на времето, сѐ повеќе се формирале селски револуционерни комитети, во кои неретко членувале и жени. Напоредно со тоа, по формирањето на селските и реонските револуционерни комитети, се создале можности за организирање и на цели вооружени чети. Четите на Ѓурчин војводата во Сланско, Арсо војводата во Локвица, Бошко војводата во Вир, Зафир војводата во Лупште. Од родените во село Горно Ботуше заслужиле да се спомнат и комитата Дамјан и Костадин војводата, наречен Капиданот. Костадин како учесник во Илинденското востание бил ранет, а по неговото задушување се вратил во родното село каде што од жал за загинувањето на неговиот син Васил и од раните здобиени во борбите набргу починал; и за него во тие тешки ропски години е испеана песната „Слушај кај шумат шумите...“

Убаво е и во оваа пригода да се потсетиме на нејзиниот текст, на ова ремек–дело на македонскиот народен мелос, нели?

Слушам кај шумат шумите.
Слушам кај шумат шумите, буките.
Слушам кај шумат буките,
плачат за војводата, капиданот.

Другари верни, другари, Македонци,
кога низ село врвите, врвите,
кога низ село врвите-
со коњи да не тропате, не тропате.

Со коњи да не тропате, тропате,
со коњи да не тропате,
со пушки да не фрлате, не фрлате.

Да не ве чуе мајка ми, старата,
да не ве чуе мајка ми,
ќе ве праша за мене, аман за мене.

Каде е син ми Костадин, Костадин?
Каде е син ми Костадин,
Костадин војводата, капиданот?

Син ти се мајко ожени, ожени,
син ти се мајко ожени-
за една Македонка, поробена.

И, така, со песна, со печал и со секојдневна борба за егзистенција, преку макотрпните селски работи, врвеле годините и војните низ Поречето. И подоцна, во сите матни времиња на балканските војни, на Првата и Втората светска војна, кои како темен облак надвиснувале над шумовитото Пореч, Пореч и Поречани запишувале напредни и борбени страници. (Но сето ова, се разбира, повеќе нека биде предмет на историската и научната истражувачка мисла отколку на оваа наша патописно–монографска и поетска збирка, која нема претензии да биде труд со строга насоченост кон научната и кон фактографската сфера на издаваштвото).

Етнографски населението на Пореч припаѓа на брсјачката (Берзитска) етногеографска група на македонскиот народ. Тамошниот дијалект е еден од народните говори што се најблиски до македонскиот литературен јазик. Поречкиот крај е богат и со народно творештво: песни, приказни, легенди, преданија, а дел од нив се запишани и од големиот македонски собирач на народни умотворби Марко Цепенков.

Во оваа пригода вреди да се посочи податокот дека во реонот на Пореч, покрај славните историски личности што веќе попатно ги спомнавме, но за кои не грешиме ако дадеме и повеќе податоци (Ѓурчин Наумовски–Пљакот, 1851–1904, македонскиот револуционер и војвода на МРО, роден во с. Сланско; Димо Гроздановски, револуционер и организатор на ВМРО во Пореч, родум од селото Горно Крушје); овде се родени и познатиот македонски повоен дијалектолог, лингвист и академик, професорот Божидар Видоески (1920, Звечан — 1998); како и македонскиот теолог, професор и протоѓакон д–р Ратомир Гроздановски (1959, село Брест).

Исто така, Пореч е роден крај на уште многу други познати личности од разни сфери на културно–општествениот и политичкиот живот кај нас, како, на пример, Апостол Д. Апостолоски, Зоран Стојаноски, Нове Цветаноски, Миле Јовановски–Поречанец, Војо Андрески, Богоја Радески, Војче Китаноски и многу други.

За потеклото на името на областа Пореч (Поречие, Поречје) постојат две мислења. Според првото, името на таа област потекнува од самата нејзина местоположба, односно „по река“, т.е. „по течението“ на реката (Треска) со додавката –ие (односно –је). Според другото, помалку прифатливо становиште, името на оваа област е добиено за време на османлиското владеење по историските настани со кои тогашните власти ги присилувале селаните да се потурчат, па иако малкумина жители тоа најпрвин го прифатиле, отпосле „порекле“, откажале да ја прифатат туѓата вера; значи од „рече — пореч е“.

МАКЕДОНСКИ БРОД

Градот Македонски Брод се наоѓа во западниот дел на Република Македонија. Тој е еден од помалите градови во нашата држава и претставува општински центар во областа Пореч. Градот се простира на брегови на горното сливно подрачје на реката Треска (десна притока на Вардар, долга 132 километри, која населението во кичевскиот крај ја нарекува и Голема Река, а низ Пореч е позната и како Велика). Во состав на оваа општина спаѓаат населбите од Горно и Долно Пореч. Спротивно на месноста и на течението на Треска, во нејзиниот долен дел се вика Горно Пореч, а во долниот дел Долно Пореч. Во Долно Пореч, од левата страна на реката се населените места: Ижиште, Ореовец, Русјаци, Македонски Брод, Старо Село, Требино, Девич, Грешница, Слатина, Долни Манастирец, Горни Манастирец, Тополница, Долно Крушје, Горно Крушје, а од десната страна: Дворци, Пласница, Латово, Сланско, Дреново, Локвица, Крапа, Црешнево, Модриште, Долна Белица, Горна Белица, Суводол, Драгов Дол и Вир. Во Горно Пореч, од левата страна на Треска се селата: Самоков, Зркле, Звечан, Томино Село, Сушица, Лупште, Ковач, Бенче, Инче, Могилец, Долно Ботуше, Горно Ботуше, Битово, Заград, Растеш, Брест, Косово, Требовле, Здуње, Рамне, Близанско и Волче, а од десната страна: Тажево и Брезница. Кога би ги подредиле по азбучен ред, списокот на населените места што влегуваат во состав на општината Македонски Брод би изгледал вака: Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Вир, Волче, Горна Белица, Горни Манастирец, Горно Ботуше, Горно Крушје, Грешница, Девич, Долна Белица, Долни Манастирец, Долно Ботуше, Долно Крушје, Драгов Дол, Дреново, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Ижиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Латово, Локвица, Лупште, Македонски Брод, Могилец, Модриште, Ореовец, Рамне, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатина, Старо Село, Суводол, Сушица, Тажево, Томино Село, Тополница, Требино, Требовле и Црешнево.

Вкупната површина на општината изнесува 888,7 квадратни километри, а според пописот на населението од 2002 година во неа живеат 7 141 жител.

Сите села во општината Македонски Брод не се големи. Не преголемиот број на куќи во нив секогаш се изградени на отворени, честопати на стрмни и разбранувани падини на ридјето или на планинските ледини.

Малку невообичаено и за многумина мошне чудно ќе биде нашето објаснување дека називот на градот Македонски Брод, односно Брод, доаѓа од зборот „брод“, кој во тамошниот говор значи и означува „прегазлив дел од река“. Имено, на местото на денешниот Македонски Брод, над водите на Треска постоел дрвен мост што ги поврзувал градовите Прилеп и Кичево. Тој мост меѓу народот бил познат под името „брод“.

Градот Македонски Брод претставува средиште на областа Поречје. Од соседното Кичево е оддалечен 26 километри во источен правец, а во северозападен правец од Прилеп е оддалечен 35 километри. Негов главен патен проблем претставува состојбата што тој нема современо патно поврзување со главниот град на Републиката, Скопје,

бидејќи со изградбата на браната Козјак е отежнат директниот патен правец, па сега за да се стигне до Скопје по асфалтен пат треба да се поминат околу 150 километри по заобиколен пат преку Кичево, Гостивар и Тетово.

Како општина, општината Македонски Брод граничи со следните општини: на север со Желино и Брвеница; на североисток со Сопиште и Студеничани; на југоисток со Чашка и Долнени; на југ со Крушево и Вранештица; на југозапад со Пласница, Зајас и Осломеј; и на северозапад со Гостивар.

Територијата на општината се наоѓа под влијание на умерено–континентална клима, која се карактеризира со студени и врнежливи зими и со суви и топли лета. На високите планини, се разбира, климата е изразито планинска и нејзина одлика се кратките и не претопли лета, а долгите и снежни зими.

Во близина на градот Македонски Брод, во околината на селото Девич, постојат сочувани остатоци од стари градби, кои сведочат дека во овој регион уште од најстари времиња постоела населба што функционирала како центар на целата област. Таму се вишат Девини Кули, кои се изградени во близина на пештерата Пешна, каде што, пак, се наоѓаат остатоци од ѕидините на град што го изградил Крале Марко за својата сестра Пешна. Исто така, во Македонски Брод и во неговата околина биле изградени голем број цркви, меѓу кои и градската црква „Света Богородица“, потоа црквата „Свети Димитрија“ во селото Требино, како и многу, многу други. (Меѓу кои спаѓаат и црквите во преде-

лите што ќе бидат главна преокупација на оваа книга — во селото Горно Ботуше — „Свети Јован“, во Долно Ботуше — „Света Богородица“ и во соседното Битово — „Свети Никола“).

Доминантни индустриски дејности во општината Македонски Брод се земјоделството, дрвната индустрија, сточарството, текстилната индустрија, рударството, градежништвото и, секако — шумарството, кое во бродскиот регион е една од најзначајните и најперспективните стопански гранки. Тоа произлегува од фактот што во областа Пореч над педесет проценти од територијата е под шуми и со тоа се вбројува меѓу најбогатите шумски региони во Република Македонија.

Во областа што ја покрива општината Македонски Брод има голем број планини со високи планински врвови, како што се Бушева Планина, Песјак, Мокра Планина, Боро Поле, Добра Вода и други. Нивната надморска височина се движи од 620 до 2100 метри. Планините се испресечени со помали или поголеми реки, потоци и долови, кои почесто се плитки, а поретко длабоки. Бреговите се благо наклонети и во најголем дел умерено стрмни, а стрмни и многу стрмни — во помал дел.

СВРТЕНИ КОН СЕГАШНОСТА И КОН ИДНИНАТА

Градоначалник на општината Македонски Брод е Милосим Војнески, роден на 28 ноември 1959 година во селото Русјаци, во истата општина. Завршил правен факултет и претставувал успешна личност на полето на приватниот бизнис (17 години), потоа како директор на

Агенцијата за вработување (5 години), а во последните години во неколку мандати тој е Градоначалник на Општината.

Општинските институции на Македонски Брод се сместени во зградата на Општинското собрание, во која успешно функционираат и Општинскиот совет, градоначалникот и целата општинската администрација, а воедно и претставниците на подрачните единици на министерствата.

„Изобилство од природни убавини“ — ќе го искористам овој наслов на еден проспект што го добив во општината, во канцеларијата на градоначалникот Милосим Војнески, кого го затеков во деловен разговор со претседателот на Советот на општината, Дарко Трајкоски.

Така, покрај другите огромни природни богатства и знаменитости (дел од површината на општината Македонски Брод зафаќа Шумскиот и ловен резерват „Јасен“), на територијата на оваа општина се лоцирани голем број подземни пештери. Некои од нив, не само Пешна, се непроценливи природни реткости. Такви се пештерите Голубарница, Лапарница и Момичек, кои му припаѓаат на заштитеното подрачје „Споменик на природата Белешничка Река“. Таква е и пештерата Горна Слатинска, која е единствената во Македонија со влез, но и со излез. Интересна е и пештерата Змејовец (Змејовица) кај селото Крапа, за чија вода уште Марко Цепенков запишал дека е лековита. Поради сето ова, во текот на целата година во местата во кои се наоѓаат најатрактивните пештери се одржуваат разни спелеолошки манифестации.

Во прекрасно уреденият двор на детската градинка „7– Септември“, во чиј двор снимивме убаво креиран дрвен брод, поразговаравме со директорот Љубе Батанџиовски. Уште еден успешен директор на градинка од „појакиот пол“, меѓу неколкуте во нашава држава што се на такво работно место на кое обично доминираа(т) претставниците на „понежната половина“. Но, шегата на страна, убаво е речено дека нема и не треба да има поделба на строго „женски“ или „машки“ професии и титули. Чуден и фрапантен податок: ова е една од ретките предучилишни установи во Република Македонија во која не се пополнети капацитетите за сместување на дечиња! За разлика од градинките во поголемите градови, во кои понекогаш има повеќе барања за прием одошто се можностите на постојните објекти — овде е сосема друг случај. Се надеваме дека во блиска иднина сè повеќе родители ќе ги сфатат и ќе ги прифатат добродетот и предимствата што ги нуди певливиот повик и на оваа градинка.

Во Македонски Брод успешно работат и ООУ „Св. Климент Охридски“ и СОУ „Св. Наум Охридски“, во кое средношколците учат во гимназиска, шумарско–дрвопреработувачка и туристичко–угостителска струка. Притоа, едно е сигурно: голем број потомци на некогашни жители на селото Горно Ботуше веќе учат во ова основно или во ова средно училиште, а сигурно и во училишта во сите оние места во кои порано или подоцна се преселиле нивните родители или баби и дедовци. Во Кичево, Гостивар, Тетово, Брвеница, Сараќино, Прилеп, Скопје.

Што се однесува на спортот, треба да се истакне дека градот постојано функционира во спортски ритам, со солидна спортска култура и спортска традиција. Спортските настани се одвиваат на градскиот стадион и во спортската сала на СОУ „Свети Наум Охридски“. Меѓу населението доминираат интересирањето и занимавањето со фудбалот, а во поновото време и со многу други спортски дисциплини. Во сите нив се остваруваат солидни резултати.

Домот на културата во Македонски Брод — „Македонски Брод“, чиј директор е Милена Стојческа, е мошне значајна културна институција во градот и во регионот. Со својата дејност започнал во 1981 година и располага со корисна површина од 750 квадратни метри и со концертна сала со 310 седишта. Во составот на Домот работи КУД „Седми септември“ со фолклорна секција, оркестар и пејачка група, драмско студио, ликовен клуб, библиотека, кино-дејност.

Во Градската библиотека, која функционира во рамките на Домот на културата, низ разговор со библиотекарката Лилјана Стојаноска, која веќе 31 година е на ова работно место, дознав дека библиотеката располага со солиден книжен фонд од околу 34 000 книги. Најмногу читаат учениците, но пред сè (а некои и единствено и само) лектирни изданија. Како и во секоја друга библиотека во Македонија така и во оваа постои „Роднокрајно катче“, во кое централно место — и по бројност и по заложбите на самиот автор секое негово ново издание да го поседува библиотеката во неговата роднокрајна област — имаат збирките на Саво Костадиновски.

Во општината Македонски Брод се одржувале и се одржуваат низа културни манифестации. Лете, во рамките на програмата „Топол културен бран“ се реализираат културни содржини од областа на литературата, ликовната уметност, фолклорот и етнологијата. За народниот обичај наречен „Кули“, за овој навистина исклучително оригинален и необичен обичај — немам сигурен податок дека се изведува и во други градови во Република Македонија. Имено, на вториот ден од големиот христијански празник Велигден, традиционално во Градот се прават „Кули“. Кули од храбри и вешти младинци качени во круг врз раменатa на други. Направена од луѓе, оваа „градба“ ги докажува челичната цврстина и волја на овие младинци, а со тоа и цврстината на Поречаните. Воедно — и цврстината на целиот македонски народ. По изведбата на овој храбар ритуал, прославата завршува со пеење песни и со играње ора. (Инаку, броѓаните овој обичај го изведувале во континуитет секоја година сè до 1958, за подоцна, по 23–годишна стагнација, од 1991 година, по осамостојувањето на Македонија, а по иницијатива на отец Марко Трпески, повторно да биде обновен.) Во општината се одржуваат и Поречките средби, на кои се добредојдени сите овдешни и отселени жители на областа Пореч, и не само тие. (Во 2015 година Средбите се одржаа во селото Локвица, а во 2016 во Белица.)

Од културните манифестации што веќе традиционално се одржуваат во Македонски Брод неизоставно треба да се посочи и одржувањето на импресивната Графичка ликовна колонија, како и на поетската средба „Потписи на срцето“, на која секоја година учествуваат голем број реномирани македонски писатели, членови на ДПМ. За нејзината успешност, покрај градоначалникот Милосим Војнески, како и отец Марко Трпески од црквата „Света Богородица“, во чиј двор се одржува најзначајната придружна свеченост: литературното читање и настапот на фолклорните групи од градот, со својата несебична и сесрдна ангажираност, секако огромна заслуга понесува и познатиот писател и музичар – гитарист Миле Јовановски–Поречанец, родум од поречкото село Могилец.

Го посетив и ловечкото друштво, поточно сега ЗЛД „Песјак“ (наречено по планината Песјак) во Македонски Брод, за кое и претходно, во некои веќе далечни години, имав пишувано. Се сретнав со ловецот Трајче Симјаноски и со техничкиот секретар Слободан Богатиноски. Дознав дека ловните терени на оваа друштво и сега, како и некогаш, изобилуваат со дивеч. И влакнест и перјан. И полезен и штетен. Има и диви свињи, и срни, и елени, и зајаци, но и мечки, и волци, и лисици во голема бројност. И прекрасната еребица – каменарка - симболот на македонското ловство, не е проретчена како во некои други наши региони. Заслуги за тоа секако имаат и претседателот на друштвото Ненад Новески и ловочуварот Тони Танески, а, се разбира, и сите членови, кои се движат секогаш некаде помеѓу 450 и 600. Што се однесува на теренот околу Горно Ботуше, за деновиве нашата „зацртана“ дести-

нација, благодарение на тоа што според ловечките правила и законитости повеќе од половина година овој терен е забранет за лов — полезниот дивеч во него нема можност да биде сведен на реткост. И добро е што е така. Дава големи перспективи за иден ловен туризам во подем. (Во општината постои и спортско–риболовното друштво „Треска“, кое е двигател на грижата за водниот свет на реките и на вештачкото езеро Козјак. Исто така во функција на уште поголем риболовен туризам!)

Во златнолисните и плодородни есенски денови, Македонски Брод е домаќин на уште една значајна и оригинална манифестација: „Костенијада“. Во тие денови, секој гостин и посетител на оваа област може да вкуси, да купи и да понесе во своето место на живеење од прекрасните плодови на познатите поречки костенови гори.

Иако некој можеби ќе ги нарече „чаршиски муабети“, за некој вид информирање насочено пред сè за прашања поврзани со поречкото село Горно Ботуше, кое всушност беше и е завршната точка на ова „патешествие“ и во фокусот на интересирањето на сочинителот на овој дел од збиркава „Под Добра Вода“, неизбежна беше средбата со семејството Димоски. Со Стојан (овде познат како Тоше), со неговата животна сопатничка Мирјана и со нивниот син Боби, во нивниот угостителски објект. Нивните кулинарски и слаткарски специјалитети ги вкусиле голем број и познати и непознати туристи и посетители на овој крај од нашата држава. Од подалечни градови и села, а секако и од Горно Ботуше. Овој броѓанец од раѓање, со сите свои животни и работни карактеристики и преокупации, заслужил за него да се напише

и посебна книга. Но, засега — само кратко. Слаткарскиот занает го наследил од својот татко Зафир, кој до 1945 година работел во Нови Сад, а од 1946 до 1978 година во сопствената слаткарница во центарот на Македонски Брод. Неговиот син Стојан –Тоше не случајно и неподготвен го продолжил тој занает, а по женидбата на него се посветиле и неговата сопруга Мирјана (која, верувале или не, знае да направи дури 38 различни видови торти!), а уште од своите младешки години — и синот Боби. Подоцна како „Тоше–компани“ ја проширile својата дејност и сега се најпознати по ресторанот лоциран на главната градска улица.

БОТУШАНИ - БРОЃАНИ

Во потрага по поранешни жители на Горно Ботуше во Македонски Брод, а знаев дека ги има, ми рекоа во градот: „ако бараш некој што е веќе пензионер, доколку не е во ресторанот на Тоше, тогаш сигурно е во Клубот на пензионерите. Тоа кај нас е нивното најомилено катче и секогаш е полно–преполно. За дружење, за средби, за разговори. За играње шах, карти, домино, табла. За забава и разбигрижа“.

Осумдесет и двегодишниот Стоиле Јакимоски е еден од најчестите гости во Клубот. Иако имал тежок животен и професионален пат, во ниеден момент не се предал и не покажал малодушност и неверба во иднината. Сè поднесувал и поднесува храбро, стоички. Виток, ковчест, но жилав, пргав и со одлична меморија. Згора на сè, и на оваа возраст без проблеми секој ден се качува и се симнува по неколку пати на и од

четвртиот кат во станбената зграда во која живее. „И да има лифт, пак би одел пеш“, вели тој.

Во Горно Ботуше живеел до 1970 година. Чувал овци, говеда. Обработувал земја. Садел зеленчук. Одгледувал овошки. Јаболкници, сливи, ореви. По Втората светска војна и по ослободувањето на Македонија завршил вечерно училиште во Горно Ботуше. Работел како градежен работник, во Тутунскиот комбинат во Македонски Брод, па во „Црн бор“. Извесен период потоа, заедно со сопругата Ружа, родум од Долно Ботуше, со која стекнале 4 деца, 2 машки и 2 женски, пак се вратиле во неговото родно село. Се занимавал и со фотографирање. Со својата „смена–6“ снимил безброј фотографии, но, за жал, од една или друга причина, малку зачувал. Моментно живее во станбена зграда во Македонски Брод кај синот Хранислав. Дочекал 7 внуци и 4 правнуци.

Раскажува течно. Неговите родители Велика и Никола и родителите на Сергенија (Сергеј) Костадиновски биле соседи. Куќата, таа „новата“ што ја има во Горно Ботуше (со подрум, шупа и со кат и балкон), ја граделе сами тој и неговата Ружа.

Тој кревал камења и сидал, таа му носела и подавала кал. Да, со кал е сидана, место малтер, но уште стои „цврсто на нозете свои“. Стоиле ја одржува. Често е таму, во неа. Ми се пожали само дека од лани покривот почнал да му прокапува на некое место.

Си помислив да кажам: „А само да знаеш, господине Стоиле, колку нови куќи и нови станбени згради, што се вели - лани градени, а веќе негде протекле! Де од атмосферските (не)пригоди, де од градежната изведба на канализациските цевки низ зградите, де од водоводните:

од тоалетите, бањите или од кујните“; ама ги подголтнав зборовите. Да не бидам сфатен погрешно, оти, еве, и тој сега престојува во станбена зграда, која, сепак, не оставаше впечаток дека е од „тие“.

Според посебна препорака, морав да го посетам и семејството на Милија Здравески. Тој и неговата животна сопатничка Цвета Здравеска (моминско Костадиноска) склопиле брак во 1973 година, откако таа отишла „бегалка“ за него. (Не прашав за детали околу тоа, едноставно - љубов си е љубов.) Во Горно Ботуше останале до 1976 година, кога си изградиле нов дом во Македонски Брод, куќа на ридестите падини над црквата „Света Богородица“, па оттогаш - за разлика од ситуацијата кога двајца брачни партнери се од различни места, па секој „тегли“ кон своето - обајцата ги повикува истиот пат. Патот кон родното Горно Ботуше. Каков и да бил, каков и да е - го совладувале и успевале да дојдат во неговите прегратки. Коњот го замениле со автомобил.

Таков план имаа изготвено и дента кога ги посетив. Нестрпливо чекаа да се osват на роднокрајните повици. Веќе беа изнакупиле „сува храна“, но не за три дена, туку за еден месец - колку што планираат да останат таму. Вредната домаќинка ќе меси и ќе пече леб таму - ко некогаш. А сè друго - ќе се најде; што од покупките градски, што од околните „ресурси“. Можеби токму во тој период ќе ги посетат и двете ќерки, постарата Анета и помладата Славјанка - едната мажена во Прилеп, другата во Скопје - со нивните три внучиња. Престојот таму ќе им го направат многу поубав и повесел на бабата и на дедото. А и децата, барем за време на викендот, ќе се изнаиграат и ќе се надишат чист планински воздух.

И таткото на Милија — Бранко Здравески и неговата жена Магда спаѓаат - според тогашните и тамошните сфаќања и видувања - меѓу оние „малкудетните“: создале и извеле на пат „само“ четири деца, едно машко (Милија) и три женски: Богица, Горица и Видимка. Сите тие детството го минале во Горно Ботуше, каде што учеле од прво до четврто одделение, а од петто до осмо во Растеш. А потоа - секоја по својот пат, со својот „касмет“ и со сопствениот животопис. Детството и раната младост ги претрчала во Горно Ботуше и сопругата на Милија, Цвета, чии родители Огнан и Јаника изродиле 6 деца: Цвета, Игно, Видоја, Ратка, Петра и Јагода.

На заминување од нивната дружба, искрено ми соопштија:

- Убаво ни е овде, но уште поубаво таму! Не се враќаме оттаму до првиот снег!

„Вооружен“ со низа корисни информации и сознанија понесени од Македонски Брод, се упатив по патот што ќе ме одведе во Самоков. Кон крајот што беше наша целна дестинација, селото Горно Ботуше, по широкиот асфалтен пат (веднаш по излезот од Македонски Брод еден крак се двои кон Прилеп и Битола) за да стигнеме до Самоков требаше да минеме низ селата Суводол и Модриште, а лево и десно од патот да ги одминеме патоказите што насочуваат кон селата Требино, Девич, Грешница, Слатина, Драгов Дол, Долни Манастирец, Горни Манастирец, Тополница, Калуѓерец, Могилец, Ковче, Зркле, Лупште, Рамне. Со бавно возење, „итав“ кон север, со повремени запирања за да се восхитувам на крајпатните питорескни глетки што ги одмораат очите...

ВО САМОКОВ НИКОЈ НЕ Е САМ

За да се стигне до Горно Ботуше, секако треба да се дојде прво до Самоков. А и без тоа, убаво е да се запознае ова прекрасно планинско место, кое до 2004 година, со претходната територијална поделба, било општински центар. И во Самоков главни стопански гранки се земјоделството, шумарството и сточарството, а најзначаен индустриски објект била фабриката „Сувенир“, која работи и денес под назив „Сумбро Трејд ДООЕЛ“— Самоков. И до неа, и до него, како и кон повеќето селски населби што гравитираат наоколу, водат асфалтирани патишта. Така е и до селото Растеш, и до Битово, но — како е кон Горно Ботуше?!

Во паркчето среде селото, кое повеќе личи на гратче, забележав споменик со необична форма. На истата скулптура — горе ликот, долу табла на која читливо стои напишаното: „Јозеф Обремовски (1905–1967) — полски етнолог и социолог, истражувач на македонското Пореч“. Господинот Обремовски, исклесан во бел мермер, во став мирно, го поздравив со наклон и со нескриена почит. Дури и тој, и во тој свој краток 60–годишен живот, допатувал во Пореч од далечната Полска, патувал по околните места, истражувал, бележел — оставил пишани траги за овој преубав регион во Македонија. Секоја чест и почест нему, но, вреди да се наведат и донаторите што овозможиле ова убаво изработено вајарско дело да „дозачекори“ и постхумно; дури до овде; во центарот на Самоков. Тоа се Аритон Веселиновски и фирмите ИСК — Прилеп и Ф.Х.П. Мер–ком, Прилеп; инаку како би дознале за него и за неговата дејност и за неговите заслуги? И ние, како и сите мештани. А и читателите на оваа збирка...

Во периодот кога го шетав Пореч, со цел да му помогнам на авторот за комплетирање на збиркава со патописна–монографска и поетска содржина, една навистина несекојдневна и необична композициска структура, ми беше неопходна помошта од матичната служба во Месната заедница Самоков. Од зградата кон која е загледан веќе спомнатиот славен полски истражувач Јозеф Обремовски, во центарот на ова населено место. Бидејќи долгогодишната матичарка во Самоков — Смиљана го користеше делот од неискористениот годишен одмор, како нејзина замена овде беше самостојниот референт – матичар Љупчо Велевски.

Среќа да го сретнам и да го запознам! Трудољубив, исполнителен, благороден. Сето она што го дознав, а кое во продолжение на овој напис ќе го ставам на увид и пред вас, читателите, експлицитно и илустративно ќе го докаже сето ова. Роден во 1953 година во соседното село Долни Манастирец, со негова помош ја осознав состојбата со родените дечиња во Горно Ботуше, почнувајќи дури од предалечната 1900 до 2016 година. Состојбата со склучените бракови преку венчавките регистрирани од 1943 до 2016 (во периодот од 1919 до 1942 г. не постојат записи за вршените венчавки). И состојбата со заминувањето од овој свет на ботушаните од 1919 година до денешни дни. Тој и неговата сопруга Милка, иако имаат две деца и внучиња од нив, згрижиле две дечиња од Велес. Тие веќе десет години живеат кај нив во Долни Манастирец и ги чуваат со иста посветеност и грижливост како што ги чувале и своите најблиски и најмили: ќерката Маријана и синот Марјан, кои се веќе возрасни и осамостоени. Згрижените деца учат во ОУ „Св.

Климент Охридски“ (подрачно училиште на училиштето во Македонски Брод). „Какви се тие родители што ги родиле и дозволиле да им се одземе родителското право?“ — се прашав во себе, но сознанието дека – на друга страна постојат вакви хумани луѓе какви што се членовите на семејството Велевски, кои и туѓите деца ги третираат и чуваат со искрена и сеопфатна грижа — целосно ме успокои.

ПОД ДОБРА ВОДА - ГОРНО БОТУШЕ

Според некои стари статистички извори и пишани документи од 1878 година, селата Горно и Долно Ботуше, заедно, во 1873 година имале 26 домаќинства со вкупно 108 жители. Подоцна, според други записи, некаде во 1900– година тие имале околу 410 жители. Во поново време, според пописот од 1998 година, селото Горно Ботуше бројело 44 жители, сите етнички Македонци, а веќе во 2002 година двојно помалку — 22 жители. Денес, пак, според податоците што ги добив во Матичната служба во Самоков, а и од некои од поранешните жители на Горно Ботуше, кои сега живеат во Македонски Брод или во Самоков, а многу често го посетуваат родното село, дознав дека моментно во селото живеат само уште осум постојани жители, претежно возрасни луѓе и луѓе од „трета доба“. Во тие податоци сакав и лично да се уверам и затоа во еден убав есенски ден, со теренско возило, се упативме по стрмниот и тешкопрооден пат, слушајќи ги повиците на ботушките извори, разроморени под Добра Вода. Кој друг ќе нè пречека таму? Дали навистина во тие живописни и еколошки чисти предели егзистираат толку малку луѓе?! А ако е така — како опстојуваат тие, „последните Мохиканци “— ботушани?

...КОЈ ПАТ ВОДИ ДО... ГОРНО БОТУШЕ?

Кога решив да го посетам селото Горно Ботуше, некако спонтано ми одѕвонија во уши звуци и стихови од познатата песна „На пат одам, за пат прашам — кој пат води за Мариово?“ Кон Мариово, си реков, другпат, зашто друг пат е тоа, а сега целта ми е, пред сè вишното и поблиското Горно Ботуше. Неслучајно е наречено Горно. Се наоѓа на надморска височина од околу 1180 метри!

Овој пат појдовна точка кон вишините ми беше Самоков и автомобилот на вештиот и секогаш трезен возач Драган. (Не е точно она што го велат некои: „Не постои возач што не пие! Е, не! Тој навистина не пие алкохол!“) Којзнае од кога не испил ни чавче! Освен со „таксирање“, и по најстрмни и најнепроодни патишта, и во најтешки зимски, снежни и ветровити услови, тој се занимава и со пчеларство. Но, пред сè е возач. Секогаш подготвен да помогне. И на здрави и на болни. И на познати и на редовни клиенти, кои постојано сметаат на него, но и на непознати. На случајни намерници и дојденци, каков што бев јас.

По неколкуте минати километри, одминувајќи ги патоказите што означуваа одјавни патчиња кон селата Звечан, Брест и Косово, по асфалтот што како таков се простира до селата Растеш и Битово (а во догледно време ќе продолжи асфалтираното и до селото Волче — последното, најсеверно село во општината Македонски Брод); свртевме лево по тесен макадамски пат, навлегувајќи по каменестото тло послано меѓу шпалири од гранки и дрвја. Прво нè поздрави убавото дрве-

но мовче и ни посака среќен пат по нагорнината. А угоре веќе нè чекаа Кичин — првата месност пред Добра Вода. Потоа следуваа Дреновец, Јанчевци, Ќулковци, Сејдија, Аслана и Ролушина (позната и по црквата „Света Богородица“). Од Аслана патот ќе нè качи право во Горно Ботуше. Навистина, за дотаму, има и друг, сличен макадамски пат од правецот на Гостивар; преку Трново, Пеклишта, Аслана. Тој пат го користат повеќе ботушаните иселени во Гостивар, Брвеница, Тетово, Сараќино. Трет пристап до Горно Ботуше е можен преку Бенче, но само за одење пеш, тој не може да се мине ни со теренско возило. Се излегува прво до населбата Средок, а потоа преку долот - до училиштето и центарот на селото.

Вреди да се нагласи дека во приоритетните проекти на општината Македонски Брод за следниот период спаѓа и модернизацијата на патот до селата Долно и Горно Ботуше (од Долно до Горно растојанието е околу 4 километри). Напоредно со тоа, неизоставно треба да се истакнат и најновите мерки на Владата на Република Македонија од 2016 година, со кои се нудат низа поволности за сите оние што сакаат да се вратат во куќите во родните села; под одредени услови и субвенции - или да ги обноват постојните, или да си изградат нови!

Патем сѐ уште размислував за податоците што ги добив од Матичната служба при Месната канцеларија во Самоков. Овде посочени, тие секако ќе бидат скапоцен прилог кон осознавање на развојот и падот на населението во ова поречко село во еден подолг изминат временски период.

Еве како изгледало тоа:

Наталитетот - прирастот на новородените деца ќе го проследиме дури од 1900 година, откако постои евиденција за тоа. Така, на пример, во Горно Ботуше во таа година се заведени 5 новороденчиња. Или, гледано дециниски: од 1900 до 1910 година — вкупно 33 новородени бебиња. Од 1911 до 1920, рекордна е 1919 година со 10 новородени, или во тие 10 години вкупно 46 запишани раѓања. Од 1921 до 1930 - 120 новородени горноботушанчиња. (Само во 1922 и во 1923 година - по 18 годишно.) Од 1931 до 1940 - вкупно 137! (Најродна е 1937 година со 22 евидентирани новороденчиња.) Од 1941 до 1950 - 154! (Само во 1942 - 21 новородено дете!) Од 1951 до 1960 година, Горно Ботуше бележи прираст од дури 189 бебиња. (Во таа деценија, најмногу се родените во 1956 и во 1960 година: исто, и во двете години: по 25 бебиња!) Од 1961 до 1970 година наталитетот во Горно Ботуше уште повеќе се зголемува: 214 новородени. (Рекордна е 1967 со 31). Од 1971 до 1980 - 117 запишувања. (Најмногу во 1976 - 17). И, што се случува одеднаш?! Нека зборуваат фактите. Од 1981 до 1990 – во десет години – во Горно Ботуше е родено само едно бебе, и тоа во 1984 година! А веќе од 1991 до 2000 година – ниту едно! И не само тоа. Иста е ситуацијата и од 2001 до 2010, и од 2011 до ден-денешен!

За венчаните бракови во Горно Ботуше не постои евиденција од многу дамнешните години. Таква евиденција е воспоставена од мај 1943 година, кога е заведен и првиот склучен брак; а веќе во 1947 и 1949 година склучени се по 11 брачни заедници. (Или вкупно во тие седум години од 1943 до 1950 - 27 бракови.) Од 1951 до 1960 – вкупно 40. Од 1961 до 1970 – 53. (Рекордна е 1963 со 10 венчавки.) Од 1971 до 1980 – вкупно 51. (Само во 1973 – 13.) Од 1981 до 1990, во 10 години – 8 склучени бракови. И од 1991 до 1996 - три венчавки; додека од 1996 година до ден-денес - во цели 20 години - нема ниту едно венчавање!

А како одело „заминувањето од овој свет во одаите на вечноста“? Овде се податоците и за тоа. Од 1919 до 1930 во Горно Ботуше почи-

нале 47 жители; од 1931 до 1940 – 31; од 1941 до 1950 – 41; од 1951 до 1960 – 42; од 1961 до 1970 – 26; од 1971 до 1980 – 27; од 1981 до 1990 – 9; од 1991 до 2000 – 11; од 2001 до 2010 – 6; и од 2011 до 2016 – 3. (Двајца во 2012: Милорад Вибоски, роден 1934 г., и Мито Костадиноски, роден 1928 г.; додека во 2016 година, на 90-годишна возраст, ја успокоила својата душа една од последните ботушанки Ружица Новеска – родена 1926 година). Нека им е лесна земјата и вечна им слава, и ним и нејзе; и на сите покојни!

Општ впечаток што може секој да го стекне проследувајќи го животот на жителите на Горно Ботуше, во минатото, а и во поново време, е дека овде, во оваа убавина, на овој чист воздух, во оваа прекрасна еколошка средина, со чиста, органски произведена и здрава храна, се живеело и се живее долго. Тоа не го покажуваат и докажуваат само долговечните ботушани, кои претходно ги спомнав. Таков бил, на пример, и стариот Дамјан Стојкоски, дедо по мајката на Саво Костадиновски – Благуња, кој живеел 109 години. (А овде, на фотографијава е снимен „на млади години“ – на својата јубилејна стота година).

Дознав и од некои други, можеби не толку сигурни и официјални извори, но искажани од негови жители, а тоа е податокот дека во периодот помеѓу 1960 и 1980 година – од во тој период над илјадата, сега со сигурност е познато дека таму живеат уште 8 постојани жители, од кои само две се жени! Сепак, освен тие постојани жители, за ботушани се сметаат и неколку стотина повремени, ексграѓани на Горно Ботуше, или нивни потомци, викендаши, кои го посетуваат одвреме-навреме; кој почесто, кој поретко, но најчесто во периодот на бербата на костените!

Податоците за некогашниот наталитет во Горно Ботуше се потврди и од искажувањата на сите соговорници со кои разговарав во врска со тоа. Сите тие беа едногласни: во некогашните „најродни“ години ниедно семејство во селото не било без повеќе деца. Во просек земе-

но, 6-7 детски гласчиња редовно ја распевале и ја веселеле куќичката мила. Таа мила, тие уште помили. (Та, не случајно овде сретнав човек со име што не сум го слушнал на ниедно друго место: Милија!) Имало фамилии и со 12 и со 13 деца. Тоа е случај не само со луѓето од селото со други занимања: сточари, земјоделци, воденичари, ѕидари, занаетчии, туку и со учителот во селото. Така, и „даскалот“ Димко Здравески и неговата сопруга имале 8 деца. (Него со восхит и почит го спомнува секој зашто и тој – впрочем, како и сите учители и учителки, откако нивните некогашни ученици ќе излезат на свој пат и ќе станат свои луѓе, ќе станат возрасни луѓе – на ботушани од ден на ден, од година во година, сè додека се живи, им станува уште подраг и поомилен, и сите постојано и радо се сеќаваат на него).

ЗЕМЈА. СОНЦЕ. ВОДА. ВОЗДУХ.

Селото Горно Ботуше, со неговата површина – атарот на кој се протега спаѓа меѓу најширните во општината. Тоа е одамна електрифицирано, исто како и соседното Долно Ботуше.

Покрај селските чешми, има и свој водовод, доведен од месноста Студен или Буките, под падините на планината Добра Вода. Поголем дел од куќите одамна си вовеле водоводни мрежи во своите домови, па и чешми надвор, пред куќите, како оваа крај која ја снимив една од моите соговорнички, „новодојденки“ во селото.

Очебијно, ботушани со вода никогаш не биле скудни. Си имале и си имаат и „своја“ – Ботушка Река, притока на Мала Река. Мала, мала, но долева доволно вода во коритото на бучната Треска. Значи, бујната вегетација во и околу Горно Ботуше не е случајна. А таа, водата, како и сето она што го спомнав во меѓунасловот на ова поглавје, дава огромен придонес за убавините на овој крај. Бил убав некогаш. И сега е убав. Ништо не загубил од својата убавина. Неговата природа, растителниот и животинскиот свет – сè е исто, негибнато. Би рекол: и поубаво е од некогаш. Прекрасен дел на оваа наша преубава Македонија. Жуборот на водите не престанал. Појот на птиците не замрел. Растежот на костените не запрел. Само луѓе, луѓе нема. Заминале некаде. Дали на подобро? Таму каде што ни сонцето посилно не пече (та овде има и топли, и претопли летни денови, но и сенчести места за тој период во недоброј; па дури, овде, во нивна близина, имаат и ридови Присојница и Осојница!); ниту поздрав ниту поубав воздух дишат, ниту по погостопримлива, ниту по поплодна земја чекорат. А земјата овде? Каква е? Добра земја, подобра, сто насто подобра од таа што познатата американска писателка Перл Бак ја опишала во својот најпознат роман со тој наслов – за земјата во која престојувала. „Земјата овде раѓа

сѐ, може да роди сѐ, освен банани, лубеници и грозје!“ – како што низ шега ни ја долови ботушанскиот „Штудгардец“ Стојадин.

КОН ЦЕНТАРОТ НА ГОРНО БОТУШЕ - КОСТЕНИ И КОСТЕНАРИ

Прв од луѓето, поранешни жители на Горно Ботуше, а сега би рекле – од дојденците, сретнавме – кој друг, ако не костенар. Качен речиси до врвот на огромното костеново дрво, со стап в рака речиси три пати подолг од него, удираше по гранките закитени со зелени „мини-ежиња“. Тие прекрасни, вкусни плодови, пред да станат варени или печени, убаво се заштитиле: со двојни „оклопи“. Од кого? Од луѓето сигурно не можат и не успеваат. Ќе ги соборат долу, ќе ги симнат наземи, секако, ако тие претходно сами не решиле и не се согласиле да им ја олеснат работата на упорните костеноберачи. Кој да ги чека ветровите? И – чиј плен ќе бидат тогаш? Ако, нека има храна и за птиците и за дивите свињи, а најмногу за верверичките за да ги дополнат своите амбари со резервна храна, оти овде никогаш не се знае зимата колку ќе трае и колку време снежните јоргани ќе ја покриваат земјата.

Го снимив Драге Зафироски, сега жител на Брвеница, во близина на Тетово. И мајка му Менка, и татко му Пројко, некогаш овде го береле истиот костен. А неговите деца? Живи биле, па виделе...

Во Вратница, под Шар Планина, во Љубанци и Горно Нерези, во близина на Скопје, во Смоларе, Струмичко, во околината на Дебар, како и во неколку села над Велес, секаде ќе ви кажат дека нивните костени се најдобри, највкусни, најблаги. А кои навистина се? Тешко е и неблагодарно да се даваат такви констатации и изјави, но ботушани велат дека нивните се „на прво место".

На ширинката што може да се нарече центар на селото, нѐ чекаа десетина возила со разни марки и регистарски таблички. Формирале редица, застанувајќи едно зад друго според правилото „кој како стигнал". Значи, успеале да стигнат! Како, тие си знаат, но важно – тука се и веќе сите излегле од нив и веројатно се здале „во поход" по костени? (При ваква глетка, некој можеби ќе помисли и ќе рече: кога сезоната на зрели костени би траела преку цела година – цела година би врвеле низ Горно Ботуше стотици луѓе, а не...)

Впрочем, некои од дојденците можеби се здале и во берба на печурки? Во овој период врганот го имаше во изобилство, а и откупната цена не беше за потценување. Како и да е, што и да е – вреди да се собере. Печурките се сечии, но секој костен овде си има свој „сајбија", свој сопственик, свој берач. Ретко се случува некој да собира од туѓи. Тоа може и дозволено е по „главната берба", која обично секогаш се одвива на големиот македонски празник 11 Октомври. (Исто како и во љубанечкиот крај, на Скопска Црна Гора, а веројатно и во другите македонски региони со костенови шуми.) А потоа – ако овде или некаде на другите овде наброени предели, а и на оние за кои навистина не се спомнати, а и на нив се вишат вакви џиновски дрвја, – не сте набрале и

собрале од нив, тогаш повелете на „Костенијадата“, која во месец ноември се одржува во Македонски Брод!

Во шумите ботушки беше сосема очигледно дека доминираат костенот, буката и дабот. Има и лески, а овде-онде, гледајќи пониско за да најдам и јас некаква печурка под костеновите, буковите или дабовите дрвја, забележав и брези. Бели, лични, ко млади невести... Ех, си реков во еден момент, кога место нив (или воедно со нив!) вака би нѐ пречекувале овде во селото и вистински невести, па макар и „увезени“ од други земји, од Русија или од Албанија, како што во овој крај, а и во некои други наши краишта, се практикува во поново време: најчесто некои „постари ергени“, бидејќи нашинките не сакаат живот на село – си доведуваат животни сопатнички од други земји! Невести што бргу се приспособуваат на новата средина; а такви какви што се, вредни и работливи, брзо го учат и македонскиот јазик. Со нив нашинците си создаваат семејство, се раѓаат дечиња, со сеопшти благослови и на обострана радост и среќа.

БОТУШКИ ЗАНИМАЊА: РЕДОВНИ И „ВОНРЕДНИ“

Населението на Горно Ботуше од памтивека наваму се занимавало пред сѐ со земјоделство и со сточарство. Од житните растенија се сееле најмногу ’рж, јачмен и овес. Но, и пченица и пченка. Житото го складирале во дрвени амбари, а го мелеле во некоја од трите воденици во кои жителите на Горно Ботуше можеле во секое време да ги донесат полните вреќи со златоносни зрна. (Сега ние можеме само да си замислиме какви лебови, погачи, зелници со зелје, штавеј или праз или други месеници подготвувале потоа вредните ботушки домаќинки во фурните по дворовите или во старите и незаборавни шпорети на дрва!)

Секоја фамилија чувала и домашни животни. Некој повеќе, некој помалку. Овци, крави, свињи, кокошки, коњи. Најмногу овци. Според одредени податоци од 1968 година, направени од ветеринарните служби што вршеле вакцинација на стоката во тој регион, во Горно Ботуше некогаш се чувале и до 300 грла крупен добиток и до 12 000 овци. (А тоа што може да значи: 12 000 јагнења, 12 000 првокласно овчо сирење...) Тие создавале храна, а храна и за стоката имало доволно од бујните треви по ширните ботушки ливади. Што се однесува, пак, на козите – за нив и тоа што расте по карпите е леснодостапно и сосема доволно.

Сите ботушани биле и овоштари. Имале свои овошни градини или градинки околу куќите, засадени со разни овошни дрвја: јаболка, сливи, ореви, круши. Береле плодови „за своја душа“, а и за на пазар. „Печеле“ и ракија од сливите и од „вишокот“ јаболка. (А сега, по сè изгледа, овде набргу ќе вари мештанинот Велимир, кој веќе ги имаше подготвено пластичните буриња со комиње, наредени крај sидовите. А можеби уште некој?)

Во врска со ракијата и со нејзиното консумирање, интересно е да се соопшти една анегдота што ја слушнав во Самоков. Чекајќи превоз до Горно Ботуше, и јас се вклучив во разговорот што во „централната“ продавница во селото, покрај чашките крај себе, ги водеа неколкумина селани. Некој од Горно Ботуше, некој од Долно Ботуше, а некој од Самоков. Меѓу другото, тема е и ракијата што годинава се подготвила или допрва ќе се подготвува. Притоа, поента на сите коментари на таа тема најискрено и најпрецизно даде младиот Гоце Кофилоски од Самоков, чии родители, како што се пофали тој, потекнуваат од Горно Ботуше: „Многу, многу ракија се произведува во овие наши краишта, но изгледа не ни стигнува!“ „Затоа и се дополнуваме низ кафеанчињата – дополни друг – таму некако ни се чини послатка...“ Сите се насмеавме и – наздравивме.

Есенва, на септемврискиот Саем на медот, кој веќе неколку години по ред се одржува во главниот град на нашава држава и на кој редовно се снабдувам со десетина килограми мед; нешто малешевски, нешто прилепски; купив и поречки. Кој од кој поубав. Сега, овде, тргнат низ овој дел од Пореч, здаден кон Горно Ботуше, за чудо, не забележав многу сандаци со пчели околу-наоколу. Ниту еден ботушки пчелар! Сепак, некој до неодамна своите улишта ги чувал пред училиштето во Горно Ботуше. (Вредните пчелички крај училишните клупи! Каква симболика!?) Но неодамна ги повлекол во Долно Ботуше. Можеби се исплашил од мечките, кои често покрај другите штети што умеат да ги направат, неретко сакаат да украдат и туѓ мед? Не, сигурно не е тоа причината зашто само некои ловци „се пофалија“ дека имале „блиски средби“ со мечки. Притоа, секој од нив се снаоѓал како што знаел и умеел и постапувал на свој начин. Сепак, како и да е, не се помни дека некој жител на Горно Ботуше настрадал од тој вид заштитен дивеч.

Дека пчеларството овде има перспективи, жив пример е и мојот возач, мојот придружник од Самоков до Горно Ботуше, Драган Симјаноски, кој освен со превоз на патници на разни дестинации, најчесто низ Пореч, како што веќе претходно истакнав, се занимава и со пчеларство. Годинава извадил над 200 килограми првокласен мед. И неговиот мед, како медот на другите пчелари од оваа област, е најчесто шумски, костенов и дабов. Темен. Килибар. Амброзиумски, би рекол. Токму таков каков што најчесто го консумираме ние, во нашето семејство, иако и посветлиот, ливадскиот, не е за потценување.

За разлика од тие „занимања“, кои веќе се подзаборавени и поттурнати во заднина, има и такви, „споредни“, кои бележат процут. Едно од тие, а можеби и главно, е – собирањето шумски плодови и дарови од природата.

Во атарот на Горно Ботуше и во неговата поблиска и подалечна околина, жителите на селото отсекогаш собирале лековити билки, за подготовка на чаеви; здрави и пријатни напивки, за редовна консумација, но посебно за в зима. Многу од нив им биле и замена за лекарства. Мајкина душичка, кантарион, жолт и црвен, диво и питомо нане, попадиче. Многумина, кои ќе набереле поголеми количества, откако ќе ги исушеле, ги носеле и за откуп во блиските откупни станици за билки и шумски плодови. Собирале и мов, и бобинки од смреки. Солидно биле плаќани и набраните боровинки, кои ги имало и сè уште ги има на планината Добра Вода. И тие се дар од природата за вредните ботушани, бидејќи не секоја планина во Македонија може да се пофали дека ја красат тие темносини, модри бисерни зрна. Потешко, но поправилно било берењето рачно, зрно по зрно, но подоцна, откако ги „смислиле“ и почнале да ги применуваат направите за берење наречени „чешли“, се правела штета на сè уште недозреаните боровинки, бидејќи „чешлите чешлале“ сè, и зрело и зелено. Немале сензор за селектирање по зрелост.

За собирањето смрекинки веќе само од себе се подразбира дека тие не се берат зрно по зрно. Стратегијата била мудра: со ракавици лете и наесен – намести шаторско крило или черга под смреките и – удирај, удирај; чукај, чукај, додека платното не се прекрие со бобинки. Во еден ден многу берачи полнеле и по неколку вреќи. Шипинките, пак, биле уште потешки за берење, но и од тоа никој не се плашел. И капини сретнавме на многу места наоколу, па многу тегли ќе останат празни, без прекрасното слатко од капини. А некогаш сигурно не било така...

Не само во Горно Ботуше, речиси низ цело Пореч има цели самородни „плантажи“ на „шумско месо“ – печурки. Од јадливите видови: пред сè, врган, лисичарка и „јајчара“ (благва или царица). Нив луѓето од овој крај одлично ги распознаваат. За среќа, ги распознаваат и отровните и ниту во еден миг досега моите соговорници не спомнаа случаи на труење со отровници, како што имало во многу други краеви во нашава земја; во Тетовско, во Кривопаланечко, во Делчевско. Не-

кој низ шега (црн хумор, навистина!) ја кажа мислата: „Сите печурки се јадат! Но, некои – само еднаш...“ Нашиот „главен соговорник“ на оваа тема, господинот Милија, ги знае и мувоморката, и пантеровката, и лажната лисичарка, која расте на пенушки и на гнили стебла од дрвја. И „јајчарката“ како да ја разликува од отровните пупавки со кои има доста сличности.

Милија Здравески, роден 1953 година во Горно Ботуше, сè до 1976 година живеел во родното село. Во својот роднокраен живот се занимавал со сточарство и со земјоделство. Откако завршил средно училиште, работел и како продавач, и како машински техничар, и како трговски патник, и како музичар (свирел на хармоника), и како возач, и како фотограф; и можеби затоа неговите семејни фотоалбуми видов најмногу фотографии од некогашниот живот во Горно Ботуше. Некои од нив и трајно ми ги отстапи, но јас му ветив дека ќе му бидат вратени. Тој ни раскажа дека во едно лето, некаде во седумдесеттите години, само од собирање печурки заработил околу 7 000 германски марки (валута во која тогаш сите пресметувавме сè). Имал собрано и исушено и со својата сопруга наполнето десетици вреќи сушени вргани, а продал и којзнае колку свежи. Прва класа. Од печалбава купил мебел за цели соби и пак му преостанале „маркички“ за со нив да „лепи“ други потребштини. Кога отишол во Прилеп во продавница за мебел, носел цела вреќа банкноти и кога ги извадил пред себе, зачудениот продавач го прашал со недоверба: „Од каде ти се толкуте пари, да не си опљачкал некоја банка?!“; Милија искрено му одговорил; „Од печурки“. „Чинам – продолжи тој – откако од мене, а и од други луѓе што на-

правија и куќи од собирање печурки, се прошири информацијата дека врганот и лисичарката, со кои изобилуваат нашите ридски и планински терени, се доходовен бизнис – народот наш, како 'златна треска' го зарази печуркарството и луѓето почнаа сè почесто да берат и да собираат. И сега – дополни Милија – нема човек во Горно Ботуше и во целиот поречки регион што не ги познава врганот и лисичарката; а на добар дел од нив тоа им е или 'споредна' или дури и главна 'дејност'. Зашто најчесто цената на еден килограм сушени вргани изнесува од 800 до 2000 денари, а свежиот врган се откупува од 80 до 180 денари килограм, во зависност од квалитетот". (Иако цените варираат од година во година и од месец во месец, па дури понекогаш се менуваат и седмично. Тоа важи особено за свежиот врган, па затоа собирачите овде почесто „играат на посигурна карта": ги сушат на специјално направени „леси", а потоа кога ќе посакаат – тогаш ќе ги предадат во откупните пунктови). Штета само, голема штета е ако собирачите не ги сечат „коренчињата" со ножеви, туку ги корнат сосе подземниот дел. Така се намалува родот за следната година".

ЖИТЕЛСТВО, ИСЕЛУВАЊА И – „ДОСЕЛУВАЊА"

Марица и Велимир Крајчески се единствените брачни другари што живеат во Горно Ботуше. (Воедно, таа, Марица, и една година помладата од неа, Олга Маџоска, родена 1938 г., се единствените жени постојани жителки на селото!) Го закитила балконот на куќата со нанижани црвени пиперки. Сопствено производство. Од нивната градина. По-

така, крај ѕидот – нанижани и буренца со „суровина“ за правење ракија. Ќе има лута. Велимир, мераклија на ракија, ама – со мерка, како да знаеше дека го чекам, набргу пристигна со натоварениот коњ, неговиот неизбежен другар за транспорт на сето она што претходно го собрал или набрал. Додека тој го растоварaше коњот, Марица се расприкажа.

И без да ја прашаме за годините, ни обелодени дека таа е 8 години постара од нејзиниот Велимир: тој имал 69, а таа 77 години. А кој би им дал толку?! Изгледаа како момче и девојка во втора доба, а не како возрасни од „трета доба“! (Иако, рака на срце, некои од нивната многуброjна челад веќе врват натаму...)

И тој и таа разговорливи и скромни, простодушни, се фалеа од животот овде. За друго, за нивната вреднотија, за скромноста што ги краси, во ниеден миг не помислија да се пофалат. Зборот мрза за нив е непознат збор. Другите присутни, кои наидоа, имаа само пофални зборови за нивната доследност и верност кон родниот крај. Ѓоре Аврамоски, Слободан Новески и Зоре Маркоски, пред да тргнат нагоре, кон чешмите и кон нивните костенови дрвја, истакнаа дека за Велимир слушнале од други; а често и овде, на самото место се уверувале по тоа каде и до каде сè бил во тој ден; дека секој ден минувал и по 30 километри. Не знае за запир и одмор и тоа му ги одржува крепкоста и здравјето.

Веќе напишав еднаш, но пак ќе повторам: вистинските, сегашни жители на Горно Ботуше, тие, ваквите, како Марица и Велимир, не се веќе ни колку прстите на двете раце. Покрај веќе спомнатите, овде се и Маџоски Гоце (р. 1968 г.), Маџоски Борче (1966), Новески Слободан (1956), Новески Цвете (1968) и најмладиот – Новески Мирослав (1975).

Па, каде сте тогаш, ботушани? Каде отидовте?

Нема тајни, нема непознајност. Тешко е само најпрецизно да се одговори каде отишле најмногу?! Во Македонски Брод, Кичево, Брвеница, Сараќино, Скопје, Тетово, Гостивар (особено во тамошната населба Циглана, за која велат дека секој втор жител бил ботушанин!). А не е мал бројот и на оние што отишле на печалба, во туѓина: во поблиски или во подалечни земји, пред сè во Германија (најмногу во 1968 година), но и во Австралија и во Канада. Најмасовното напуштање на родното село се смета дека се одвивало во годината кога почнала со

работа текстилната фабрика „Тетекс“ во Тетово. Тогаш многу девојки и жени заминале да се обучат на курсеви за шиење и да се вработат „на државна работа“; а и некаде во 1973-1974 година, кога во селото Сараќино, Тетовско, се преселиле педесетина домаќинства!

Меѓу неколкутемина овде присутни, што би рекле: одамна иселени, а сега времено „доселени“ овде, во соседството на Марица и Велимир, забележав уште две другарки, кои докажаа дека Марица овде не е единствената. Нешто погоре стоеја Ана и Верка. Покрај расприкажаните мажи, како добри домаќинки, обете нѐ поканија на кафе. Ниту јас, ниту Драган не бевме за две, доволно ни беше и по едно. Решивме да го пиеме кај Стојадин и неговата сопруга Верка Јакимоска (моминско Костадиноска), на нивниот широк „чардак“ во пространата, голема и убава куќа, со високи и ширни порти, спроти куќата на Ана и Трене Маркоски, кој исто така ни се приклучи. Имаа многу сличности во нивните животописи. И едната двојка и другата се иселиле во приближно ист период, само што едните отпатувале и останале во Брвеница, Тетовско, а другите заминале да живеат и да работат во градот Штутгард, во Германија. И двете брачни двојки преку љубовта што никнала и бликнала во родното Горно Ботуше – и ја овековечиле таму; а потем, преку оформената брачна заедница, еве, се одржала и трае до денешни дни. Дошле овде, во драгиот роден крај – во кој живееле до седумдесеттите години – на неколкунеделен престој.

Стојадин малку повоздржан во искажувањето на своите чувства и размислувања, иако тие лесно се насираа и читаа од неговото лице, Трене, пак – весел, разговорлив, само човек да има доволно време, ќе може со часови и часови да го слуша.

И многу, многу нешта да дознае и да научи за овој крај. За луѓето, куќите, шумите, за настаните одамна изминати; за оние што како тивко пролетно ветре ги галеле покривите на куќите, внесувајќи во домовите дополнителна топлина низ оџаците, но и за оние што како остри зимски ветрови ги нишале и ги кршеле и сувите и кревките ветки на овошните и на шумските дрвја. За родните и неродните години. За онаа 1956 година, кога Трене и неговите домашни чувале 200 овци, кога ожнеале 130 товари жито, кога со двата коња што ги чувале како од шега ги минеле сите пазари во околните градови...

Не останавме само на кафето. Домаќинка си е домаќинка, па каде и да е. Пред нас веќе е понудено и јаболка, и ракија, и сок. Па, кој за што е – нека повели. Нека повели и на носталгични сеќавања и евоцирања на спомени од детството и од оние „луди–млади“ години, кога момчиња и девојчиња станувале сопрузи и сопруги. Кога Стојадин со леснотија се качувал по јаболкниците и берел по десетина тони јаболка. Кога тој, заедно со Трене, двајцата, здружно, го смениле покривот на селската црквичка на ридот Расое и ја спасиле од пропаѓање... (Тоа како настан од нешто поновото време, за кој исто така обајцата се сеќаваа и говореа со искричави очи, оти, очигледно, обајцата биле и останале големи верници).

Веруваат и во себе, веруваат и во иднината, и во своите наследници, и во просперитетот на Македонија, кој никогаш нема да запре. Македонецот си е Македонец, па каде и да е. Тој го чува како реликвија и како најголемо богатство знамето на Македонија и таму, во Штутгард. А неслучајно и овде, на амбарот е исцртано едно од знамињата наши – кое од кое поцрвено, кое од кое повековито, помило – знамето од Вергина.

– Не е точна онаа народната изрека: „далеку од тебе – далеку од срце“! – категорички тврди Стојадин. – Во однос на Македонија, јас тврдам дека е поинаку: далеку од Неа – блиску до срце! Тоа го докажува и мојот син Далибор, кој постојано ни јавува дека едвај чека да дојде тука, кај нас, во родното село на своите родители!

Шетајќи низ Горно Ботуше не сретнував само стари куќи. Имаше и такви каде што покривот и темелот се соединиле, се сретнале на исто ниво, долу, на тлото. Но видов и регистрирав и неколку нови куќички. Зидани во недамнешно време. Со убави, печени, црвени тули. Нивните сопственици биле жители на Гостивар и на Скопје и повремено доаѓаат за време на викендите и на празниците.

СРЕДОК Е СВЕДОК

Да, да, токму така. Населбата Средок во Горно Ботуше, која се наоѓа на истоименото ритче, е сведок на многу нешта за кои овде ќе стане збор. На многу значајни настани поврзани со семејството Костадиновски и со нивната огромна семејна лоза.

Фотографијава ја снимив од далечина. Од над селското училиште – на спротивната страна од Средок. Среде широкото зелено „небо“; под она другото, синото, погорното; гледаш нанижани круни од дрвја: буки, дабје, костени, ореви. Меѓу нив – неколку црвени „круни“ покриви на куќички. Сочувани. Лични. Една од тие куќички е и онаа на авторот на оваа книга, писателот Саво Костадиновски.

Ја изградиле неговите родители, неговите дедо и баба, некаде по Втората светска војна, откако старата куќа на спротивната страна од Средок им изгорела од пожар. (Тука, во нејзина близина е и селското црквиче, кое е обновено од жителите на селото, но и од неговите поранешни жители). Распослано некаде меѓу повисоките ридови Осојница и Присојница, под Добра Вода, ритчето Средок е сведок и на најраното детство на сите вредни ученици што од оваа населба секој училиштен ден го изодувале патот до училиштето и назад. Меѓу нив, се разбира, и ученикот Саво.

Сум слушнал и прочитал дека во многу земји по светот, речиси сите луѓе, сите семејства, од постари времиња до денес, имаат увид во своето таканаречено семејно, родословно стебло. Точни податоци за сите свои предци, блиски и подалечни

роднини, и упорно си водат записи за нив. Кај нас, за жал, чинам, малкумина го правеле и го прават тоа. Та, можеби има и такви нашинци што не само што не ги знаат имињата на своите прапрадедовци, туку не можат да се сетат ниту на своите прадедовци! На својата најблиска рода по татковска или по мајкина линија!

За среќа, не е таков случајот со семејството Костадиновски, чии корени се длабоко вкоренети во тлото на поречкото село Горно Ботуше. Родословното стебло на Костадиновци од Горно Ботуше со многу нешта асоцира и може да се спореди со огромен, стовековен, па и повеќевековен костен. Стебло со гранки широки и високи, разгранети, вековити и – неуништиви. Ајде, тогаш, да го проследиме.

Растежот на родословното стебло на фамилијата Костадиновски, или Костадиноски според податоците што ги добив од матичарот Љупчо Велевски, тргнува и тече вака:

За Костадиноски Костадин и за неговата жена Костадиноска Евдокија, родени пред 1900 година, нема податоци за датумите на раѓањата. Нема ни за Костадиноски Аврам, ни за Костадиноски Мојсо. А потоа следуваат овие записи:

1.Јанкоски (Костадиноски) Анастос, роден 1900 г. во Горно Ботуше од мајка Кофила и татко Аврам. Умрел 1982 г. во Горно Ботуше.

2. Костадиноски Мито, роден 1928 г. во Горно Ботуше од мајка Темјана и татко Анастос. Починал 2012 г. во Горно Ботуше. (За да не го повторуваме натаму местото на раѓање, нагласуваме дека тоа е родното место и на сите следни имиња.)

3. Костадиноски Јанко, роден 1932 г. од мајка Темјана и татко Анастос. Преселен во Тетово.

4. Костадиноски Огнан, роден 1915 г. од мајка Милка и татко Мојсо. Умрел 1972 г. во Горно Ботуше.

5. Костадиноски Сергенија, роден 1920 г. од мајка Милка и татко Мојсо. Починал 1998 г. во Гостивар.

6.Јанкоски Ѓенче (со Решение од 1965 година го сменил личното име на Костадиноски Јане). Од мајка Милка и татко Мојсо. Умрел 2004 г. во Гостивар.

7. Костадиноски Дојо, роден 1925 г. од мајка Милка и татко Мојсо. Починал 2004 г. во Прилеп.

8.Костадиноски Боге, роден 1908 г. од мајка Милка и татко Мојсо. Склучил брак во Горно Ботуше во 1937 година.

9.Костадиноски Захарија, роден 1938 г. од мајка Радивојка и татко Боге.

10. Костадиноска Трена, родена 1941 г. од мајка Радивојка и татко Боге.

11.Костадиноска Милева, родена 1948 г. од мајка Радивојка и татко Боге.

12.Костадиноска Верка, родена 1951 г. од мајка Радивојка и татко Боге.

13.Костадиноски Видоја, роден 1948 г. од мајка Јаника и татко Огнан.

14.Костадиноска Петра, родена 1959 г. од мајка Јаника и татко Огнан.

15.Костадиноска Цвета, родена 1952 г. од мајка Јаника и татко Огнан.

16.Костадиноска Ратка, родена 1955 г. од мајка Јаника и татко Огнан.

17.Костадиноска Јагода, родена 1965 г. од мајка Јаника и татко Огнан.

18.Костадиноски Саво, роден 1950 г. од мајка Благуња и татко Сергенија.

19.Костадиноска Злата, родена 1952 г. од мајка Благуња и татко Сергенија.

20.Костадиноска Видимка, родена 1955 г. од мајка Благуња и татко Сергенија.

21.Костадиноска Нада, родена 1958 г. од мајка Благуња и татко Сергенија.

22.Костадиноски Цветан, роден 1955 г. од мајка Верка (Верослава) и татко Јанко.

23.Костадиноска Кофила, родена 1959 г. од мајка Верка и татко Јанко.

24.Костадиноска Ката, родена 1961 г. од мајка Верка и татко Јанко.

И – толку. Тоа е сè, дословно и добројно сè, сè што постои и е забележено во старите книги на Матичната служба во Самоков, а се однесува на семејството Костадиноски!

Но, за да нема некакви забуни, недоразбирања и противречности, дословно ќе го пренесам овде и родословот направен од авторот на книгава – за да не дојде до некакви изразити контрадикторности и реакции.

Неговата евиденција почнува од предалечниот предок Васил. Негови синови се Јанко и Костадин. Јанко имал тројца синови: Манасија, Аврам и Мојсо. И Костадин имал син по име Јанко и друг – Васил, кој загинал за време на Илинденското востание во 1903 година, во Крушево; додека, пак, Јанко во 1913 година се иселил во Австралија. Тој ги оставил како свои наследници Костадин и Сирма.

Од Манасија потомци се Душан (ќерка Стојанка) и Андоника со децата Надежда, Трајанка, Стојан, Зоре и Елица.

Од Аврам: Јоанче, кој немал деца, и Крале со неговите Златомир, Дано, Радивој и Ефто.

Мојсо имал 5 синови: Богдан, Огнан, Ѓенче, Сергеј (Сергенија) и Дојчин.

Богдан го наследиле: Заке, Трена, Милева, Верка, Вела и Донка. Огнан: Игно, Видоја, Цвета, Ратка, Петра и Јагода. Ѓенче: Сретко, Вукица, Анѓа и Снежана. Сергеј: Саво, Злата, Видимка и Нада. Дојчин: Јорданка, Гоце и Панда.

Тоа е она што треба да се запише за да се помни. Сè друго, кое е од поново време, без проблем може да го наведе секој, онака како што убаво го помни госпоѓата Милева Михајлоска од скопско Волково, инаку една од ќерките на веќе спомнатиот Богдан Костадиноски.

Потомци на Костадиновци се раѓаат и денес, во разни градови и села низ Македонија, а и во многу други земји од разни континенти на

светот, но – тоа е веќе друга, многу, многу поголема сторија, која може да биде само тема на некоја друга, следна книга од најголемиот дводомен писател од Македонија – Саво Костадиновски. Иако од 1960 г. е одвоен од родното село, тој преку неговите песни посветени на Горно Ботуше непрестајно бил и останал нераскинливо поврзан со него.

БИЛО – ПОСТАНАЛО, МИЛО – ОСТАНАЛО. И НЕ СЕ ЗАБОРАВИЛО...

Спомнав еднаш – пак ќе нагласам: сите некогашни ученици во училиштето во Горно Ботуше со љубов и носталгија се сеќаваат на своите училишни денови, на својот драг учител, Димко Здравески, и на безгрижното и среќно детство.

Во Горно Ботуше првото училиште е изградено во 1932-1933 година. Од кажувањата на осумдесет и двегодишниот Стоиле Јакимоски дознав еден интересен податок за тоа училиште, кој заслужува да биде запишан. За време на окупацијата на Македонија од страна на италијанската и на бугарската окупаторска војска, во времето на Втората светска војна, училиштето било претворено во караула (помеѓу селата Горно и Долно Ботуше била граничната линија од поделената македонска територија меѓу италијанските и бугарските армади). Така, Горно Ботуше било под италијанска, а Долно Ботуше под бугарска окупациска власт. При крајот од војната, италијанските војници си заминале и го препуштиле и Горно Ботуше на сојузничките бугарски окупатори. Сѐ до победничката офанзива на македонските партизани, меѓу кои имало и ботушани. Некои од нив подоцна зеле учество и на

Сремски фронт. Многу македонски борци, како што е и познато, останале засекогаш на боиштата по сремските рамници, а други, како Сергенија (Сергеј) Костадиновски, се вратиле ранети и со низа одликувања за нивната храбра борба.

Некаде во 1965 година во Горно Ботуше е изградено друго, ново училиште. На местото на старото. Преку целодневни акции, го граделе самите селани, меѓу нив и Стоиле. Според податоците што ги прибрав од него, оваа училиште повикувало ученици на часови сè до учебната 1975/1976 година. (Познато е – да спомнеме, како илустрација за бројноста на учениците во ова училиште – дека во учебната 1966–1967 година во него учеле 120 деца од прво до четврто одделение).

Училиштето било место на кое во месец мај се одржувале и Ботушките средби, кои опстоиле и се одржувале 7 години, некаде до 1990 година. На нив редовно гостувале и мошне познати македонски пејачи и пејачки. Така, меѓу другите, во 1985 година гостинка била и славната Васка Илиева. Тогаш музиката и песната нејзина ечеле и се слушале дури до Добра Вода и Челоица. Подоцна, Ботушките средби се преселиле во Долно Ботуше и се одржуваат во месец август на верскиот празник Света Богородица.

ОД „ПОСЛЕДНАТА“ КОН ПРВАТА НАША СТАНИЦА

На враќање од Горно Ботуше, со мојот сопатник Драган, поттикнати од една крајпатна глетка и попатно запирање, поведовме разговор за животот наш овоземен, но и за смртта, за умирачката, за гробиштата – нашата последна станица.

Жителите – некогашни, поранешни, и оние, најупорните, најприврзаните кон родните огништа, кои уште не дозволуваат тие целосно да им згаснат, па каде и да се – никогаш не ги забораваат и сè уште не ги заборавиле своите предци. Достојно ги чуваат, ги посетуваат и одржуваат нивните спомен-обележја. Секој според своите можности. И – речиси нема гроб со дрвен крст. Сите имаат камени и мермерни паметници. Да траат и да потсетуваат на животот некогашен. За последната човекова станица обично се вели дека е „со мирен сон“; и – каде и да е, нека е и нека биде... Само, само животот овоземен што подолго да трае!

Додека се спуштавме по надолничавиот пат и додека овде-онде патот ни го пресекуваше понекоја верверичка во потрага по нови купчиња зимница пред налетот на снеговите и силните ветришта, подолу од Долно Ботуше подзастанавме за да скинеме понекоја зрела капина. А таму, во далечините, веднаш под облаците и под белиот превез на маглините, се криеше врвот Солунска Глава, планинскиот врв на Јакупица, на 2 540 метри надморска височина.

Од десната страна на патот, нанижани меѓу зелените ридски „стогови“, повторно куќички! „Тоа е селото Косово“, – ми објасни возачот. „Интересен назив!?“ – прокоментирав кратко. „Кумот на моето првенче Дамјан ми е од тоа село, – продолжи тој. – И иако и дотаму патот не е ’сјаен‘, селото живнува. Се женат многумина негови жители, за кои се говореше дека одат накај „стари ергени“. Наталитетот почнува да расте. Се раѓаат деца. И училиштето, кое беше без ученици, ќе проработи. Луѓето таму стануваат сè посреќни. Очигледно, децата на младите, внучињата на постарите жители – им ја прават среќата“...

Потврдив.

Та, кој човек не би се согласил со тоа?!

Саво Костадиновски

МОНОГРАФСКИ СЕЌАВАЊА И ЗАПИСИ ЗА ГОРНО БОТУШЕ

МЕСТОПОЛОЖБА

Селото Горно Ботуше се простира во подножјето на планинскиот масив од планината Добра Вода. Јужно од селото Горно Ботуше се наоѓа селото Долно Ботуше. Двете села се со по неколку маала, распослани сѐ до реката Мала Река, која тече низ селата Косово и Растеш. Тука, покрај Мала Река (притока на реката Треска), врви и патот преку Самоков за Македонски Брод.

Селото Горно Ботуше е распослано на убави планински предели, со релјефи на испреплетени планински вериги. Источно граничи со селото Бенче, западно со селото Битово, северно со планината Добра Вода, а јужно со селото Долно Ботуше.

СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

Патот од Македонски Брод преку Самоков до селото Растеш е асфалтиран, додека патот преку селото Долно Ботуше за Горно Ботуше е макадам.

Честопати се случува за време на зимскиот период патот на некои места да биде непрооден и така останува – во зависност од снежните наноси – непрооден и неминлив за подолго време.

КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

Климатските услови во едно вакво планинско село – како што е селото Горно Ботуше, се разбира дека се изразито променливи во зависност од годишното време: зиме е изложено на северни ветрови со исклучително студени зими, а во летото климата е топла, особено тогаш кога е под поизразито влијание на „јужните бранови“ од Средоземјето.

ХИДРОГРАФСКИ УСЛОВИ

Што се однесува на хидрографските услови, во Горно Ботуше и во неговата околина има вода во изобилие. Покрај неколкуте чешми среде селото, надалеку познати се и Ботушките извори, а и водата што дотекува од изворите на подножјето на планината Добра Вода.

Голема веројатност е дека поради квалитетната вода за пиење и самата планина го добила името Добра Вода.

КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Иако селото Горно Ботуше навидум се наоѓа во изолирана средина, на подножјето на планината Добра Вода ботушани биле вклучени во текот на многу збиднувања со културно-историските карактеристики.

Тие со одделни свои збиднувања од таков вид се спомнуваат и во времето на османлиското и на српското владеење на овие македонски простори.

ЗАНИМАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Како и сите други планински села во Пореч така и населението во Горно Ботуше се занимавало со т.н. примитивно земјоделство; со градинарство и со одгледување домашни животни. Се сееле, пред сè, планински житарки, а богатите густи шуми им овозможувале на луѓето зиме да имаат доволно дрва за огрев и за други потреби.

Познато е дека некои занимања преовладувале и во форма на занает. Тоа е, пред сè – столарството. Правење врати, прозорци, амбари, столчиња, маси, колепки и други предмети изработени од дрвна граѓа, а не треба да се заборави и сидарскиот занает: градењето куќи и плевни, за кое ботушани покажувале врвно мајсторство.

ОСНОВНИ ЗАНИМАЊА

Основните занимања за планинското население во Пореч во прв ред биле тие што се неопходни за една нормална живејачка на секое семејство.

Истото важело и за селото Горно Ботуше, во кое доминирале основните занимања, кои биле неопходни за живот.

СТОЧАРСТВО

Одгледувањето домашни животни – сточарството, во овој крај се практикувало уште од најстарите времиња. Речиси секое семејство одгледувало ситен, а и крупен добиток. Некои семејства чувале и цели стада со повеќе од 100 овци.

Стадата летно време ги паселе по планината Добра Вода, а ноќевале во бачила, каде што се правеле кашкавал и сирење.

Зимно време стадата од селото Горно Ботуше ги терале покрај реката Треска, каде што климата е потопла.

ЗЕМЈОДЕЛСТВО

И земјоделството, како и сточарството, било едно од најважните основни занимања во селото. Од најстари времиња се орало со дрвено рало, а подоцна тоа било заменето со плуг. Плугот и ден-денес веројатно се користи затоа што во планинските предели е непристапно за моторни возила и за користење земјоделска механизација, како што е трактoрот. Плугот, како и дрвеното рало, го влечеле волови.

Штом ќе се изорала нивата, се сеело семето, а на крајот, последниот зафат бил влечењето со дрвена брана, која била направена од гранки, на која се ставало камења за да биде потешка.

ОРАЊЕ

Орањето во Ботуше се изведувало по есенските дождови затоа што тогаш почвата била влажна.

Есенското орање на нивите било од посебно значење затоа што тогаш се сеела пченицата ранка.

А напролет, штом ќе се изорале нивите, се сееле пченица, пченка, овес и друго.

ЖЕТВА

Во летниот период, штом ќе созреело житото, следувала жетвата, како една од најтешките работи во земјоделството.

За да им се олесни тешката работа на жетварките и на жетварите, се пееле жетварски песни. Всушност, како што е и општопознато, така настанале жетварските песни; и гледано од фолклорен и од практичен аспект.

Неретко, жетварите за време на жетвата биле облечени во народни носии, а во вид на симболика, се изведувале и разни ритуали, со цел работата да им биде позабавна и „полесна“.

ВРШИДБА

Последната земјоделска работа во годината била вршидбата. Штом ќе се подготвело гумното, се ределе и се разврзувале снопјето. Коњите, добропотковани, врзани за стожерот, се вртеле газејќи ги сноповите, така ја ситнеле сламата и ги одвојувале житните зрна.

А најнакрај, со помош на ветрот, се одвојувала плевата од житото и одвоеното чисто жито се сместувало во амбари.

ЗАНАЕТЧИСТВО

Во Горно Ботуше имало мал број занаетчии. Најважните занаети отсекогаш постоеле како кројачи, столари, бербери, сидари. Значи, најнеопходните занаетчии отсекогаш ги имало, како во селото така и во целиот поречки регион.

ТРГОВИЈА

Уште од старите времиња, „трговијата“ во селото Горно Ботуше претежно била со јаболката. Зрелите овошја селаните ги носеле на пазар во Кичево или во Македонски Брод, а понекогаш дури и во Прилеп. Тоа се правело најчесто еднаш неделно со коњски карван.

Потем, од парите добиени од продажбата на јаболката, се купувале најпотребните животни намирници: брашно, сол, шеќер, масло за јадење и друго.

СПОРЕДНИ ЗАНИМАЊА

Кај многу семејства едно од споредните занимања било пчеларството.

Покрај пчеларството, во селото Горно Ботуше имало и ловци на дивеч, а ретко кој мештанин не се занимавал и со варење ракија.

Имало и неколку воденици со воденични камења што ги вртеле водите на прочуените Ботушки извори.

ЛОВ

Селото Горно Ботуше е познато и по ловците. Мажите ловци ловот не го практикувале само за сопствените интереси, туку и за интересите на целото село, особено во одбраната од глутниците волци или од штетите што ги правеле дивите свињи.

Претежно се ловело со огнено оружје, но и со поставување стапици.

ПЧЕЛАРСТВО

Природата во Горно Ботуше е идеална за пчеларство. Пчеларите ботушки редовно успевале да направат извонреден шумски мед, а и други видови, во зависност од периодот во годината и од местоположбата на улиштата.

Медот, покрај тоа што го користеле за сопствени потреби, во „родните години“, преостанувал и за продавање, па така пчеларите ја подобрувале и сопствената егзистенција.

ВОДЕНИЧАРСТВО

Воденичарството како споредно занимање во селото Горно Ботуше било мошне развиено и успешно. Причина за тоа се Ботушките извори и изворите што извираат во подножјето на Добра Вода.

Воденичарството било неопходно за секое планинско село, па и за нашето.

РАКИЈА

Нема село во Пореч во кое не се вари ракија. Така е и во селото Горно Ботуше. Ракијата претежно се варела од сливи, а и од јаболка.

Ова споредно занимање на населението му овозможувало дел од ракијата да ја продава на пазар, но пред сè им служела за подмирување на домашните потреби: за слави, за празнични ритуали, за свадби и за разни други веселби.

ПЕЧАЛБАРСТВО

Печалбарството е познато во целото Пореч, па и во Горно Ботуше. На печалбарење се одело од разни причини. Познато е дека на печалба заминале голем број поединци, а и цели семејства, посебно по поделбата на Македонија.

Одењето на печалба за многумина означувало и трајна определба со цел да се остане во таа држава каде што ботушани се доселиле.

Статистиката тврди дека има стотици илјади отселени Македонци, како по европските земји така и во далечните, прекуокеански земји: во Канада, Америка, Австралија. Како резултат на сето ова е и денешната состојба: селото Горно Ботуше денес е останато со сосема малку жители, исто како и многу други поречки села.

ДОМАЌИНСТВА И ОРГАНИЗАЦИЈА

Домаќинските работи во семејствата во Горно Ботуше се организирале различно, со поделеност на обврските меѓу мажите и жените.

Во секое годишно време работите за сите биле значајни, одговорни и доста тешки. Особено во есента, кога била бербата на јаболката, крушите и на другите плодови.

Подготовката за зимата била сериозна и напорна работа. Обезбедувањето храна за добитокот за во зимата исто така носела голема одговорност и тежина.

Во пролетта и во летото, особено доаѓала до израз големата поделеност на обврските во домаќинството меѓу мажот и жената; особено тогаш кога мажите оделе на сезонска работа, а жените останувале дома со сиот товар од безбројните куќни задолженија.

ЛОВ И ЗАШТИТА

Ловот во селото Горно Ботуше е стар спореден занает, стар колку и самото село. Ловењето зајаци, лисици и срни и друг дивеч било како дел од секојдневниот живот. Но, имало и такви услови што наложувале потреби преку заеднички спроведените хајки сите селани да се организираат за заштита од волците и од дивите свињи.

ОТПОРОТ НА БОТУШАНИ

За време на османлиското ропство, отпорот на ботушани бил голем. Според раскажувањата на дедо ми Дамјан Стојкоски, дедо по мајка ми, кога тој станал комита, како „данок“, Османлиите ја грабиле неговата сестра и ја однеле во планинското село Ќафа над Кичево. Но, ете, по игра на случајност, дури по 65 години, тој повторно ја видел...

Вториот пример е прадедо ми Костадин Комитата, кој организирал група илинденци за земање активно учество во Илинденското востание, при што неговиот син Васил загинал во борбите. Неговата слава била уште поголема кога за него била испеана песната „Слушај кај шумат шумите“...

Вакви докази има доста, и тие ми дадоа повод поподробно да ги опишам во биографскиот роман „Трите века“.

БОТУШЕ ВО ВРЕМЕ НА СРПСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ

Како што се менувале владеењата така се менувале многу работи врз целото македонско население.

Читајќи некои текстови што биле напишани за време на српското владеење, дознав колку се влијаело и врз македонскиот јазик. Доволно е да се земе примерот на географските карти на Пореч.

Така, на пример, место Ботуше на географските карти стои Ботушје, место Требовле – Требовље, место Пореч – Поречје.

Сепак, и наспроти тоа, како што тврди науката, во Пореч, се зборува на најчист македонски литературен јазик, значи и тоа е потврда за силноизразен отпор и непокорност, исконска и неуништива желба да се зачува културната традиција на нашиот народ.

Не било лесно да се биде под кое и да е владеење и да се живее во неизвесност, не знаејќи кога сите возрасни мажи ќе бидат повикани во војна, а уште помалку се знаело дали живи ќе се вратат дома.

ЦРКВАТА ВО СЕЛОТО ГОРНО БОТУШЕ

Откако постои селото Горно Ботуше, постои и малата црквичка. Како за секое село така и за Горно Ботуше, црквата била многу значајна поткрепа на духовноста на народот.

Населението редовно ја посетувало преку целата година: на Божик, Водици, Велигден, Ѓурѓовден, на Мала и Голема Богородица, на Свети Никола, на крштавки, венчавки и за добро и за лошо; и кога некој ќе се роди, а и кога некој ќе умре.

ДУХОВНА КУЛТУРА

Несомнено е дека духовната култура на христијанското население во Поречје со векови била од изразито важен карактер.

Нема село во тој питорескен крај во Македонија во кое не постои црква, а така е и во селото Горно Ботуше.

РАЃАЊЕ

Во секое семејство денот на раѓањето на детенце било најрадосниот момент во опстојот на поколенијата.

До 40 дена жената што родила ја викале „родилка“. По раѓањето на бебето некој од домашните одел во црква за да донесе „молитва“ – молитвена вода што ја правел попот.

Ваквите ритуали, кога ќе се родело бебе, се пренесувале со векови, од колено на колено.

Мислам дека и ден-денес го практикуваат преостанатите жители по селата на Поречје.

СВАДБАРСКИ ОБИЧАИ

Свадбарските обичаи се изведувале пред сè на денот на свадбата, но и сè до „првиче“. Тоа е најзанимливиот период, како во сите села на Пореч

Притоа, имало луѓе што се ангажирале околу свршувачката и ја помагале целокупната организација околу свадбата. Таквите луѓе ги нарекувале стројници. Стројникот, сепак, немал лесна работа, но за нејзиното успешно завршување на крајот добивал дар: плетени чорапи, кошула или нешто друго.

Свадбата секогаш почнувала со канење на роднините на зетот. За време на свадбата, двајца девери избрани од најблиските сродници на зетот го придржуваат до куќата на девојката. Тие, заедно со кумот, се „главни“ во обредот на венчавањето...

Сето ова на денот на свадбата е проследено со свирење на гајдите и други музички инструменти и носење знамиња, при што „бајрактарите“ се движат качени на коњ, и со што, секако, уште повеќе се зголемувала величественоста на свадбената поворка.

СМРТ

Со ритуалите на оддавање почит на умрените пред сè доминираат жените. Тие ги знаат сите церемонии околу тоа.

Нивна посебна одговорност и должност во тие ситуации била да подготвуваат храна, а во деновите на жалост да раздаваат јадење од името на умрениот.

Од името на умрениот се оставаат на гробот и овошје, ракија, цвеќиња.

Учеството на жените е неизоставно и во ритуалните плачења и лелекања.

РЕЛИГИЈА

Верата за жителите во селото Горно Ботуше е важна основа на чувство на групно единство. Но, во поширока смисла, секое село во Поречието си ги негува „своите адети“ и секое село претставува еден вид „автономна целина“.

Притоа – во извесна смисла – не смее да се заборави уверувањето на народот од тој крај дека сето тоа што произлегува од Бога го чини животот добар – затоа мора да се верува.

Така е и во обратна смисла: при кршењето на моралниот код, преку следбениците на Бога – светците, стигнуваат таканаречените „казни“: поплави, суши, пожари, лош бериќет, болест, па дури и смрт.

ЖЕНАТА ВО ОБРЕДИТЕ

Обредната улога на жената се состои во ритуалните адети. Жената домаќинка е стожерот во семејството и нејзе претежно ѝ припаѓа задачата да ги следи и да ги помни празниците по оној редослед по кој доаѓаат.

Жената, како главна во исполнувањето на обредните улоги, сите адети и обичаи ги третира како почит кон традицијата во местото каде што живеат таа и нејзиното поблиско и пошироко роднинство.

МАЖОТ ВО ОБРЕДИТЕ

Еден од најважните обреди што исклучиво им припаѓа на мажите е церемонијата на осветување вода, сврзана со празникот Богојавление. Овој обред трае до три дена, со пауза на Денот на жените.

Но, во текот на целата година, мажите имаат обврска да се грижат и за мноштво други важни обреди и адети, кои се врзани со црквата. Така, тие мораат да работат во согласност на барањата на црквата – според обредните и церемонијалните активности.

СЛАВА

На селските слави претежно се чекаат гости. Така е и во селото Горно Ботуше, каде што се празнуваат неколку слави.

Една од најважните селски слави секако е Свети Никола.

Има и помали слави, на кои луѓето ги слават своите имендени или празнуваат по некој друг повод што е врзан со верувањето.

СВЕЧЕНОСТИ

Најголемата свеченост во селото Горно Ботуше почнува со празничниот свечен циклус од Божик до Водици. Штом се влегува три дена пред Божик, тој ден се определува како Стар Бадник или Игнет.

Игнет е обично календарско име, кое се надоврзува на светецот на кој му е посветен овој ден. Значи, Игнет за ботушани е „свеченост“. Но двојното именување има свое оправдување и образложение. Можеби малку чудно, но тоа е следното: тоа се состои во тоа што вистинско изговарање на името Стар Бадник на тој ден подлежи на забрана. Имено, жените не смеат да изговорат „Стар Бадник“ – за да не им умрат мажите.

ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ

Верските празници во Горно Ботуше се празнуваат според христијанскиот календар и народните верувања. Народните верувања

се вообичаени и најчесто општоприфатени и карактеристични не само за тој крај.

Покрај класичните празнувања, има и некои пагански обичаи, како на пример: Еремија, Коледица, Василица, Ѓурѓовден и други.

КОЛЕДЕ

Во предвечерието на 5 јануари, децата, а и младите, прибираат гранки и дрвја за огнот и се договараат за Коледе. Коледе започнува многу рано и трае само во утринските часови.

Штом повозрасните уште во рани зори ќе го запалат огнот, тоа е знак да се почне со „коледање“ и со пеење коледарски песни.

На коледарите им се даваат слатки во форма на буквата „о“, јаболка, ореви, суви смокви и друго.

БАДНИК

Навечер, на 6 јануари, се обележува Бадник. На 7 јануари е Божик и на тој ден, кој, каде и да е, одвоен од семејството, должен е да си дојде дома.

За вечера се принесува само посна храна: посен грав, варени компири, пченка или варена тиква. На трпеза се стават и костени, ореви, јаболка, круши, бонбони и слично.

Куќите се закитуваат со бадникови гранчиња, а се стават и по чардаците и по трлата, како знак на чествуван божикен амбиент.

БОЖИК

Пред сè, на првиот ден на Божик, сите луѓе што постеле одат во црква за да се причестат. Попот по пеењето им се обраќа на верниците: „Христос се роди!“ (до 3 пати).

„Навистина се роди!“, му одговараат присутните.

Потоа, кој со кого ќе се сретне, место со „добар ден“ или „добро утро“, се поздравува со зборовите „Христос се роди!“.

На вториот ден од празникот може да се запалат свеќи за умрените.

ВАСИЛИЦА

Во селото Горно Ботуше Василица се слави во периодот помеѓу Божик и Водици или на таканаречените „некрстени денови“.

Според некои преданија, во тоа време се движеле духови, вештерки, вампири, самовили и други „зли сили“, кои сакаат да им напакостат на луѓето.

Наутро, пред зори, луѓе што биле задолжени за тоа палеле оган надвор, на одредени места.

Луѓето, пак, кои собирале зарје и ракија по куќите ги викале василичари.

Василица името го добила според заштитникот Василиј, роден во Какарија, Кападокија (339-385 г. н.е.)

БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ

Според христијанската вера, Христос е крстен од св. Јован Крстител во реката Јордан. На Водици завршуваат некрстените денови, односно сите претходни празници од Бадник до Божик и Василица.

На денот Богојавление пријавените момчиња (во непарен број) скокаат во голем вир за да го фатат крстот.

Момчето што ќе го фати крстот добивало подароци и било задолжено да влегува во секоја куќа за да донесе среќа во домаќинството преку годината што следува.

ПРОЧКА – ВЕЛИКИ ПОКЛАДИ

Обичаите на Прочка што се среќаваат во селото Горно Ботуше се: проштавање, амкање, богата трпеза. Некои од обичаите се паганski. Тогаш се проштава небото со земјата и се „допира“ за неправди од изминатите поплави, громови, суши и други временски непогоди.

Прошка бара крштеникот од кумот, пријателот од своите пријатели.

– Прости ми!

– Простено да ти е, и од мене и од Господ! – тоа се зборовите што најчесто се изговараат тој ден.

Великите поклади се обележуваат и со чинот на амкање варено јајце.

ТОДОРИЦА

Во Горно Ботуше Тодорица се слави во првата сабота по Прочка. Тодорица се слави според смртта на Теодор Тирон – великиот маченик во времето на римскиот цар Максимилијан, кога била изведена хајка против христијаните. Тој како верник бил против погубувањата, поради што и самиот бил погубен во 306 г. н.е.

Царот Јулијан Отстапник се откажал од христијанството и во Цариград им наредил на луѓето да ја затрујат храната. Тогаш на цариградскиот патријарх му се јавил Теодор (најаве) велејќи му: „Да јадете пченица со мед, а не храна од пазарите“. Оттогаш се почитува Тодорова сабота и во црквата се носи жито.

ЛАЗАРИЦА

Саботата пред Цветници се вика Лазарова сабота (Лазарица). Во саботата умрел Лазар, а во неделата Исус Христос го воскреснал.

На барање на сестрите, Исус дошол и го оживеал Лазар и тој пак се вратил во Ерусалим.

Исус во Ерусалим влегол качен на магаре, како симбол на мир, зашто јавањето на коњ се толкувало како најава на војна.

ЦВЕТНИЦИ

Кога Исус Христос влегувал во Ерусалим, неговите ученици кинеле цвеќиња и кршеле врбови гранки, та со нив му го постилале патот. Затоа во христијанството се одбележува празникот на цвеќето – Цветници.

На овој ден во Ботуше се одело на честитање кај соселаните што имале имиња Цветан или Цвета.

ВЕЛИГДЕН

Познато е дека Велигден се празнува од вториот век па наваму.

Според празникот Велигден се определуваат празниците што следуваат: Спасовден – на четириесеттиот ден, Духовден – на педесеттиот ден, па Преображение, Крстовден и сè така до Божик.

За Велигден во селото Горно Ботуше се вапсуваат црвени јајца.

Познато е дека Марија Магдалена прва ги употребила зборовите: „Христос воскресе!“ – зборови со кои луѓето се поздравуваат, а за возврат се кажува: „Навистина воскресе!“

ЃУРЃОВДЕН

Празникот Ѓурѓовден во основа е одбележување и оддавање почит на природата. Освен христијаните, ова одбележување на природата го слави и друго население.

Меѓу христијаните во Горно Ботуше, а и во другите поречки села, кружи изреката: „Дојде ли Ѓурѓовден, чекај си го Митровден“.

Познато е дека спроти Ѓурѓовден жените одат да берат билки и со нив ги закитуваат вратите на куќите, а мажите собираат гранчиња за заштита на нивјето од штетници.

ЕРЕМИЈА (14 МАЈ)

Пророкот Еремија живеел 6 векови пред Исуса Христа, во близината на Ерусалим, каде што бил и роден. Тој им предвидувал 70 години ропство на Евреите под Вавилон, тогаш раководен од кралот Набуходоносор. За тоа пророштво, тој бил прогонет од страна на Евреите во градот Мисир, тогаш под владение на Египет. Тој бил каменуван, а неговите мошти се пренесени во Александрија од страна на Александар Македонски.

Во нашите поречки села, кога станува збор за магии, притоа се спомнува Еремија. Особено при желбата за заштита од влечуги, змии, глувци и од други штетници.

СВЕТИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

Овој празник во Горно Ботуше, а и во околните села, се слави од стари времиња и тоа на 3 јуни. На празникот во селата се пречекуваат гости од други места.

Свети Константин и Елена христијанската црква ги прогласила за светци и рамноапостоли.

Константин е роден во околината на Ниш, на 27 февруари 274 г. н.е. Тој е син на висок римски службеник. Во 306 година станал цар. Тој отпрвин не бил христијанин. Но, неговата стара мајка Елена го советувала да не ги напаѓа христијаните, ами да ги заштитува, зашто ќе стекне доживотна среќа.

ВАРТОЛОМЕЈ И ВАРНАВА (ВАРТОЛУМ)

Свети Вартоломеј бил познат како Вартолум и од тој ден „сонцето се вртело кон зима“ и за тоа многу се жалело.

Го вртеле 12-те апостоли, и тие, исто така, многу жалеле зашто „сонцето се вртело кон зима“.

СВЕТИ АПОСТОЛИ ПЕТАР И ПАВЛЕ

На Петровден и на Павловден не се работи. Тогаш се организираат спортски или културни средби. Значи, светите апостоли Петар и Павле, откако го примиле во себе светиот дух, се раштркале по светот за да ја проповедаат христијанската вера.

Според некои тврдења, тие биле браќа. Петар бил богат и е роден во Галија, а Павле бил сиромав. Петар го добил името од Исус. Имено, тој го нарекол „Петар“, што значи „камен карпа“.

Според едно тврдење, „Исус светите цркви ќе ги гради врз верата на Петар и ќе бидат цврсти како камен“.

ПРОРОК СВЕТИ ИЛИЈА

Пророкот свети Илија живеел во 900 година пред Христос.

Во царството завладеал неморал, кралот Ахај ги кршел законите. Народот го воделе нечесни луѓе. Тогаш свети Илија се помолил на Господа со порака дека треба да следува казна.

И навистина следните три години не заврнало, испукала, земјата, умирале луѓе и стока, настанало безредие.

Но, по извесно време, свети Илија пак се помолил на Господа и следувале обилни дождови. Затоа, според народното верување, се смета дека свети Илија го држи клучот од небото и тој го пушта или го запира дождот. Свети Илија е тој што повела со летните грмотевици и може да ја убие ламјата, која пасе или гази по житото.

СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ НА ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС

Кога Исус се преобразил на ридот Тавор, имал замисла да им покаже на своите 12 апостоли како ќе воскресне по смртта, со претходно измачување на крст. Тој ги повел со себе Петар, Јаков и Јован. Но тие, изморени од долгиот пат, заспале. Кога се разбудиле, Исус се молел на Бога, а пред нив стоеле старозаветниците пророци Мојсеј и Илија.

На Исус лицето му светнало како сонце, а облеката му се преторила бела како снег. Тројцата апостоли биле изненадени, а и Господ

се јавил и рекол: „Ова е мојот возљубен син во кого е мојата волја, него послушајте го“.

Празникот Свето Преображение е неработен ден: на тој ден не се извршуваат никакви работи по нивите и по полињата.

МАРТИНИЈА (14 НОЕМВРИ – ВОЛЧИ ПРАЗНИК)

На овој ден му се „врзува“ челуста на волкот за да не јаде овци. Така, со време, овој празник зел замав речиси во сите села во Пореч, па и подалеку.

СВЕТИ ВЕЛИКОМАЧЕНИК ДИМИТРИЈ (МИТРОВДЕН)

Митровден е слава што се слави во многу поречки села. Во некои села славата се одбележува и со одржување панаѓур. На Митровден завршува летниот период.

„Дојде ли Митровден, чекај си го Ѓурѓовден!“ – се вели.

Свети Димитриј живеел во третиот век по Христа. Се родил во Солун и бил син на градоначалникот. Бидејќи солунскиот војвода, по долги години, го дочекал раѓањето на синот Димитриј, по сите молитви до Бога, се смета дека е дар од Бога.

СВЕТИ АРХАНГЕЛ МИХАИЛ

Свети Архангел е ден на ангелите. Ангелите се опишани со крилја.

Се смета дека секој човек си има свој ангел и тој го штити од неволји. Но, ако ангелот негов е лош, лош ќе биде и човекот на земјата.

Свети Архангел во христијанството е претставен како воин со крилја што се бори со стариот бог Деница и е бестрашен.

ВОВЕДЕНИЕ НА МАЛА БОГОРОДИЦА (ПРЕЧИСТА, 4 ДЕКЕМВРИ)

На тригодишна возраст Марија патувала од Назарет кон Ерусалем (цели 3 дена). Кога пристигнала пред скалите, кои имале петнаесет скалила, таа сама се искачила во храмот, во кој порано ја носеле нејзините родители.

Се претпоставува дека во светиот храм добила сила и можност да роди свет син, кој ќе му служи на народот на Земјата.

На овој ден во некои поречки села се оди на гости.

СВЕТИ НИКОЛАЈ МИРЛИКИСКИ – ЧУДОТВОРЕЦ (19 ДЕКЕМВРИ)

Свети Никола во селата на Поречје е познат како заштитник на луѓето и на водите. Ги смирува мориња та и им овозможува на бродовите слободно да пловат, да нема бранови.

Некаде се смета дека свети Никола, кој носи брада, е пандан на Дедо Мраз, затоа што и тој носи дарови, доаѓа со снег и слично.

Роден е во областа Мирл, во Ликија, на крајот на 3 век, а умрел во 343 година доживувајќи длабока старост. Бил погребан во Мирл, но пред налетот на исламот, неговите мошти се пренесени во градот Бари, во Италија.

Некои народи го одбележуваат и денот 22 мај: летен Свети Никола. Веројатно тоа е денот на пренесувањето на моштите негови.

СВЕТИ АПОСТОЛ ЛУКА (31 ОКТОМВРИ)

Свети Апостол Лука околу 60-тите години го напишал светото Евангелие (познато како Евангелие по Лука).

Тој бил лекар, зограф и апостол. Патувал по Галија (денешна Франција), Италија, Далмација, Грција и Македонија. Умрел во Грција на 84-годишна возраст. Бил мачен и обесен на маслинка.

По наредба на царот Константин, неговите мошти биле пренесени во Цариград и погребани во црквата на светите апостоли (Андреј Првоповикан и Тимотеј).

ОБИЧАИ

Обичаите во селото Горно Ботуше се многу слични со обичаите на другите села во Пореч̀е. Со векови, од колено на колено, генерациите ги пренесувале – за да не се забораваат.

Се одело во црква, се почитувале верските обичаи како духовна поткрепа и како израз на висок морал, со порака дека треба да се верува во Бога, како заштитник на семејствата и на куќ̀ите.

СТРОЈ

Како во сите села од Пореч̀е така и во Горно Ботуше, обичаите се исти кога тие се однесуваат за стројот.

Обично стројниците кон куќ̀ата на девојката тргнуваат секогаш во непарен број и без учество на момчето. Во куќ̀ата на девојката тие ја даваат погачата. Штом ќ̀е се договорат, среќ̀но се бакнуваат, честитајќ̀и си го идното пријателство. Потоа седнуваат на вечера.

Девојката испраќа дарови за својот свршеник, чорапи, веленце, и ги дарува „стројарите“.

Мајката на девојката при давањето на даровите на својата сваќа ѝ вели: „На, да му ги однесеш шеоиве на гоједарот“, – со симболично кажување.

ОДВРШУВАЊЕ

Отсекогаш во Поречието, а така и во Горно Ботуше, покрај свршувањето, постоело и одвршувањето, а најчести причини за тоа биле ако некој од свршениците ненадејно почине или пак ако отпосле оценат дека свршениците не се „лика и прилика“ еден за друг.

ГРАБНУВАЊЕ И БЕГАЊЕ

Низ поречките села надалеку познати се случаи девојката да биде свршена за еден, а да побегне за друг, за својот сакан. Ваквиот начин на бегање претходно го организира момчето во таен договор со неговите другари.

По тој настан, од страна на родителите се испраќал човек да ги испита сите околности под кои дошло до сето ова. Ако грабнувањето и бегањето се извршиле по желба на девојката, тогаш може да дојде до помирување на двете семејства. Во спротивно, била барана и интервенција од власта.

Имало и такви случаи кога семејствата се помирувале дури кога ќе се роди првото внуче.

ОБИЧАИ ПРИ РАЃАЊЕ

Покрај многуте други обичаи за разни пригоди, во Горно Ботуше има интересни обичаи и при раѓање дете.

Трудната жена ја викаат „тешка“. Додека е трудна, „тешка“, таа не смее да направи некои „прекршоци“. Така, да речеме, таа не смее да украде некој предмет, зашто тоа ќе се одбележи на телото на детето. Ако жената не сака да се „облизнит“ не смее да јаде овошни плодови

близнаци. Ако на детето мајката не сака да му бидат криви ушите, таа не смее да му се смее на магаре кога „рикат“ итн.

Кога невестата ќе „сетит“ можност за породување, се отвораат амбарите и ковчезите – за лесно породување.

Првата облека на детето е скутникот. Детето се капе во млака вода. Во коритото се фрла златна или сребрена пара и малку босилек. Тогаш свекрвата повикува некоја жена што знае да „бае“.

Бебето се дои најпрвин на десната дојка, а потоа на левата.

КРШТАВАЊЕ

Кумството не смее да се менува, тоа традиционално се пренесува од генерација на генерација. Има и исклучок од ова. Тоа е во случаите кога на жената не ѝ траат децата – во тој случај детето се носи на раскрсница и негов кум ќе биде првиот минувач, кој во тие моменти ќе помине.

За обредот крштавање мајката на детето подготвува нов скутник и „шеќерна шамија“ со која се венчала, како и нови пелени.

Детето на крштавање го носи кумата во придружба на свекрвата. Кумата носи и едно ѓумче со топла вода и со сапун, а свекрвата носи чорапи како дар за попот. Штом кумата ќе го врати детето од црква, најпрво го носи во пондилата и го положува во јаслите, со порака:

– Неговата мајка лесно да се породува, како што се тели кравата!

Потоа од јаслите го зема неговата мајка и го става во колепка.

ЗАОДУВАЊЕ НА ДЕТЕ

Кога детето ги прави првите обиди да заоди, прво стои „борка“, „успраено“, а потоа му „сечат страф“.

Се повикуваат две сестри на кои им се живи родителите. Тие земаат едно секирче и го носат до некоја вода. Постарата сестра зема една гранка и замавнува со секирчето, велејќи ѝ: „Ќе проојш или ќе те сече!“

„Сечи, ми је страф“ – одговора помалата.

По третпат при замавнувањето со секирчето помалата сестра одговара: „Не мене, страот пресечи ми го!“ Постарата сестра ја пресечува гранката и детето го пренесуваат преку водата.

На детето му прават „везниче“ од гранчиња и го „вежуваат“.

По враќањето сестрите велат: „Добро утро!“, а домашните велат: „Аирлија!“

Детето го носат кај огништето, а гранчињата ги стават во огнот, велејќи: „Како огнов што гори, така детето ќе проојт“.

Тогаш девојките се даруваат со пари.

ОДБИВАЊЕ ОД ЦИЦАЊЕ

Во неделно утро мајката на детето меси колачиња од чисто „паспал“ брашно. Свекрвата го зема „тевлигот“ од десниот „волб“ и го води детето на ноќвите од тевлигот. Го удира по газето и вели: „Трчај куче на колаче!“

Детето кога ќе се затрча да го земе колачето, баба му вели: „Кога ќе рикне волон за тевлигов, тогај ти си за цице“. Од колачето му се дроби попара со млеко и на детето му се дава да јаде.

Во првите денови од одбивањето мајката се крие од детето, а бабата го одвраќа со зборовите „Бубата, бабе, бубата“.

Ако детето не може да се смири, ако „рикат“, тогаш повторно се враќа на доење. Таквото дете се вика „повратено на млеко“.

СЕЧЕЊЕ НА НОКТИТЕ И „ПРВОТО БРИЧЕЊЕ“

Детето кога ќе наполни шест месеци, му се сечат првите нокти. Тие се завиткуваат во крпче и се кријат на скришно место.

Косата на детето му се стриже на едногодишна возраст. Овој обред го извршува дете од 10-12-годишна возраст. На детето му се зема коса од челото, од тилот и над двете уши, во облик на крст. Тоа се вика „прво бричење“. Косата се собира и се завиткува во крпче и се остава на местото каде што се скриени ноктите.

Вкоренето е верувањето дека од косата и ноктите на детето „лошите“ луѓе можат да направат магии.

Детето што извршува „прво бричење“ се дарува со шамиче и со пари.

„ЛЕКУВАЊЕ“ ЗА ПРЕСТАНОК НА РАЃАЊЕ

Ако жената има родено многу деца и сака да престане да раѓа, пие разни „тревки“ и специјално подготвен чај од кора на евла, бидејќи евлата има цвет, а род нема.

Постои и тоа верување дека жената треба да пие урина од кобила или од крава што престанале да раѓаат.

МАГИСКИ ОБРЕДИ ЗА НЕМАЊЕ ПОРОД

Постојат злонамерни луѓе, кои знаат да прават магии, а со цел да им наштетат на младенците да немаат деца. Тие „лоши луѓе“ скришум исе-чуваат коса или конец од невестата, која се враќа од венчавање. Косата или конците од облеката ги стават во кокошарник и ги изговараат ма-гиските зборови: „Како што ќуфкаат кокошките така (таа или тие – се кажува името или имињата) да ќуфкаат за здравјето“.

Втор начин на правење магија од страна на злонамерните луѓе е кога младенците се враќаат од венчавање тие да ги гледаат низ сито и да велат: „Колку дупки има ситово, толку години тие да немаат пород“.

ЛЕКУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ НЕРОТКИ

Жената што не може да роди се вика „штираквица“.

Свекрвата заедно со невестата оди на три гумна и земаат „делутки“, а своето гумно го „облекуваат“ со нејзина промена.

Тоа се прави на млада месечина, „новина“, „уочи“ среда.

Деланките – „делутките“ се стават во сад со ладна вода, така што ќе стојат преку ноќта. Утрото, пред изгрејсонце, од гумното се зема облеката и ја облекува невестата, а потоа таа пивнува од водата на гладно, „наште“ срце.

Жените неротки бараат лек и по средочни, петочни или неделски води.

ВЕРУВАЊЕ ВО НЕВИДЛИВИ СИЛИ И ВО МИТОЛОШКИ СУШТЕСТВА

Во поречките села се верува дека постои „невидлив свет“. За тој „невидлив свет“ се верувало и во селото Горно Ботуше. Тој свет нè опкружува сите нас и кон луѓето се однесува различно.

Некои сили се злонамерни и сакаат да ни напакостат, а други ни помагаат и нè чуваат од секакви зла.

Ако преовладуваат „нечистите сили“ и постојано се врткаат околу луѓето – тие поседуваат голема сила и ги стават под нивно влијание, па така тие, и без нивна волја, ги извршуваат нивните заповеди.

ЃАВОЛ

По традиција, ѓаволот е извор на многу зла и на сите погрешни постапки.

Ѓаволот им завидел на Адам и на Ева, кои во рајот живееле безгрижно, и, за да им напакости, се претворил во змија и ја натерал Ева да касне од „јаболкницата на сознанието“.

Таа му дала и на Адам да касне од тоа „забрането овошје“.

Поради погазената заповед, Господ и Ева и Адам ги протерал од рајот – за да се мачат и да страдаат на Земјата, а луѓето, општо земено, се смета дека ја наследиле зависта на ѓаволот.

Инаку, за ѓаволот постојат и неколку други имиња: враг, кецко, нечистиот...

САМОВИЛИ

Самовилите или вилите се невидливи суштества. Прекрасни девојки со руси коси, кои имаат способност да летаат.

Се верува дека самовилите играат штом ќе задуваат силни ветришта со вртежи – создавајќи виори од суви лисја.

Самовилите им помагаат на луѓето, но лоши се штом ќе се нагазат.

ЗМЕЈОВИ

Змејот во претставата на луѓето е замислен како човек со златни крилја и со змиска опашка, кој лета високо во облаците, прогонувајќи ја ламјата.

Во Пореч се верува дека змејовите живеат во пештерите на селото Крапа.

ЛАМЈА

Ламјата е троглава змија со многу опашки и ја симболизира сушата. За неа се зборува дека е многу лакома. Таа се плаши од громот и не излегува да шета по земјата.

Живее во непреодните предели на планините, во пештерите и во шумите на дрвјата.

„ДУВАЊЕ ОД УПЛАВ“

Во народот познат е и ритуалот „дување од уплав“. Од уплав им се дува на лица што попаднале во нестабилна психичка состојба.

Се претпоставува дека секој човек, кој со одделни настани се има силно преплашено дека треба да оди кај бајачка за да му се дува од уплав.

ТОЛОСУМИ

Толосумите се големи смокови што живеат во темелите на куќите и се заштитници на куќата.

Тие не треба да се бркаат ниту, пак, да се отепуваат.

ВАМПИР

Вампирот во селото Горно Ботуше, а и во другите поречки села, се вика јапер. Се претпоставува дека е во вид на топка или како тиква, но е невидлив. Секогаш е подготвен да прави големи „бели“ на луѓето.

Јапер станува лош човек што не го прима земјата.

Се верува и ова: доколку на млада невеста ѝ умре мажот и тој се повампири, таа може да затрудни и да роди од вампирот. Вака родените деца се викаат „вампирчиња“ и имаат способност да ги фатат вампирите.

Постојат и разни други ритуали меѓу народот, сите со намера да се истераат вампирите од куќата или од трлата и колибите.

НАРЕЧНИЦИ

Наречниците се три невидливи жени што доаѓаат третата вечер од раѓањето на новороденчето, па затоа порано во оваа ноќ не спиел ниеден член на семејството. Сите ги чекале наречниците, кои „ја одредувале“ судбината на детето.

Првата наречница ја кажува добрата, а втората лошата судбина. Конечно и одлучувачко е кажувањето на третата наречница.

ЧУМА

Запишано е и се зборува дека чумата е невидливо грдо суштество, кое прави штета и ги истребува луѓето. Се спомнува дека селата на Пореч, а и Ботуше, биле напаѓани од чумата, па затоа, заради заштита се вршело „запредување“.

Среде село се поставувал разбој на кој седнувале голи да ткаат стари жени и мажи. Тоа биле две „дородни“ жени и двајца мажи, кои ткаеле „чумино платно“. До разбојот се поставувале две коси во облик на крст.

Некоја жена бајачка во еден „пералски“ котел ставала разни билки да се варат. Луѓето од целото село се провирале под косите, се напарувале од котелот и пиеле од свареният чај. Од исткаеното платно во крпчиња се врзувале конци од ништите на разбојот, со зрнца од грав и пченица, и се давале на луѓето како амајлија.

Се земал секогаш црни волови, кои биле впрегнувани во јарем и рало, а „дородна“ жена го држела ралото и трипати симболично се заорувало селото и се „запредувало“ со црни конци – сè со цел заштита од чумата.

БАЈАЧКИ

Бајачките се моќни жени што имале натприродна моќ да им помагаат на луѓето.

Штом некој маж или жена или дете ќе се уплаши или имаат некои „стравотни соништа“, тогаш секој препорачува на таа личност да ѝ се бае.

НАВИ

Навите се мали деца што умреле од рацете на своите мајки и како резултат на направената неправда кон нив ги напаѓаат и ги „сечат“ родилките леунки.

Навите се невидливи суштества што живеат во оџаците на куќите.

ВЕШТЕРКИ И ВЕШТЕРИ

За вештерките и вештерите се зборува дека се вистински жени и мажи што ја имаат таа способност да се престорат во видливи или невидливи суштества во друг облик. Вештерките прават магии. Тие можат да го соберат млекото бидејќи имаат „лоши очи“.

СЕНКА

Луѓето од селото Горно Ботуше отсекогаш сметале дека сенката се јавува како страшно суштество.

Сенката е невидлива тежина што силно го притиска човекот во сонот. Не му дава да прозбори, го вика надвор и човекот не е свесен каде оди. Ако човекот мрдне со прстот од раката, таа, сенката, бега и го ослободува.

КОН ОВА ДЕЛО

– Поговор –

ДЕЛА, ДЕЛА... И – ЉУБОВ, ЉУБОВ...

Секое патување почнува со првиот чекор, а секоја пишана творба, во конкретниот случај – и овој осврт, рецензија, поговор кон оваа публикација – како и да ја наречеме – почнува со првиот збор, со првата реч, со првата реченица. Во овој миг и во оваа пригода, веднаш решив. Веднаш ги одбрав почетните зборови, а тоа се „Дела, дела... И – љубов, љубов...“ Со нив уште на самиот почеток го кажувам она што всушност како сеприсутен мотив провејува и низ целава книга, а тоа е она што јас како рецензент и долгодишен следувач на делата на Саво Костадиновски веќе цела деценија со целосна сигурност и убеденост постојано и неотповикливо сум го тврдел, и овој пат го тврдам: ваков пример на љубов, восхит, посветеност, егзалтација и оддолжување на поединец кон родниот крај не е познат, виден и чуен досега – не само во македонски, не само во балкански, не само во европски, и не само во светски размери! Авторот на толку многу поетски и прозни дела: песни, раскази, романи. И – сите, редум, изнедрени од душата и срцето на овој македонски поет, раскажувач, романсиер, патописец, преведувач, антологичар!

Што всушност претставува творештвото на Саво Костадиновски? Неговите дела? Со што би можеле да ги споредуваме?

Кога, да речеме, ко алка со алка би ги поврзале сите нив, би сплеле ѓердан што со својата должина би можел да го обмота и да го закити цело Пореч.

Кога со камче до камче бесценето би ги споредиле и воедначиле – би можело со нив да се подигне вишина што ќе ѝ пркоси на целата негова омилена планина, со добро, најдобро можно име – Добра Вода.

Кога со цвет до цвет би ги изедначиле – би распослале цели алеи, недогледни и бујати, како што се алеите по парковите и по авениите низ сите белосветски метрополи, кои овој автор глобтротер ги видел, патувајќи низ безбројните земји на сите континенти на Земјината топка.

Кога како нишка до нишка би ги споиле – о, каков разнобоен, пространи волшебен килим би се исткал од нив!

И со што друго да ги споредуваме?

Та, нема потреба, нели, зашто, еве, барем дел од него и барем дел од нив, и преку ова издание ги имаме на прочит, на непосреден увид и восхит. Зашто авторот на објавениве записи, поглавја и стихови, сите нив, постојано, би рекол цела низа години – целиот свој живот ги носел со себе и прекрасно е и заслужено е што тие конечно се обелоденуваат, разоткривајќи – за повеќето жители на Република Македонија – еден не толку познат крај од нашата татковина. За уште подобро да ја запознаеме и да ја засакаме.

„НАЈДОЛГИ СЕ ПАТИШТАТА ВО ПОТРАГА ПО ЛЕБОТ И ПО ЉУБОВТА“

Оваа мисла, цитирана од едно дело на писателот Саво Костадиновски, не случајно и не незаслужено ја ставам како меѓунаслов на овој осврт за животот и делото на секако денес најпознатиот и најпродуктивниот македонски деец, кој живее и твори надвор од татковината. Не само еднаш, и не тукутака, туку вистински и објективно – длабоко до најдлабоките океански длабочини и широко до бескрајот на вселената – тој во стварноста, на дело и со дела ја почувствувал и ја потврдил точноста на оваа продуховена и мудра порака, на овој брилијантен афоризам – море во капка вода.

А лебот, кој по патиштата трновити, печалбарски, му го носел животот – не му бил сервиран на послужавник, туку секогаш му бил спечален печално; со самопрегор, низ работа и работа; занимајќи се и посветувајќи се на најразлични занимања и должности.

Но, затоа, пак, за разлика од вечната „потрага по лебот“, Саво Костадиновски по љубовта, по онаа, вистинската, искрена и верна, не морал да трага; тој неа секогаш ја имал и ја има: љубовта кон најблиските свои и – кон татковината своја. Од него, како создадени со некоја чудна натприродна сила вруточно извираат и бликаат поетските и прозните записи за родниот крај, за Поречето и за родното Горно Ботуше...

НАД БРОД, ГОРЕ...

...Горно Ботуше! Оваа „патописно-монографска и поетска збирка“ за едно од најубавите села во македонското Пореч, распослано на вишинки околу вододотеците на долниот тек на реката Треска, под планинските венци на Добра Вода, би рекле – среде срцето на оваа наша денешна Македонија, би го заокружил со неколку свои лични согледувања и проследувања.

Селото Горно Ботуше не е некаков „исклучок“ или топонимски раритет со неговиот назив. Села со „додавката“ Горно (и Долно, како пандан на онаа соседна населба што по својата локациска местоположба е во непосредна близина, но секако нешто „подолу“ од „горната“!) во нашата држава има повеќе. Такви наши села со додавките Горно, Горна или Горни има вкупно 53! Од нив, според моите истражувања, девет се со „плус“ Горна пред „главното име (меѓу кои, да речеме се Горна Белица, Горна Бањица, Горна Бошава). Шест се со Горни (Горни Балван, Горни Дисан, Горни Подлог и други). Сепак, најмногу – вкупно триесет и осум се со додавката Горно, меѓу кои и Горно Врановци, Горно Ѓуганце, Горно Јаболчиште, Горно Количани, Горно Коњаре, Горно Коњари, Горно Лисиче, Горно Оризари (три села со овој ист назив!), Горно Село и други.

Па, дури и на територијата на една иста општина, како што е Македонски Брод, уште три села имаат имиња што ќе ги наведеме во овој контекст: освен веќе споменатата Горна Белица, таму се и Горно Крушје и Горни Манастирец!

Наброивме доста „Горни“, што автоматски означува дека постојат и „Долни“. Да. Ништо помалку не се и тие! Нема да ги наведуваме сите. Но, како прво, се разбира ќе го спомнеме Долно Ботуше, чија убавина и значење творецот на оваа публикација во никој случај не ги оспорува и не ги смалува. Напротив. (И тоа, и неговите поранешни и сегашни жители во многу нешта можат да се најдат и да се препознаат во овие текстови). Потоа, следствено, логично се надоврзуваат и низа други села на веќе посочените со Горна... Горно... Горни... (на пример: Долна Белица, Долни Балван, Долно Врановци итн., итн.).

Некој, пак, можеби ќе праша: А Средни? Е, да! Точно! Има и „Средни“ кај нас. Но, во случајов, „само“ две: Средно Егри и Средно Коња-

ри... (Ако, нека, топонимијата има широк простор и широки пространства, а и право да си ги евидентира своите населби онака како што жителите си ги крстиле, по своја волја и определба).

Но доста е, доста се шириме... Ред е да дојдеме до поентата, кога станува збор за нашите села. И да ја нагласиме, јасно и гласно: Било да се „Горни“, „Долни“ или „Средни“, или како и да се именувани поинаку – нека... Само нека ги има, нека опстојат, нека постојат! Тоа им го посакуваме на сите наши села, без оглед на нивните називи, а секако и на ова наше Горно Ботуше. Нека не го снајде судбината на некои други села, па и тоа да опусти, да остане без ниту еден жител и – да исчезне од географската карта!

Не, не, убедени сме дека тоа нема да му се случи... Тоа е примарната желба на авторот на оваа публикација, која тој ја искажал уште на првите страници, во посветата, а на која се приклучуваме и сите ние што како издавачи работевме на нејзиното оформување, со длабока увереност дека таа – како жив збор и жива книга – е и ќе остане мал, но значаен прилог кон таа насока.

Александар Кујунџиски

— 2 —

КОН ЗБИРКАТА ПЕСНИ „ПОРЕЧЕ“

ПРЕДГОВОР

Во збирката песна насловена „Пореч“ им посветив песни на сите поречки села, сегашни и некогашни; и на оние кои веќе изумираат, и на оние кои веќе одамна се исчезнати и ги нема на географските карти. Преку песните се обидов (колку што тоа е можно на овој начин) имињата на тие села да ги оттргнам од заборавот. Некои од нив, денес нема ни кој да ги споменува, зашто одамна се без жители и речиси им се избришани сите траги на постоењето.

Нема раѓања, нема крштевки, нема свадби, нема сведни како некогаш. Има само преселби и умирачки.

Меѓу многуте поречки села кои незапирливо исчезнуваат е и моето родно село Ботуше. Бројот на неговите жители од година во година е сè помал. Не би сакал ни да помислам што може да се случи еден ден со селото каде што ги поминав најубавите години од моето детство, за кое спомените од тоа време премногу ме вознемируваат, премногу ми внесуваат тага во душата, премногу ми се испреплетуваат со сонот, а премалку или воопшто не се совпаѓаат со денешната реалност. Ниту со мојата реалност, ниту со реалноста на кој и да е ботушанец.

Поттикнат од ваквите опстојби и состојби, ја напишав оваа стихозбирка и би сакал таа некогаш да стигне и до некои идни читатели, чии предци живееле во ова село. Сакам таа да остане (и да се восприеми) како пишан спомен за ова село, како збир на поетски слики во кои се претставени Ботуше и неговата топонимија, збир на слики кои живеат во мене, а јас живеам во нив...

Нека ми биде простено, ако моите стихови премногу тежат од носталгија. Овојпат поинаку не можев да се ослободам од товарот на моите спомени!

Авторот

ПОРЕЧЕ

ПОРЕЧЕ

Од Добра Вода дури до Караџица,
од Сува Гора до Македонски Брод,
се прострело Пореч̀е по Треска,
село до село и род до род...

Пореч̀е е заградено со планини,
а покрај Треска бистра, скокотлива,
овде-онде нивчиња рамна земјичка,
бериќетна, што се вели: обработлива.

Дали прв ја започнав оваа низа?
Дали срцево нешто не ми дореч̀е?
Не е важно, зашто јас сум среќен,
што се родив и му припаѓам на Пореч̀е!

КОГА ПИШУВАМ ЗА ПОРЕЧЕ

Кога пишувам песна за Пореч,
најдобро ја чувствувам слободата,
па посакувам во сечие топло срце
да допре шумот од ветерот и водата.

И додека занесен по листот шарам,
ги замислувам нивите со жита,
и сонувам во тоа царство да царам,
и како дете по река да си скитам...

СЛИКАТА НА ПОРЕЧЕ

Мојата честа слика за Пореч
е низа со стихови излеана,
што ја носам како златен ѓердан
длабоко во срцево слеана.

Сликата на Пореч е колоритна:
со сонце, зеленило и сина вода;
со неа како со лична карта –
по светот печалбарски одам.

ПОРЕЧЕ ВО ПЕСНИ

Како дете се зарекoв:
ако некогаш станам поет,
за да го задоволам
љубопитството сечие,
од село до село во песна –
ќе си го опеам Пореч!

И еве ме со стихови,
срцето што ми ги позајмило,
ја нижам поетската нишка –
за тебе, Пореч мое најмило!

МОЈОТ МАКЕДОНСКИ БРОД

Броду мој, Македонски,
бисеру в срце згрчен,
навидум толку далечен,
а толку мил и срчен.

Со тебе патувам Броду,
по светот пат ме води,
среќен што в срце те имам,
крај тебе што се родив!

БОТУШЕ

Ботуше се познава по зеленилото,
по водата, по утрото бело,
по градините со родни дрвја,
по тоа што ми е родното село!

Ботуше се познава по луѓето
ваму-таму по светот што „акаат“,
и пак со љубов му навраќаат –
за да му кажат колку го сакаат.

А што се однесува до мене, еве,
пред сите ботушани ќе ветам:
за Ботуше венец од стихови –
цел живот јас ќе плетам!

ЛОКВИЦА

Нигде мала баричка,
земја како ротквица,
ништо освен чешмите,
и селото Локвица.

Сето китно, зелено,
како лист од смоквица,
во Поречје познато
е селото Локвица.

Блазе на локвичани,
под тој синчест свод,
небаре се пристан
за целиот Брод!

МАНАСТИРЕЦ

Небаре е манастир, велат,
небаре така личи целото,
та можеби и цело Пореч
личи со Манастирец – селото.

Манастирот во Манастирец,
селото им го слави,
во кругот манастирски –
ширум славје прави!

Поречани, поречанки,
празнично облечени,
за славјето изгледаат
многу среќни, свечени...

ГРЕШНИЦА

Ова мора да е грешка!
Селото со добра лика,
со природни убавини –
Грешница се вика!?

Кој ја огрешил душата,
нека му се прости,
во Грешница со радост
се чекаат гости.

Грешничките води, ци,
мелат брашно бело,
Грешница навистина –
е бисер од село!

ЗАГРАД

Заград не е за град,
и онака си е цело,
и наликува на секое
чисто поречко село!

За град не е Заград,
ниту е заградено,
со срце е широко –
кон светот подадено!

БИТОВО

Меѓу Волче, Растеж и Заград,
жими зрно житово,
полно крушки и јаболка –
е селото Битово.

За битовчани од време,
велат, било многу битно:
да се продава на едро,
а да се купува на ситно!

ВОЛЧЕ

Пат поминав голем,
и по едно долче,
најпосле се најдов
во селото Волче.

И само што втасав,
ме обзема тага:
од волк нема трага,
сè било лага!

Кај волчани има
еден завет долг:
да не цари молк,
да не стапне волк!

БЕНЧЕ

Сред шумичка зелена,
како цветно венче,
дури од Добра Вода –
се наѕира Бенче.

Нека е вековито –
здраво како дренче,
секој го спомнува –
тоа село Бенче!

ПЛАСНИЦА

Се пласнала Пласница,
како пласт од сено,
во Треска се огледува
трипати на денот!

Со куќи начичкани,
позната е Пласница,
што ги грее сонце,
но и ѕвезда јасница!

БРЕСТ

Го поминав Пореч̀е,
и ми беше чест,
најпосле што стигнав
во селото Брест.

Брест и брестјани,
сточари и ловци,
со најубав пес,
и со крупни овци!

ЗДУЊЕ

Потонато во зеленило,
далеку од луње,
а блиску до патот
е селото Здуње.

Бре, здуњани, кажете,
кој ги брка луњите;
кој ноќе по градини
си ги бере дуњите?

РАСТЕШ

Минувале години,
денови во пластеш,
остареле куќите,
остарел и Растеш.

Во селото Растеш,
само еден Власте,
спокојно си расте,
безгрижно си расте!

РАМНЕ

Додека се искачиш,
душа ќе ти пламне,
таков пат те води
до селото Рамне.

Прво ќе ти стемни,
потем ќе ти самне,
сè додека стигнеш
сред селото Рамне!

Да е рамно, рамно е,
Рамне од Пореч̀е,
но за да биде пусто –
кој ли го пореч̀е!?

ЗРКЛЕ

До селото Зркле,
пат ме води долг,
можеби ќе сретнам –
мечка или волк?!

Зркам зрка зоркум зоркален,
и сиот сум збркален:
дали тоа некој зркол –
прави неред, збркол?!

КАЛУЃЕРЕЦ

Се сеќавам: една зима,
облечена сета в бело,
не знам како стапнав
во Калуѓерец село.

Лаеја кучиња, блееја овци,
мукаа крави од дворчиња,
а мали деца скришум ѕиркаа
од зад своите прозорчиња.

Не сретнав калуѓер, знам,
со долги плетени коси,
а, ете: по калуѓер името –
селото сигурно го носи!?

МОДРИШТЕ

Модро како модар камен,
како брза модра река,
Модриште е токму такво –
од векови, па довека.

Во Модриште сѐ е модро:
модрина до модрина,
модри сливи, преполни,
и тук-таму одрина!

БЛИЗАНСКО

Близанско е село
под небото ниско,
но, со питом народ,
и некако блиско.

Близанско од века
има примат признат:
ката пролет овци, кози,
само им се близнат!

РУСЈАЦИ

Ако пат ве одведе
кон Русјаци село,
немојте, ве молам,
да муртите чело!

Ќе видите моми,
со плетенки куси,
и момчиња лични,
згора сите руси!

Во Русјаци дојди,
макар за кратко,
колку да си каснеш
од капини слатко!

ТОПОЛНИЦА

Дојди зиме
во Тополница,
и напиј се
расолница!

Дојди лете
во Тополница,
барај сенка –
засолница!

Денот топол –
пеколница,
нигде сенка
во Тополница!

КРАПА

Гледам лево, десно,
со очите шкрапам,
и сè ми е јасно:
веќе сум во Крапа!

Како секој гладен,
во селото Крапа,
печен крап со ориз
од тепсија лапав.

Многу вешто селаните,
со долги стапови,
по реката ловеле
кленој, мрени, крапови...

СУШИЦА

Ако сакаш облаж
од горница крушица,
во Пореч̀е дојди,
во Поречка Сушица.

Од сонце се спржила,
сета жива душица,
леле, чудо невидено –
не се дава Сушица!

Ќе прегрмат сушите,
па ќе им е здушно,
сушичани свикнале
на живот во сушно!

СЛАТИНА

Се искачив на високо,
уво ми се затина,
зад мене е патот,
а пред мене Слатина.

Сѐ е тука чудесно:
куќи со патина,
за целото Пореч̀е –
барајте ја Слатина.

КОВАЧ

Погоре од Самоков,
ако се накачите,
во Ковач ќе втасате –
право кај ковачите!

Во Ковач се ковало,
и лете и зиме,
сега само селото –
носи такво име!

СЛАНСКО

Замириса сеното,
застоено, ланско,
замекаа козите
во селото Сланско.

Од водата солена,
од сол – солени изворите,
толку ќе зажедните –
душа ќе загорите.

Но, само за сланчани,
како руво странско,
секогаш е ново
и убаво Сланско!

ТОМИНО СЕЛО

Под сенка костенова,
во селото Томино,
старчињата играат
стара игра, домино.

– Наесен штом узреат
сите нивни костени,
не само поречани
ќе бидат нагостени.

Ако пат ве навее,
кон селото Томино,
дури узреат костени –
поиграјте домино!

ИНЧЕ

Да беше големо селото
на малата Тинка,
сигурно ќе го викаа
Голема Инка!

Но, како што е малечко,
и нашето Тинче,
и селото се вика
само – Инче!

ЦРЕШНЕВО

Пуштете ги чекорите,
не бидете смешни,
одиме кон Црешнево –
време е за црешни!

Во Црешнево црешните,
веќе се узреани,
црешничани ве чекаат
со усни насмеани.

За целото Пореч̀е,
шега од најсмешните:
врапчињата Црешнево –
го знаат по црешните!

ДРАГОВДОЛ

Во Драговдол, велат,
не цутеле лаги,
вистините само
за нив биле драги.

Во Драговдол појди,
стапни им на праг,
и биди им гостин –
како бисер драг!

ДЕВИЧ

Еве село зелено,
душа да ви замили,
го викаат Девич,
ама нема камили.

Дали било камиларник,
никој нема поим,
но, името на камила –
сè уште му стои.

Дојдете во Девич,
не правете врева,
можеби е на Крале Марко
таа сестра Дева!?

БРЕЗНИЦА

Кој што сака брези,
нека земе влезница,
веднаш нека дојде
во селото Брезница!

Ќе му шумат брези,
место бистри води,
згора и ќе слушне
и ловечки згоди!

СУВОДОЛ

Жеден, тажно рика
еден сивкаст вол:
нигде капка вода
во селото Суводол.

Суводолчани се прават
по малку „на глуво“,
и сеедно им е,
што е толку суво.

Тие така свикнале,
па гордо и стамено,
сите суводолчани
се цврсти ко каменот!

МОКРОСОК

Вездeн да се мислиш,
и памет да трачиш,
не ќе знаеш ништо
Мокросок што значи!

Но, затоа заспиј,
мирно глава покриј:
сонувај го Мокросок,
и нозете боси, мокри...

МААЛО

Во селото Маало:
мали куќи, мали ниви,
мали, ситни, добичиња,
мали крушки, сливи.

За селото Маало,
во наше Порече,
љубов, многу голема –
нека силно потече!

ОРЕОВЕЦ

Во селото Ореовец,
под ореов лад,
среде лето дојдов,
од далечен град!

И душа си одморив,
со сништа се борев;
разни дрвја гледав –
но, не каснав орев!

МАРГАРИТА

Не знам точно каде било
селото Маргарита,
но, за да го најдам –
низ Пореч скитам.

Добре Дијак Радев,
јас како што читав –
оттаму бил роден,
токму од Маргарита!

ИЖИШТЕ

Според едно старо
и дебело книжиште,
дамна се спомнувало
ова село, Ижиште.

И денес Ижиште
стои како село,
да Бог да е само
за добро дело!

ЛАТОВО

Навистина не е
големо ко Кратово,
но, лично и мило е
и селото Латово!

Низ Латово прошетај
ваму-таму намини,
а потоа не чекај –
на работа замини!

ВИР

Штом душа ти посака
тишина и мир,
без канење, појди
во селото Вир.

О, колку е тивко:
сѐ старчиња, баби,
дури не ќе чуеш
ни крекање на жаби!

ГОРНО КРУШЈЕ

Во Горно Крушје
начули уши:
слушни како паѓаат
зрелите круши.

Во Горно Крушје,
и усни и уши,
ќе ти мирисаат
на вкус од круши!

ДОЛНО КРУШЈЕ

Повели, дојди
во Крушје Долно,
и таму круши
е полно – преполно.

Касни си, брате,
заслади душа,
да знаеш кога
си јадел круша!

ДВОРЦИ

Убаво погледнете
не бидете „ќорци“:
куќи како замоци
има само Дворци!

Не попусто името
Дворци го клале:
за да ги бие
глас убав, далек!

Во Дворци, велат,
секое дете
уште од мало
дворот го мете!

СТАРО СЕЛО

Ако според името
селото е старо,
на младоста може
да му завиди царот!

Додека поглед
окото лови,
ќе гледа куќи –
чисти и нови!

БЛАНСКО

Ништо не е „блантаво“
во селото Бланско,
иако има мирис
и на сено ланско!

Ништо нема солено,
како во Сланско,
што дека секогаш
Бланско е – Бланско!

ДРЕНОВО

За Дреново велат
било здраво како дрен,
згора уште и чисто,
како јасен ден!

Во Дреново дојди,
да не ти е само блен,
на лице ќе добиеш –
како дренки тен!

ГОРНА БЕЛИЦА

Се пофали
една Елица,
една Елица
од Горна Белица:

– Во Горна Белица
и црното е бело,
од неа нема
полично село! –

Фалбата на Елица,
не е спорна,
само што Белица
е премногу горна...

КОСОВО

Во нашето Поречe
како гнездо ќосово,
се стуткало, скриено,
и селото Косово.

На Косово дојди,
ред ако те носи,
ќе научиш како
тревата се коси!

ДОЛНА БЕЛИЦА

Една друга Елица,
од Долна Белица,
рече вистина цела:
и Долна Белица
е чиста и бела!

Со сочни овошја –
таа полна,
и лична – прелична,
иако се вели
дека е долна!

ПРЕГЛОВО

Се впрегнале прегловчани,
ем цврсто, ем смело,
да го сорат Преглово
како цвеќе село.

А колку успеале –
за да не се мамите,
дојдете во Преглово,
и видете самите!

БАРБАРОС

По Фридрих Барбарос
име му ставиле,
на вишна планина
селани селце завиле.

На Барбарос денес,
само роса роси,
и наместо пчели –
брмчат лути оси!

ТРЕБИНО

Да е „требно“ Требино,
навистина е „требно“,
како село убаво,
како жито лебно.

Во Требино треба
повеќе надеж,
за лични моми,
за машка младеж!

ЛУПШТЕ

Од овошје лупено,
Лупште не се гледа,
овошките велат –
златни пари вредат!

Во Лупште се кријат
убавини ретки,
луѓето за добрини –
заслужуваат петки!

САМОКОВ

Покрај бистрата Мала Река,
кај терен за лов,
кај се кове чуден ков –
таму самува Самоков.

Самоковци – вредни луѓе,
чиниш вездeн сноват,
тие сами својата среќа
во пари ја коват!

МОГИЛЕЦ

Веројатно имало
могила до могила,
од некоја војска
што го поробила.

Поминале војните,
полни со зла – човечко дело,
па, на тоа место сега
е Могилец село!

ЛАГОН

Купив малу земјичка,
колку еден загон,
во селото далечно,
во селото Лагон!

Лаг до лаг сè лагони,
како вагон до вагон,
но, пешки се стасува
до селото Лагон!

АЛЕКСАНДРИЦА

Некогаш постоело,
точно не знам каде,
а не знам и тоа име,
кој ли му го кладе?

Дали била жена
или било моме,
сè е веќе минато,
сè е веќе спомен.

Ех, за ова село,
ме обзема тага,
што не можам денес
да му најдам трага!

КОВЧЕ

Како коска мало село,
мало како тровче,
и со име многу мало
е селцето Ковче.

Ковчани од дамнина,
тровче по тровче,
до ден-денес смело –
го чуваат Ковче!

ТАЖЕВО

Еве лага голема,
еве нешто важно:
во Тажево луѓето –
не живеат тажно!

Во Тажево тажи
само еден ќос,
во густата смола –
буричкал со нос!

Некогаш во Тажево,
вистината е „гола“,
живееле луѓето,
продавајќи смола!

ТРЕБОВЛЕ

Ако нешто ви притреба,
в ранина повјасајте,
и во Требовле селото –
навреме втасајте!

Во Требовле сѐ се требува,
сѐ се чува,
и сѐ мора да се има,
зашто среде борје –
долго трае зима!

ВАСИЛКОВЦИ

За разлика од разните
арамии, насилковци,
многу добри луѓе има
во село Василковци.

Им останал аманет
од прадеда Васила:
ништо лошо да не прават,
ништо, ништо насила!

Подалеку од резилот,
и од разни резилковци,
мирен живот се живее
во село Василковци!

ЗВЕЧАН

Таму нешто ѕвекоти
во утрото бело,
тој ѕвекот дамнешен
е во Звечан село.

Па, со тоа име,
со тој чуден ѕвекот,
селото со гордост
ликува пред векот!

БРАЌАМ

Од рид еден горе
поглед јасен фаќам,
сакам да го видам
тоа село Браќам.

Одамна постоело,
дури сега сфаќам,
останало само името
од селото Браќам!

ЗА ПОРЕЧЕ

Со своето сè поголемо присуство во македонската литература за најмладите, Саво Костадиновски (и покрај тоа што се смета и за поет на дијаспората) е меѓу најпродуктивните македонски писатели за деца. Неговото присуство е карактеристично со мотивско-тематската препознатливост во своето творештво и е поет кој длабоко проникнува во детскиот свет, полн со бескрајна фантазија, со едноставно, директно и искрено обраќање до најмладите, со песна – опсесија и посвета до нив, со исклучителна верба во пораката, во комуникацијата преку поетскиот исказ, со верба во моќта на тој исказ. Во своето поетско творештво оформи своевиден поетски свет, во кој се рефлектира, пред сè, хуманистичката димензија и во кој младите читатели ги препознаваат своите желби, фантазии и бајковитоста на сонот.

Ваквите квалификативи за поетското творештво на Костадиновски се однесуваат и за неговата поетска книга „Пореч“, која, сепак, се издвојува според тематската концепција (на што многу недвосмислено упатува и насловот) и во која силно е изразена љубовта спрема родниот крај. Односот кон него (и кон татковината) е присутен во сето поетско творештво на Костадиновски, но овде (во оваа книга) е посебно нагласен, со што книгата добива своевидна тематска целина, поточно тоа ја прави обична и единствена. Имено, сите 66 песни во книгата му се посветени на родниот крај, односно тие песни им се посветени на сите населени или иселени места, сè уште постојни или избришани од географските карти, исчезнати или коишто исчезнуваат, но оживеани и извлечени од заборавот со стихот и во стихот на Саво Костадиновски.

Исходот од поетовата определба за роднокрајната топонимија е во песната – посвета, песната – спомен, песната – порака, песната (на) враќање кон минатото, кон коренот. Истовремено, тоа е и потрага по коренот, по идентитетот, трагање во минатото. А сето тоа најчесто е во функција на археологијата на зборот, на поимот, на смислата и исто-

ријата на топосот. Потоа, значењето и смислата на топосот често ги открива и врз основа на преданијата и легендите, па оттука пеењето е и постапка на реконструкција и потрага по скриеното, запретаното, недоволно познатото значење, по кажаното, прераскажаното и најпосле испеано. Освен тоа, Костадиновски песната ја гради и преку досетката – најчесто според асоцијацијата што кај поетот ја буди името, но и со играта на зборот, со чија комбинација се добива осмислено означување што го дава топосот.

Нове Цветаноски

НАВРАЌАЊЕ КОН ПРЕДЕЛИТЕ НА ДЕТСТВОТО

Саво Костадиновски е писател кој со своето творештво, веќе од поодамна го свртел вниманието и на љубителите на поетскиот збор и на литературната критика.

Во овој ракопис, насловен како „Пореч“, авторот е целосно свртен кон своето детство, кон пределите длабоко сокриени во неговото битие, во неговата душа, со обраќање полно со искреност, со многу чувство на носталгија изразена со милозливост, со тага, со восхит, со галежност. Има доста музика во неговиот стих, без „киченки“, без мудрувања, без лажна ученост. Тој во искажувањето е непосреден и искрен. Накратко речено: тој го пишува, го преточува во стихови, она што го чувствува.

КОГА ПИШУВАМ ЗА ПОРЕЧЕ

Кога пишувам песна за Пореч,
најдобро ја чувствувам слободата,
па посакувам во срце сечие топло
да допре шумот од ветерот и водата.

И додека занесен по листот шарам,
ги замислувам нивите со жита
и сонувам во тоа царство да царам
и како дете по река да скитам...

Саво Костадиновски со чудесна топлина (како вратка или како завет) се враќа и ги опишува љубените предели на детството, селата и селаните на Пореч, водите и водениците, домашните животни и овошките, ливадите, висовите и сртовите итн. Оваа негова книга е пофалба на

родниот крај на Ботуше, на Локвица, на Инче, Суводол, Тажево, Слепче, Самоков, Могилец, Требно итн.

Пишувана со детска чистота и наивност, „Пореч“ е поетски споменик на искреното чувство, на љубовта кон родниот кат, посебно кога се знае (или знам) оти е пишувана од далеку, (и временски и географски) оти е длабоко доживеана и излеана до занес и егзалтација.

Михаил Ренџов

3

БОТУШЕ ВО СТИХОВИ

БОТУШЕ ВО СТИХОВИ

Понекогаш, не знам од каде и како,
душава инспирации ми прима,
за Ботуше мое да напишам
нови стихови, со нова рима?

Се случува песната и ненадејно
од желба или копнеж да ме пече,
секогаш кога во селото не сум–
река од емоции низ душава ми тече.

Со години, преку носталгијата,
дознав колку ова село ме плени,
па затоа Ботуше во стихови го сместив–
да пулсира како крвта во моите вени.

СЕЌАВАЊЕ НА РОДНАТА КУЌА

Никогаш не ги заборавам родната куќа
и собата во која го направив првиот чекор.
Се сеќавам на сите предмети во неа,
душава силно ми ја топли тој личен декор.

Во средината на собата имаше ќумбе на дрва,
до него маша, наоколу триножни столчиња,
на ѕидот полици со филџани и ѓезве за кафе,
и разни ситни нешта по малите долапчиња.

На ѕид ламба, до неа огледалце, чешле,
во еден ќош мојата колепка шарена,
трпеза за јадење, наспроти чекмеже за леб,
на него ѓумчето на дедо за ракија варена.

Преку цела зима до прозорецот имаше разбој;
се ткаеја килими и убави велиња;
за дарови, за свадби и за многу нешта,
покривки за возрасни, за деца и за бебиња.

Наспроти собата се наѕираше огништето;
ретко кога ќе изгаснеа гламните;
и котле со вода обесено на синџирот,
кога не се печеше леб, под сачот, во црепните.

Добро си спомнувам и за одајчето,
уредно и чисто, со прозорец кон дворот,
наспроти прозорецот – кревет и невестински ковчег,
со убав поглед надвор, кон липата и борот.

ЕДНО БОТУШКО МААЛО

Уште во раните утра, со ѕвездата Деница,
скукалени старци шетаат по градината,
ги гледаат овошките бујни и се радуваат,
како да се заедно во игра со внучињата.

Штом сонце затоплува во утрински часови,
сѐ живо е надвор, се работи по дворчињата,
самарат коњи, кравите ги пуштаат на пасење,
ги хранат прасињата, мачињата, коковчињата.

Се напушта домот чист, веленциња по чардаците,
со отворени прозорци од собите, од одајчињата,
се ита кај нивите, ливадите, забраните,
дома се само старците за да ги чуваат дечињата.

По дворчињата заградени со тараби, плотје,
корита за исхрана на телиња и јагнињa,
со дрва за огрев, со џунџуле и невен,
под прозорец каранфили или јорговaнчињa.

Во вечерниот самрак, по напорниот ден,
домаќините ги собираат семејствата крај огништата,
крај трпезата сите покрај сачот и црепните...
Потоа само кучињата се будни по двориштата.

СВЕДНИТЕ ВО БОТУШЕ

Сведните во Ботуше се исконски, библиски,
благороден божилак кај старите и младите,
та сè што е побожно и христијанско, свето,
широко место има во душата, во градите.

Било да е Велигден, Ѓурѓовден или Водици,
во знак на сведенот празнично е селото,
побожниот секогаш радо во црква оди,
и се моли за најмилите и за виделото.

Сведенот е радост, ден за народна игра.
На гради накитени со здравче и босилче,
ората ги водат младите со шамиче в рака;
срце до срце, љубов до љубов, момче до девојче.

Чинам најубави се сведните во пролет,
така е барем тогаш кога во Ботуше се слават,
тие се дни и кога љубов голема се раѓа,
па сведните пролетта полична ја прават.

ЛУЃЕТО ВО БОТУШЕ

Ако навратиш во нечија ботушка куќа –
гостољубив домаќин ќе ти пружи рака,
дали познат или непознат патник си,
за некоја радост, можеби и за мака.

Ќе те послужи со кафе, ракија или вино,
вечера ти нуди, на трпеза те кани,
ќе разговара како со пријател стар,
со топли зборови што лечат рани.

На заминување домаќинот ќе те поздрави,
со најубав благослов за пријател драг,
за секоја добрина и од Бога е речено:
бериќет и среќа има куќниот праг.

НА БОТУШКИТЕ ПОТОМЦИ

Што можам да им кажам на идните потомци?
Кај што Ботуше ликува со својата убавина –
таму е дамарот на нивните прадедовци,
таму е коренот на нивната татковина.

Зошто да не се вратат во своето село,
кога тоа секогаш желно ги чека?
Радост да му вселат, да потече живот,
ко бистрата планинска, непресушна река.

Колку можам да зборувам за вистината
што Ботуше на сите несебично ни ја нуди?
Тоа што вечно пулсира во нашите души-
ќе остане ли само спомени да буди?

ПРОЛЕТТА ВО БОТУШЕ

Пролетта во Ботуше ко пред очи да ја гледам,
прекрасна слика во разни бои,
качунки, кокичиња, синолички сини –
трајно се сместени во спомените мои.

Во пролетта рана, штом сонце ќе пекне,
се враќаат ластовички во гнездата стари,
кукавицата разгласена по цел свет се слуша
и жабите раскрекани по зелените бари.

Се копаат бавчи, секој трап се сади,
се ораат ниви, пролетното семе се сее,
време е и за леите со кромид и пипер,
а сонцето од ден на ден сè потопло грее.

Во пролет природата е најголемо вдахновение,
како птица во лет ја чувствувам слободата,
та самиот себеси се прашувам често:
што има на светов поубаво од природата?

Децата се занесени во игрите и широчините,
од сончева светлина поплавен е денот убав,
пролетта е многу повеќе од еден збор,
а младоста е радост, поезија и љубов.

ЛЕТОТО ВО БОТУШЕ

Кога во Ботуше летото ќе зацарува,
насекаде е живо, по поле и по планина;
со денови ливадите вредно се косат,
со радост се работи во оваа рајска убавина.

Во планините се ноќева со денови, месеци,
секој има стадо, секој од нашето село,
во бачила кашкавал и сирење се прави,
таму овците го даваат млекото бело.

А понекогаш, среде летните горештини
со молњи и грмотевици паѓаат дождови летни,
разгласени ќе дотечат и суводолиците,
се наводнуваат нивите и ливадите цветни.

Децата за време на летниот одмор
собираат јагоди, капини и дренки,
се китат со гороцвет, петопрст и невен,
уживаат во игри крај извори под сенки.

За класјето да зреат – сонцето се грижи,
и овошја многу во Ботуше има;
таму и само таму има магично лето –
а најубаво во споменот запишан во рима.

ЕСЕНТА ВО БОТУШЕ

Есента се познава по неизмерното богатство
од плодови и работи што насекаде ги има;
се берат јаболка, круши и сливи;
се прибира зимница за долгата зима.

Се копаат компирите, гравот се бере,
оревите, костените, пченката по нивите,
се собира храна и за добитокот,
со сено и слама се полнат плевните.

И кога есента полека си оди
и јатата птици кон југ летаат,
време е на дождови, а природата злати –
пожолтени лисјата од дрвјето паѓаат.

Стадата се ближат кон своите трла,
пасиштата им ги остават на кротките срни –
есента е лична со постели жолти,
а горда со голи гранки и гаврани црни.

Во доцна есен, пред самата зима,
и печалбарите се враќаат в село,
за „Свети Никола“ – на ракија топла
и на домашно гравче од грне врело.

ЗИМАТА ВО БОТУШЕ

Зимата во Ботуше е долга и романтична,
како и во другите поречки села;
со месеци цели низините и планините
лежат покриени со покривка бела.

Глува е планината над селото во зима,
по пештери, дупки, дивечот спие,
само волкот скитник гласно се слуша,
како гладен некаде во шумата вие.

За ловци со загари итри најзгодно е време
по зајаци и лисици во утрата ранки,
а пак сурија деца по цел ден –
весело јурат на брзите санки.

Но и зиме се работи, особено дома,
тутунот се калапи, пченката се кати,
се везе, се преде, се плете или ткае,
безброј седенки во доцните саати.

Брашно се меле по селските воденици,
погачи вкусни дома се печат,
Божик се чека, а потоа Водици...
Прашај ги ботушани – истото ќе ти го речат.

НА СВАДБА ВО РАВЕН

Една пролет бев на свадба во селото Равен.
Момчињата играа во дворот со трендафилчиња.
Се изнаслушав многу свадбарски песни,
разнесени од гласот на личните девојчиња.

Сватови со црвени бајраци напред,
и моми закитени со венче,
тргнаа во Равен на коњ да донесат –
млада невеста од блиското село Бенче.

Девојките беа убавина што пее за убавината,
а песните – искри што ја палат младоста,
та најтешко на светов било да си момче вљубено,
маѓепсано утеха да бара во љубовта.

Со денови Ботуше имаше свадбарско руво,
песни се пееја и дење и ноќе...
Останаа само спомените да ги паметам,
убави како пролетното планинско цвеќе.

ПРЖИНО

За тие прекрасни ботушки пејзажи
навистина до ден-денес ме боли душата,
зашто во едно жешко августовско лето –
безмилосно, до корен, ги изгоре сушата.

Остана понекое исушено дрво,
врз кое лете ни гром не паѓа,
таква природна убавина, верувам,
повторно земјата веќе не раѓа.

Искрено ви велам: голема жал ме фаќа,
што за долго ми е нагрдена планината...
Боже, колку сакам живот да им вратиш
на пејзажите, дрвјата, тревите – убавината.

ЛАЗОЕ

За Лазое од памтивек се знае
дека е едно убаво и мирно маало,
„на каршија“ од другите е распослано,
и чиниш сета идила ја збрало.

Лазое е богато со разни овошки,
секоја година местото е родно,
овде-онде гледаш овоштарници и лозја,
и извори со вода за сè што е плодно.

Ред нивчиња има, со пожолтени класје,
ред ливади, разнолични, цветни,
ред посеви со коноп, рен и зелје–
убавини што ги красат деновите летни.

КРАЈНА ОРНИЦА

Долу, во подножјето на нашето село,
во едни клисури, стрмни и тесни,
живописни пејзажи може да видиш,
по кои славеите пеат најубави песни.

Крајната орница не е баш крајна –
зад орницата се протегаат карпи сиви,
во кои живеат грабливци многу,
јастреби, орли и други птици диви.

Клисурата, сепак, не е во молк и штама:
рекички жуборат – водопади брзо ечат,
тресиопашки и други крајбрежни птици –
осамата секогаш со песни си ја лечат.

ПЕАН ДАБ

Пеан Даб се вика местото на ридот
што го краси зелена убавина,
особено во деновите летни,
богати со златна сончевина.

Во пладнето топло одмораат стада,
шумата има многу широки места
и извори со студени води –
за грлото кога жедта е честа.

Ме обзема магично-носталгична мисла,
срцево ми се исполнува со љубов света,
а душава топлина ми ја преплавува
од многуте изминати жешки лета.

ВИКАЛНИК

Викалник е една многу висока карпа,
оградена од буки и јасики тенки,
како кула до небото е среде зеленило,
и убаво место за одмор под сенки.

Попривлечно место нема во близината.
Го пара сводот, извишена на планината.
Нејзината необичност ги заличува пејзажите.
За восхит е и кога се крие зад омарнината.

По карпата: здравец, смилје и гороцвет цвеќе.
Прекрасен поглед надалеку кон селото.
Природа како мевлем за душата и срцето –
дури да не им веруваш на очите, виделото.

СТАНЕО

Кога си спомнувам за местото Станео,
на ум ми паѓа една приказна за времето дамно...
Со денови таму работел вредниот Стане,
недалеку од селото, на ритчето Рамно.

Стане имал пчеларник, најголем од сите,
умеел со медот и со пчелите да ракува.
Бил горделив мајстор, тоа не го криел,
знаел да направи сè што срце ти посакува.

Навистина Станео е многу убаво место:
со багреми, липи и пејзажи цветни.
Прекрасна природа, благодатен рај за пчели,
и напролет, и во сончевите денови летни.

СРЕДОК

Го сакам со срце што знае да сака,
не затоа што сум роден во тоа маало,
туку поради изворите, ливадите – природата,
знам – не му е рамно ни Ботуше цело.

Се радувам како дете со мајчица своја,
радоста не може никогаш да ми мине,
та кога си спомнувам на родниот Средок –
душава од болка и копнеж ми се кине.

Во Средок првпат нежно чекор пуштив,
таму почнав да го гледам светот убав:
по дворот, по градината, по бавчите плодни,
и крај цвеќињата што ги засакав со љубов.

НА ЛИВАДА

На сред село, на Ливада, до чешмите,
има израснато една висока бреза,
ливадата ја краси, па дури и селото,
од милосливост дури ја викаме „принцеза“.

Се радувавме на брезата, чешмите, ливадата,
особено на сведните кога ќе се соберевме,
пред гајда и кавал, или тапан и зурла –
и старо и младо „Тешкото“ го игравме.

И одвреме-навреме, кога на Ливада одам,
зарастена со тревје, папрат, лобода,
си спомнувам на игрите со другарите –
толку бескрајни во детската слобода.

ИЗВОРИ

Извори е место познато по изворите,
неопислива убавина секого што плени,
наесен кога матни луњи насекаде фрчат –
изворите се чисти, водата се пени.

Од изворите пијат ливадите, нивите,
бавчите со пиперки, домати и цвеќе,
водата им е лек на луѓето, па затоа –
животот им го прави убав и среќен.

Водарките често вода за аргати носат,
за орачите, жетварите и косачите вредни,
добитокот го појат – овците и говедата,
и птици слетуваат кога се жедни.

А по текот на изворите, по падината,
кај што водата си жуборка вечно,
меѓу лески, тополи и неброени врби –
од дотеците се формира корито речно.

ТОПИЛА

Рамница со ниви и ливади цветни,
на самиот рид горе од нашето село,
ред бавчиња, ред браздички со вода,
по меѓите вратика и цвеќе црвено и бело.

Ред овошки разни од многу сорти,
и некои штотуку накалемени, млади,
плодно место и за компир и тутун,
тука успева сè што човекот сади.

Посевите селото полично го прават,
во пролет, во есен и во родното лето,
пријатен мирис разнесуваат за душата
од сеното косено и од ожнеаното жито.

Ноќите се романтични, штурците свират,
по работата привршена во напорниот ден,
децата немирни по светулките трчаат,
а старците одмораат под крошниот јасен.

ЦРКВИЧЕ

Тоа е свето место меѓу старите дабје,
Насреде изградено црквиче бело,
со камбана од која гласно звоната звонат –
да се слушне надалеку низ целото село.

На сведните секој човек доаѓа тука,
да запали свеќа, да се помоли чесно,
да се прекрсти и молитва да каже–
на душата да му е ем мило, ем лесно.

Сум слушале дека отсекогаш во моето село
луѓето многу сакале и почитувале празници,
христољупци по Библијата и светото слово,
и е најсвето место за селаните верници.

Иако црквичето беше многу мало,
имаше икони со Христос и Богородица,
и со другите светци и ангели чувари,
а по ѕидовите фрески – во нив вперени лица.

ИЛИНО

Илино е на рид, на една чистина,
рид што ги храни и Ботуше и Бенче.
Вистинска приказна за тоа место
ја слушнав од дедо ми Венче.

Одамна, пред многу години изминати,
имало црквиче на тоа место осветено.
Луѓето го чувале ко очите свои,
и на сите сведни било посетено.

Но, црквата за време на ропство –
ја запалиле и изгореле целата;
душмани клети и безбожни –
во црно ги завиле селата.

Денес во селото веќе не се знае
до кога ќе стојат само урнатини?
Ќе има ли генерации во иднина –
за да видиме црква наместо ѕидини?

ЛЕТУЊЕ

Летуње е помала планина од Добра Вода,
но исти хоризонти и двете ги поврзуваат,
под ист небосвод двете векуваат,
и исти убавини во себе поседуваат.

По Летуње, како и по Добра Вода,
има бачила и по пасиштата бројни стада,
дабова шума, јасики, ракити и буки,
планински билје – цвеќиња и трева млада.

Летуње е богато и со извори ледни,
со ливади по кои сено се коси,
дрво се сече за огрев и за градби,
и со коњи в село тоа се носи.

Нашата планина е благородна цела,
за потреби што се важни за живот;
во нејзината широчина има волшебни места–
за сè што е во неа, питомо и диво.

ЧЕШМИТЕ

Чешмите се место со неколку чешми,
во Ботуше токму среде селото.
Од нив се полни вода за пиење,
и нив ги чуваме како виделото.

На Велигден, Ѓурѓовден, на Цветници,
сиот народ од селото се збираше тука,
се пееја песни, се играа ора,
под сенките широки од липи и бука.

МЕРИЗ

Покрај бистрата рекичка што жубори, тече,
под сенки од дабје, јавори и буква,
„мериз“ до „мериз“, стадо до стадо –
во секое лето ги имаше тука.

Од „меризот“ по врвиците покриени со гранки,
низ шумата, кај што птици се гласеа,
во котлиња накитени со венче од цветје–
млекарите млекото дома го носеа.

Во летните пладнија врели,
за да видам јагненца таму одев,
одмораа овците, кучињата и овчарите,
а јас сето тоа го гледав и помнев...

РАМНИ ПАТ

Рамни Пат е најрамниот пат од селото,
а јас го запаметив по многу нешта.
Честопати таму се натпреварувaа коњите –
ги боднувaа во трка што побрзо и повешто.

Веднаш до патот големи широчини има.
Тие беа арени за битки на биковите.
Се толчеа, душмански, глава со глава –
од силните удари им sвечкаа роговите.

Ние, децата, игравме наши игри,
до доцна вечер, по летна месечина,
гласниот џагор надалеку се слушаше–
одекнуваше по долините како од далечина.

Рамни Пат го паметам и по долгите меѓи.
Крај нив: црвени божурки расцутени,
разлетани пеперуги, бумбари и пчели –
сето тоа во моите спомени е разбудено.

ПРЕСЛОП

Си спомнувам: беше една квечерина летна,
од небото силен град и дождови паѓаа;
тоа повеќе личеше на вистински потоп,
кога трештеа громови – од ум ме вадеа.

Го покрија селото облаци темни,
стравотна глетка во ридишта горе,
небото црташе шари од молњи,
потекоа суводилици, води – едно море.

Јачеа планините од ветриштата силни,
кои уриваа дрвја и гранки кршеа,
се направи пустош по ливади, бавчи, ниви;
беа ископани и гумната по кои коњите вршеа.

Во тој летен ден, еве што се случи:
го запаметив Преслоп, тоа убаво место,
и малата колиба направена од штици –
од невремето ме спаси – си кажувам често.

РАСОА

Клисурата Расоа е живописна ботушка делта,
каде што се соединуваат две рекички мали
и нашето детство и старост во место рајско,
покрај жуборот на водите, кај што ветрето гали.

Ако од Добра Вода кон Расоа гледаш–
од врвот на планината, од височините,
не им веруваш дури ни на очите свои,
како можат да опиваат и далечините.

Ако пак од Расоа кон Добра Вода гледаш–
погледите во синото небо ти се губат;
и ти се чини како врвовите на планината –
со зенитот на сонцето топло се љубат.

Овие пејзажи красни им се препуштени
само на птиците песнопојни, мили;
од песните безбројни тие што ги пеат –
в срце ти се точат магични сили.

ВОДЕНИЦИ

Во местото Воденици отсекогаш имало
воденици за потреби важни,
одамна, пред години бројни –
ги граделе со мерак мајстори снажни.

Недалеку од селото, долу,
до реката, во клисурата тесна,
среде шумичка, ко во некое гнездо –
воденица имаа дедо Росе и баба Весна.

Вртеа тешките воденички камења,
и живот значеа за целото село:
мелеа пченка, пченица со тони,
за погачи вкусно од брашното бело.

ВОЛЧЕГАР

Наспроти Ботуше е планината,
од каде што зората почнува да руди.
Наутро сонцето дава убава лика –
така селото сонливо од сон се буди.

Дење таму дрварите дрва берат,
во шумата, во пределот зелен,
каде што по чистините трева пасат диви кози,
срни и понекој рогат елен.

А навечер, кога во селото се прибираат сите,
последниот сјај на Волчегар се гледа;
месецот, како и секогаш, е на пат –
веќе излегол по небото колку една педа.

ГРАДИШТА

Не знам по кој повод име му дале:
тој висок рид да се вика Градишта,
кога до ридот се стига по врвица шумска,
а не по некои градски патишта!?

О, планино лична, раззеленета цела,
на врвот твој карпите личат како круна,
лете ветрец жестина растерува,
а зиме е оркестар, свири ко на струна.

Во ведра квечерина над Градишта се гледа
сјајната ѕвезда Вечерница, треперлива сета,
чиниш, има ритам на звуците на кавалот
што ги разлеваат овчарите во топлите лета.

Ноќе, додека месецот по небото езди
и растура зраци во сребрен сјај–
од ноќните птици, ехо од утки се слуша
надалеку во тишината, во планинскиот рај.

ПЕШТЕРИ

На стрмните карпести и разголени ридје
има пештери по кои името го носеа.
Обградени со ниски шумички и треви,
силни ветришта таму не косеа.

Напролет прво зазеленуваше тоа место,
од благите јужни ветрови што дуваа.
Шумата шумеше под златниот сончев сјај,
безмеѓни се убавините што тука изненадуваа.

Патот кон планината минуваше крај пештерите
до местата каде што се собира планински чај.
Тука боите погледите ги маѓепсуваат,
природата има свој неопислив рај.

На залез пештерите менуваат лика.
Сонцето вкрвавено како да се топи.
Квечерум карпите бликаа како знамиња,
гледани од подножјето до ливадите со копи.

КОРИЈА

Столетни високи благуни и понекое церче,
овде-онде трнчиња, млечка, па и штавеј...
Во летен припек - ниту врапче да првне,
а камоли да екне песна на славеј.

Коријата цело пладне во штама би била,
ако клукајдрвецот по дрвјата не чука.
Искрен сум, па затоа и признавам:
ништо што душа ми сака немаше тука.

Коријата уште погрда ја чинат
црните гаврани и нивните големи гнезда;
насекаде коприви, оси, стршени и понекој еж,
и густа, густа „дрзга“, темна како бездна.

Но, на крајот од коријата една ливадата има,
каде што цел ден ги слушав славејчињата;
собирав темјанушки, задоволно си пеев,
и се восхитував од жуборот на поточињата.

По ливадите наоѓав качунки и бели ради,
и медитирав со ритамот на природата цела,
која со толку голема љубов ја сакав,
како што се сакаат девојчиња – со љубов врела.

ПЕЈКОВЦИ

Разлистала гората, расцутеле цветје,
со кичери цветни се накитиле сите:
во најлични бои пламтат овошките,
црешните, јаболката, сливите, крушите.

Ливадите се чистат, нежна трева да расте,
спрегнати плугови ораат земја ровка,
сончогледи, грав и компири си садат
чичко Томе и неуморната тетка Софка.

Пејковци ги сака вредните луѓе,
кои работат ко мравки по родните ниви.
Дури и по месечина, до доцна навечер,
пред нив запеале и птиците диви.

Се случува песната и ненадејно
од желба или копнеж да ме пече,
секогаш кога во селото не сум–
река од емоции низ душава ми тече.

— 4 —

СО БОТУШЕ ВО ПАРИЗ

ПРЕДГОВОР

Ниеден човек на светов не си го заборава неговиот роден крај, а посебно оние кои заминале на печалба.

Што се однесува до мене, јас, насекаде, каде и да патував по светот, го носев со себе - во моите мисли - и моето родно село Горно Ботуше.

И, ништо чудно не е ако притоа - од љубов кон родниот крај - секој човек посака на некој начин да му се оддолжи. Така и јас...

Имено, моите зачестени патувања од Келн за Париз, ме поттикнаа и ме инспирираа да ја создадам збирката „Со Ботуше во Париз“. Спомените од детството и убавините на моето родно село дури и во оваа збирка песни најдоа свое место!

Иако, според некого - сигурно е прехиперболизирана споредбата на малото Ботуше со огромниот и светски познатиот велеград Париз - јас, сепак, мислам дека не сум претерал. Сето тоа што е напишано овде е напишано во мигови на поетски занес и творечка егзалтација - па, ниту Париз, ниту кој и да е друг град на планетата Земја - нема право „да ми се налути“ на ваквите изблици на на восхит и величање!

Авторот

СО БОТУШЕ ВО ПАРИЗ

БОТУШЕ И ПАРИЗ

Ботуше и Париз се две нешта –
за мене убави и недоречени,
тие во срцево ми се најблиску,
иако се премногу оддалечени.

Ботуше е моето мало родно село,
каде ги минав годините детски,
а Париз – еден од најубавите градови,
метропола над сите метрополи светски.

И сè така додека ќе бидам жив –
во срцето мое ќе ги носам нив!

ПРВАТА СРЕДБА СО ПАРИЗ

Ми се чинеше дека е сон,
изморен кога скитав,
пред првата средба со Париз,
за него многу читав.

Дали Париз го освоив,
или тој мене ме освои, ете,
но, знам: по првата средба –
бев среќен како дете!

Париз и по една средба
каква било да е,
да те плени во прегратки –
навистина знае!

ОД КЕЛН ДО ПАРИЗ

(Париз, 6 јули, 1991 г.)

Летам со „Конкорд“ и мислам:
дали е ова јаве или, пак, сонувам!?
„Летаме на височина од...“ –
гласот на стјуардесата одзвонува.

Авионот се движи со голема брзина,
и јас зaџарен со поглед лидам:
од високо, од над облаци горе –
сакам Париз првпат да го видам.

Авионот слета на аеродромот;
гласот на стјуардесата се слуша;
а јас брзам, сè да видам, и Париз
да си го понесам во мојава душа!

СО БОТУШЕ ВО ПАРИЗ

Со Ботуше во Париз,
во Келн, па во Бон,
со Ботуше низ Хамбург –
се шетав како в сон.

Со ниедна улица на Париз,
ниту со куќи и личности,
не видов или не успеав
да пронајдам сличности.

Родното село, не само во Париз,
туку каде и да одам
е моја амајлија света –
така Ботуше си го водам.

ВТОРПАТ ВО ПАРИЗ

Во Париз вторпат пристигнав,
со авион, приквечер, по ладот
и, морам да признам – многу
поубав ми се виде градот.

Под светлото на светилките,
на прошетка беа големо и мало,
поради големата вжештеност
тогаш да шета сè беше се вдало.

Прошетав и јас, осаменички,
по булеварите и по кејот на Сена,
и вторпат убаво сфатив:
Париз протече низ мојата вена...

ПАРИЗ

Париз е голем град, светски,
што во милиони срца бие.
Париз сите знаменитости
ги дава на увид, не ги крие.

Секој што дошол во Париз,
знае дека назад не му се оди.
Секој тагува што во Париз,
немал среќа и тој да се роди.

Париз и ноќе, и кога се разденува,
странецот го пијани, го пленува!

МОЛБА ДО ПАРИЗ
(Париз, 9 јули, 1991 г.)

Прости ми, граде, голем и личен,
што во првото пладне мое бело,
те споредив со родното Ботуше,
со моето мало бисерно село.

Ти си голем и неоспорно убав,
гордост на парижаните,
но, знај: Ботуше е зелено сето,
и чиста душа имаат ботушаните.

Јас те молам, граде на вечноста,
во името на сите бессонија,
Ботуше да го запаметиш по мене,
и по мојата најмила Македонија.

ПО УЛИЦИТЕ НА ПАРИЗ

Шетам по улиците на Париз,
во непрегледна од луѓе река,
и не знам зошто душата моја
по моето Ботуше везден пека.

Милиони парижани и странци,
се шетаат по улиците,
меѓу нив и еден ботушанец,
што другарува со птиците.

Ако сретнев уште еден ботушанец,
во тоа од луѓе шаренило светско,
знам, ќе се чувствував среќен,
и ќе имав срце резиграно, детско.

УЛИЦИТЕ НА ПАРИЗ

Продавници, киосци, реклами,
агенции, театри, киносали,
народ, луѓе, дење и ноќе,
и минувачи, големи и мали.

Улиците на Париз наличуваат
на река од соништа детски,
по нив се преточуваат луѓе,
од сите меридијани светски.

КЕЛН И ПАРИЗ

Келн и Париз – два града,
со минато и иднина своја –
во две земји исправени,
како два јарбола стојат.

Келн и Париз ги видов,
и за некое чудо –
и двата града ги засакав,
безмерно и лудо.

Келн и Париз долго време,
ги чувствував како свои,
можеби затоа им подарувам
топлина со стиховите мои.

РАЗЛИКИ

Париз и Ботуше имаат
речиси иста боја,
но, само родното село –
ја топли душата моја.

И цвеќињата не се исти,
и да не се вџашите,
од париските, верувајте ми,
полични се нашите!

Пејзажите на Париз
по убавината наличуваат,
но, со оние од Ботуше –
каде – каде се разликуваат!

КОПНЕЖИ ОД ПАРИЗ

Копнежите од Париз понесени,
не траат како обичните, знам,
тие се повисоки за една кула,
или за еден Нотр дам!

Копнежите од Париз понесени,
имаат своја висока цена:
тие го имаат Монмартр,
и сите мостови на Сена.

Копнежите, ах, копнежите мои,
никако не можам да ги сфатам:
сè некако ме тераат во Париз
пак да дојдам, да се вратам!

БОТУШКИТЕ ИЗВОРИ И СЕНА

Ми клокотат ботушките извори,
небаре избива бела пена,
сѐ додека од брегот во Париз
ја гледам реката Сена.

И не знам зошто ги споредувам?
Сена од вода е како лавина...
Но, затоа никогаш ќе ја нема
на изворите ботушки бистрата убавина.

БОТУШКИТЕ УБАВИНИ

Кога ќе се најдам во Париз,
било лете или пак зиме,
на моето родно Ботуше –
тивко му спомнувам име.

И, колку да е убав Париз,
и да блескоти во сјај,
не може да ми биде помил
од Ботуше, родниот крај.

МОЛБА ДО СЕНА

Еве, неколку стихови
гласно ќе ти испеам
за ботушките извори,
да ги чуеш и примиш
како насмевка пресна,
да ги одлееш до океанот,
и да му кажеш
дека и за него има
место во мојава песна.

Тиха и со бела пена,
низ Париз тече Сена...
О, каква ли убост ќе има,
ако од ботушките извори –
водите ги прима?!

АЈФЕЛОВАТА КУЛА

Сè така ми се чини,
како да се лула,
прочуената париска дама –
Ајфеловата кула.

Се искачив до врвот
на ова светско чудо,
и гледајќи го Париз –
ја засакав лудо.

Ајфеловата кула не е
сонце што зрачи,
но, сепак, таа на Париз
како сонце му значи!

НОТР ДАМ

Кога бев во Париз,
многу убаво знам,
сакав да ја видам
црквата Нотр дам.

Штом ја видов црквата,
и камбаната ми екна,
тогаш на Svонарот
веднаш ми текна.

И додека во ушите
ми допираше svонот,
посакав Нотр дам
да ја видам и во сонот!

ПАРИЗ – СЕКОГАШ БУДЕН

Париз е секогаш отворен,
и како град мошне чуден:
цели дваесет и четири часа
тој е раздвижен и буден.

Отворени продавници бројни,
наутро, напладне, и ноќ кога тече,
Париз никогаш не спие,
и со будноста тој е вечен.

ПЕЧАЛБАРИТЕ ВО ПАРИЗ

Нашите печалбари во Париз,
дојдени ваму од века,
убаво говорат француски,
а душата од тага им пека.

Среќни што се вработиле,
во очите им се гледа сјај,
ноќе изморени си легнуваат,
и тагуваат за родниот крај.

ЉУБОВНА ЗА ПАРИЗ

Дуваше пролетен ветер,
а јас со на реверот цвет,
воздивнував крај Сена,
и ја чекав русата Анет.

Сена вљубена во Париз,
шумно фрлаше пени,
а јас заљубен во Анет,
со чуден немир во вени.

Сеќавав: покрај Анет,
Париз многу го сакав,
и во знак на љубовта –
му подарив топла рака!

ПОЗНАНСТВО СО ЖАНЕТ

Случајно ја запознав Жанет,
малата продавачка на цвеќе,
и тој миг не се опишува,
колку се чувствував среќен.

Ми се чинеше: мирисот убав,
ветрот мене ми го носи,
да ме потсети на сините очи,
и нежните, мили, руси коси!

Случајно ја запознав Жанет,
цвеќарка со цвете в коса,
и оттогаш и неа, но и Париз,
сè така в срце си ги носам...

БЕССОНИЦА ВО ПАРИЗ

Од возбуда не можев да спијам,
и ноќта ја минав полубуден.
Шетав по улици и тротоари,
и за никого не бев чуден.

Ноќите во Париз се бурни,
исполнети со невиден замор:
момчиња и девојчиња саноќ
на улици ги зближува Амор.

Сите бифиња и дискотеки,
ноќе, од млади вријат,
и тие страдаат од бессоница,
и не можат да спијат.

ЕДНАШ ВО ПАРИЗ

Еднаш, шетајќи во Париз,
онака, бесцелно и сам,
во ушите ми допре глас
од ѕвоната на Нотр дам.

Биеја камбаните здружено,
гласот надалеку ечеше,
а мене мислата миговно,
кон Македонија ме влечеше...

Мислев крушевските камбани
и ваму разгласуваа гласно
за нашиот Илинден
и за нашиот АСНОМ...

Еднаш, шетајќи во Париз,
длабоко од својата душа,
наместо оној глас од Нотр дам,
наши ѕвона сакав да слушам!

НОЌНАТА СВЕТЛИНА НА ПАРИЗ

Париз блика цел
од канделабрите светли.
Ноќе Париз живее како дење,
и денот не го будат петли.

Ноќе светлината на Париз
има мека боја, со сјај полна.
Светлина за заљубените!
Нема поубава, се колнам!

Ноќната светлина без престан,
во продолженија си тече.
Убаво е да ја почувствуваш,
па макар да е и една вечер!

НАША ПЕСНА ВО ПАРИЗ

Кога ќе се слушне нашата песна
на улицата секојдневна, наша,
никој не ја слуша, секој брза,
а за името ниту да праша.

Но, песната македонска,
кога во Париз може да се слуша,
на срце станува најблиска,
и како да има волшебна душа.

Само тој што ја разбира неа,
и што умее сам да ја пее,
за разлика од сите минувачи –
со песната се топли и грее.

УТРО ВО ПАРИЗ

Наутро минувам по улицата,
додека сè уште градот спие,
пред мене чекори клошар
и пак со алкохол грло си мие.

Наеднаш, како котел со вода,
зоврива Париз од врвулица,
и во река од обични минувачи –
се претвора секоја улица.

Утрото во Париз го поздравувам,
и сам некако се чудам:
дали нешто почнав да сонувам,
или со утрото се будам?!

ЦВЕЌЕТО ВО ПАРИЗ

Во Париз препознав цвеќе,
кое на нашите наличува.
Го погледнав и помислив
дека мене ме повикува:

– Погледни ме, пријателу,
што шеташ така среќен,
од твојот и мојот крај –
јас сум твоето цвеќе! –

Цвеќето што го препознав,
и по мирис и по боја,
како да беше пресадено
од градината моја!

СПОМЕНИ ОД ПАРИЗ

Од Париз понесов спомени,
душата што ми ја греат.
Небаре се сочни плодови,
катаден во мене зреат.

Во Париз се запознав со Анет,
и со Жанет, двете со руси коси,
и сфатив: беа родени во Париз,
и затоа секоја в срце го носи.

Ме искачија на Ајфеловата кула,
ме прошетаа по кејот на Сена,
и сега повторувајќи „Анет“ и „Жанет“ –
устата ми фаќа катаден пена!

AU REVOIR, ПАРИЗ

Au revoir, Париз, граду на Сена,
секој со воздишка вели,
на разделба кога од Париз,
со болка на душата се дели.

Јас му реков до гледање Париз,
а зошто, не можам да сфатам.
Можеби затоа што посакувам
повторно во него да се вратам!

Со Париз нема збогување,
поради сите убавини што ги има.
Париз со себе секој си го носи,
и како голем подарок го прима!

ПОСЛЕДНА ПЕСНА ЗА ПАРИЗ

Еве ме одново во Париз,
на брегот од Сена;
пред мене брановите
се диплат и пенат...

Ќе постојам уште малку,
по улици ќе лидам,
и не знам дали другпат
во него пак ќе бидам.

Ова е последната песна,
пред да отпатувам со авион,
Дали повторно јас ќе го видам,
освен во мојот сон?

— 5 —

ЖИВОТ ЗА БОТУШЕ

ПРЕДГОВОР

Некои од моите збирки песни ги создавав при само едно кратко патување, како одраз на некоја моментна инспирација. Но, некои збирки, како оваа, „Живот за Ботуше“ - со децении живееше заедно со мене. Ја носев секаде со себе, каде и да бев, каде и да престојував.

Во разни времиња и невремиња, далеку од родниот крај, пишувањето на песниве го доживував како утеха, посебно во миговите кога ме опседнуваа носталгии и копнежи.

Пишано било, или? Како наследник на една стара печалбарска лоза, ни мене не ме заобиколи работата во туѓина. Впрочем, таа горчлива печалбарска судбина ги следела и голем број нашинци од Ботуше, а можам слободно да кажам - и од целото Пореч.

Многу од моите песни ги пишував и за да останат како сведош-тва за идните генерации; да дознаат зошто и како тие понекогаш ми биле единствена поврзаност со родното село Ботуше, и единствена утеха во миговите кога сум бил оддалечен од него.

Авторот

ЖИВОТ ЗА БОТУШЕ

ЖИВОТ ЗА БОТУШЕ

Времето на мојот живот е
како капка во море
според времето
на родното Ботуше
па затоа
од животот мој
одвоив живот
со кој оживеав песни
во чии стихови
живее живот -
за да му се продолжи животот
на речиси изумрениот живот на селото.

Барем на овој начин
време да оживеам
и со вечност да го крунисам.

ПЕСНАТА И РОДНИОТ КРАЈ

Уште кога не умеев
стихови да пишувам
песната се назираше
како таа да беше
одамна напишана во мене.

Под влијание
на чувствата за родниот крај
спонтано
времето ми изградило и мостови
меѓу мене и Ботуше
по кои и во сонот врвам
до светот
каде што ја откривам
новата песна за родните пејзажи.

ОДДАЛЕЧУВАЊЕ

Можеш да се оддалечуваш
од едниот до другиот крај на светот
само не од песната на животот
која се одзива
на секој повик на срцето
со ехо на родниот крај.

Тогаш
големината на просторите
може да се собере
во една желба
која ја препознава
љубовта кон родниот дом.

Секое оддалечување може
песната на животот
во срцето да ја разгори.

ВО БОТУШЕ

Во Ботуше се родив
под хороскопскиот знак близнаци.

За близнак ја ценам
и мојата ѕвезда
со ѕвездата на поезијата
кои со зборови
меѓусебно се поврзани.

Зборови
кои по пат на светлината
ми размножија
безброј роднокрајни стихови
па сепак не можам
да ја откријам
нивната магична тајна
иако признавам
дека
моето сонце на животот
е близнак
и со небесното сонце над Ботуше.

РОДНИОТ КРАЈ

И на судбината
во пресрет сум ѝ излегувал
за доверлив да им останам
на сите мои патишта
по кои одам
под небото
на мојата поетска ѕвезда.

Заедно со песната растев во Келн.
Нејзиното божило
беше и мој живот.
Нејзиниот глас
беше знак на моето постоење
во духовниот дом на поезијата.

А најтопло
родното огниште го чувствував
кога го носев
како светол жар во градиве
од чии искри можев да очекувам
само лирски пламен да ми разгорат.

УШТЕ НЕ

Уште не се чувствувам
уморен
и покрај безбројните стихови
испеани за Ботуше и Келн.

Можеби затоа што имаме
иста дефиниција за соживот
и не си дозволувам
да објаснувам со зборови
полесни и од ветрот
а не пак со нив
да се избрзувам
по патот на светлината.

Се трудам само
со зборот
да бидам
јасен како сонце.

Така е
кога по небото на мојата поезија
сѐ уште гласно грее
мојата поетска ѕвезда.

СПОМЕНИТЕ НА МЛАДОСТА

Најдлабоки се тие води
по кои пловат
спомените на младоста
штом
во нив се влеваат
сите реки
на најубавите младешки години.

И не е чудо
што таквите спомени
можат да подмладуваат
доколку надојдат
како еха на далечни звона
без да ја збунат
историјата на животот.

Та нели се знае вистината
за таквите времиња:
колку денот може да даде
а ноќта
колку може да земе!

СОНОТ НА СОНЦЕТО

Тоа кон запад
а јас кон исток -
си помислив за сонцето
штотуку отпатував
од Келн за Македонски Брод.

Колку повеќе се оддалечувавме
јас и сонцето
толку повеќе ја чувствував
неговата топлина
затоа што наближував
кон родниот крај.

Не,
ова не е моја обврска
кон сонцето
оти додека тоа спиеше
сепак му ги раскажував
неговите топли соништа
преку моите роднокрајни копнежи.

СПОРЕДБИ НЕМА

Со ништо
не се споредува
отворената душа
на роднокрајните цвеќиња
дури и кога
целиот свет
би бил твој
затоа што тие цутат
со боите
на божјата свест.

Не се споредува
ниту со единственото сонце -
тоа што го осветлува
секој пат низ животот
и ја издолжува
сенката на носталгијата
до родниот крај.

Така не се споредува
ниту младоста -
таа е цвеќе
и сонце на љубовта
во чиј зенит
надежта вечно
цути како цвеќето -
грее како сонцето.

И ПО ДЕНСКА СВЕТЛИНА

Со ноќта се обложив
дека
и по денска светлина
Ботуше
можам да го сонувам.

Соништа
со таква светлина
која ја нема
ниту во книгата на сонцето
а камоли во овој ден
во кој
облаци од носталгии
ме засенуваат.

ВО БОТУШЕ ПЕСНА ЗА КЕЛН

Денот ми остана буден
во очите на Келн
па може насекаде да ме проверува
колку топлина за него
во копнежот чувам
па и кога сум во родниот крај.

Нема што да не ѝ недостасува на песната
штом таа ме затвора во кругот
на сопствената тишина и мир
каде што ме огрева
само светлината на стихот
а тоа ми потврдува
дека отсекогаш во себе ја носам
магијата на моите наречници
која преку секоја песна
на повидок имам
тоа што ми е судено
пред отвореното небо на поезијата.

Ботуше ми ги разбранува годините на детството
како водите на Рајна
со кои заедно со животот на Келн
сум бродел со бродот на младоста.

ОВДЕ

Овде ми се одврза
првото патешествие по светот
и овде
сакам да завршам
каде што ми е најчист изворот.

Овде
на реката на животот -
та за таков патник
Ботуше
вечно ќе ме сака.

Всушност
овде изгреа
и мојата патешествена ѕвезда...

Добро е
да ги сакаш патиштата
сѐ додека
и тие не те засакаат
штом ќе почнеш
нив да ги сонуваш.

РОДНОКРАЈНИ ЦВЕЌИЊА

Доколку засекогаш
би ѝ се предал на туѓината
прво би создал планина
(ако треба ќе ја измислам)
по која ќе никнат
роднокрајни цвеќиња
затоа што без нив сум
како без стихови
како онемен
како убавица без огледало.

Покрај сите патишта
на годините
во песна ми никнувале
саканите
роднокрајни цвеќиња.

И на месечевата светлина
сум ги откривал
нивните убавини...

И во сонот ме буделе
за да ми кажат
дека сонцето на мојот живот
и натаму се тркала
по хоризонтот
на иднината.

И тогаш знам
нема да бидам осамен
без цвеќињата во светот.

БОТУШКИ ДОЖДОВИ

Паѓајте дождови, паѓајте...

Потечете
по сите судбини на мојот живот.

Јас сепак
и под овие темни облаци
песни пишувам
натопени со небесна светлина
и можеби со стих ќе згаснам
по некоја носталгија
во нечија ботушка душа.

Паѓајте дождови, паѓајте...

Овдека
и од суровата почва на денот
со зборови добрини ископувам -
штом туѓината ја препуштив
постепено да истекува
по долината на заборавот.

РОДЕН КРАЈ

(*На ќерка ми Елизабета*, Келн,9.8.2005)

Ти толку Скопје го засака
повеќе од родниот Келн
во кој јас речиси
сиот живот го минав.

Си ги испомешавме судбините
и татковинските чувства.
Во мене Ботуше непресушно
со стихови вруточи -
животот ми е кодиран
од убавините на родниот крај
Но поносталгичен ќе ме најдат
во песните за Келн.

По небото на твоите желби
добро се препознава
твојата ѕвезда на животот
која фрла
понекој зрачец до мојот град
со предизвик.
Во името на родниот крај
за наследство да ти препишам
некои од моите патишта.

И ВЕТРОТ

И ветрот
дишењето ми го забавува
а тоа не е
негова измама
туку
и тој денеска
спомените на минатото
нежно ми ги развева.

Носталгиите на сегашноста
во неповрат ги збриша
иако тие
се невидливи како ветрот.

Значи
и ветрот имал златен шепот -
и тој
како да го слави
моето доаѓање во Ботуше.

Можеби затоа што
овдека
не се чувствувам
како поет
со недовршена поема
па колку ветрот
божествено
и да ме разбранува.

ВО НОЌТА

И во ноќта
со сонливи желби
срцето
по убавините посега
но, не треба
да се правдам
со стравот на ноќта
туку
таму да продолжам
каде што денот ми застана
та со стихови
и ноќта да ја облекувам
според облеката на Ботуше.

БОТУШКИТЕ И КЕЛНСКИТЕ ЦВЕЌИЊА

Цвеќињата
кои со убавини ми ги засенуваа
патиштата по светот
ми покажуваа
колку е неодолива
одисејата
на моите чувства за нив.

Со корени во срцето
и со цут во душата
засекогаш ме врзуваа
за роднокрајното небо
кое ми ги чува
соништата на детството
во келнскиве ноќи.

Оти
по долгите патешествија
и убавините на келнскиве цвеќиња
на сигурно место ги сместував -
под покривот на животот
во меката постела на песната.

ПОЕТОТ РАСКАЖУВА

Поетот раскажува
за неговите песни:
од каде тие извираат
за просторите
по кои тече нивниот живот
и за небото
за сонцето
во нив што грее
каде што се крие
неговата ѕвезда на поезијата.

Поетот раскажува
за неговите песни:
тие немале
непреодни патеки
штом биле
во цврсти раце на метафората
ниту разлики правеле меѓу народите
и државите по светот.

Така
во многу од нив
и самите тие
станале жителки
отселени, разделени
од нивниот роден крај.

Има за што
песните да се пофалат
штом одамна гласно
во името на поетот
проглаголиле пред светот
со сите нивни живи зборови.

РАСТОЈАНИЈА

(Јуни 1999, Њујорк)

Ете
и тоа во животот
денеска ми се случи:
Келн поблиску до Њујорк
од Ботуше ми беше.

Јас и овде
со туѓината сум во дијалог
како и секогаш
на својот мајчин јазик
за и туѓината
да го познава
моето роднокрајно сонце.

И мојот стан
во кој сега живеам
како да го изградила туѓината
за мене и за моите носталгии
за во гнездото на осаменоста
стихови да ми се испилуваат.

Затоа на вакви растојанија
и на срцето не му посакувам
желба
ниту од втора рака
штом почувствувам како копнежите
ги попречуваат моите патишта.

НА БОТУШКИТЕ ПЕЧАЛБАРИ

Отпатувавте далеку
но со љубовта кон селото
не го пречекоривте
прагот на срцето.

Затоа како амајлија
го носите името
на своето село
за да ве штити од носталгиите.

И јас преку вас
со години ја мерам
големината на континентите
и не можам да кријам
не е тоа тајна:
Ботуше порано имаше
повеќе народ
отколку ѕвезди по небото.

Ако му се вратиме
светлината што ќе му ја донесеме
и од сонцето
посилна ќе биде.

РОДНИОТ КРАЈ НА ПОЕТОТ И СВЕТИТЕ РАКОПИСИ

Душата на родниот крај
дише
со благородниот ритам
на природата.
Сè може светов да роди
и поети што пишуваат
свети ракописи.

Никаде не постои
поголема книга
од светите ракописи
на природата.

Во нив е содржана
и хрониката на родниот крај
и житието на поетот
што сам си го пишува.

ПРОСТОР ЗА ПЕСНАТА

Колку е широк просторот
за иднината на песната!

И за песните
кои во мене
гордо се шетаат
со спомените на минатото...

Така секогаш ми беше
со Ботуше и Келн
откако нивните простори
со стихови ми се премостија
и веднаш ми ослободуваа
простор за нова песна
и нов престол
за името на поетот.

СО ТАГАТА НА ОБЛАЦИТЕ

Небото, сонцето, облаците -
секојдневие на исконот
кој ни ја нуди
магичната слика на светот...

За сите нив
по нешто сум кажал
а денес, еве
повторно за облаците
со молба
да преноќат на небото
неговите тажни капки
штом во рацете
почнаа да ми се кршат
спомените на младоста.

Друг ден заедно
со нив ќе се исплачам
како син
на оваа ботушка природа
чија убавина
непокорно ме заштитува
во многу мои песни.

ЕВЕ МЕ...

Еве ме
мене
поетот
кој
за векутума му се поклонил
на неговото лирско перо
а кое уште е
во рацете
на копнежите по Ботуше.

Еве ме...

Сè уште живеам
со животот на зборот и песната
и сè уште се хранам
со убавините
кои ми ја разубавуваа
младоста
овде, во Ботуше.

Еве ме...

Денот повторно
со песната го извишувам
до зенитот на мојот живот -
вечноста да го види.

ПАТИШТАТА НА ЖИВОТОТ

Самиот живот
си ги одбира
кусите и долгите патишта
исповрзани
со невидливи јажиња на судбината -
од славни
до чудни места
со надеж во срцето
со верба во патот.

Но, некои патишта
не смеат да се погрешат
зашто тогаш
ниту сопствената ѕвезда
нема да те жали
а камоли сонцето на денот.

И кај мене е така:
и покрај тоа што
зборот ми е живот -
јас со него живеам и патувам
заедно
со животот на патиштата
и можам да грмнам
со мојот поетски глас
и да затреперам
како глас на вселенска песна
по небото над Ботуше
кога назад
во селото се враќам.

ВЕЧЕРВА

Вечерва
почувствував
како срцето мое
од радост се разигрува
а душата
престана да ја црта
мапата на носталгиите.

Вечерва
таинствено животот
ми продолжува со месечината
додека сонцето спие
во соништа на моите желби.

Вечерва послушно ќе престојувам
во нежната прегратка на ноќта
но, со светлина
во зборовите од стихот
и така
во мене ќе разгорува
огнот на љубовта
со отсјај
кој кажува
колку ме сака
отвореното ѕвездено небо
над магичното Ботуше.

МОЖЕБИ

Можеби
некој ќе се обиде
да ја замрачи мојата ѕвезда
но, магијата на спомените
на детството во Ботуше
рамна е
на сончевата светлина
та секој обид
ќе го заслепи.

Можеби некој
моето минато ќе го прославува
откако ќе се увери
колку бил спријателен
мојот живот
со животот на Ботуше.

Но
дали Ботуше ќе ме правда
доколку со смртта
повеќе проблеми си создадам
отколку
додека бев жив?

ВРАЌАЊЕ

1.
Одамна знаев
дека не сум одрон
од родниот крај.
И вишок живот да имав
нема вечно
да се дружам со туѓината.

И кога целиот
во светлина би се претворил
залудно би било
за овие северни простори.
И ако од една капка од очите
ја гасне топлината на векот
не ми е потребна
скаменета надеж.

Смртта и овде не ја разбира
шегата на туѓината
додека во огнот на самотијата
гори љубовта за родниот крај.
ако нема двонасочни патишта.

2.
И еве конечно
како лепеза ми се отвориј
страниците на денот
по кои и ова патешествие
како желба го испишувам
криејќи го под јазикот зборот туѓина.
Затоа келнското сонце
рамнодушно го оставив
да ми трепери само во спомените.

Пред него песните ми беа
како песочни часовници во душава.

Еве го времето
кога и на судбината сум ѝ горд
со чувство дека таа
се отсели од мојата ѕвезда.

Еве го времето
кога со мостот на надежта
ги премостив
до вчера збунетите денови
оти повеќе не сум
во атарот на туѓината
а заедно со надежта
не сакам да умрам.

Одамна со песните
без пасош и без виза
минав многу граници по светот
а со нив само
го прескокнав
судниот ден.

Еве ги тоа време и тој час
кога преку светлината
на јужното сонце
подеднакво
ги откривам
и радоста и болот
кои не ми личат веќе
на издолжени сенки.

3.
Конечно сум сега
под високиот зенит на јужното сонце
каде што топли зборови

во мисла ми кружат
за убавините на татковината.

Сонцето овде е
како млада невеста
по мојот свадбен живот на денот
по кој и желбите ми летаат
повисоко и од птиците.

Овде и на тишината на родниот камен
ги напишав најгласните стихови
за убавините на природата
додека во душата на носталгиите
песните ми се разделуваа
на север и на југ.

Но јас овде не дојдов
небото да го растајнувам.
Тоа овде ме препознава
и така ми се пополнува
секоја шуплива желба
по ѕидовите на животот
и подруг ми е
гласот на денот и ноќта.
Затоа душата овде
ми пука од вишок радост.
И срцето веќе ми слави.
Во него повеќе нема
копнеж со замаглен поглед.

Но ако случајно во мене се разбуди
студен стих од некое северно небо
само како гостин ќе го примам.
Оти овде и небото
во песна ми се затвори.

СЕ ВРАТИВ

Повторно
се вратив во Ботуше -
времињата на минатото
да ги исповрзам
за да си ја проверам
цената на животот.

Морам да му излезам
во пресрет
и на моето сонце во срцето
за да престанат да печат
зраците на носталгиите.

А зборот мој
уште в грло
зеде силен замав
за да ја преоблечам со чувствата
мојата оптимистичка душа
и да расцутам со спомените
по гранките на годините
на моето дрво на животот.

— 6 —

СО БРОДОТ ОД ПОРЕЧЕ

- ПОЕМА -

СО БРОДОТ ОД ПОРЕЧЕ

Сонцето ми е брат
и вечен сопатник
по светот,
откако за себе сознав.

Добра Вода ми е сестра,
и од нејзините височини
го откривав и проучував светот,
и многу нешта дознав.

Ботуше не ми е село
како за приказ или бајка,
туку како близок род,
како да ми е мајка.

Подалеку од селото,
да речеме со проста мерка:
до каде што допира окото
по виделото,

од кое зраците сончеви се цедат,
тоа моето Пореч̀е –
во мене гледа.

И сега дали ви е јасно веќе?

Дали сфаќате како дете
зошто бев толку среќен?

Таму ми гргореа извори,
и потоци во мојата душа,
ми блееја стада,
пој на птици слушав,
таму скитав по пределот питом,
по нивите со лебното жито,
сѐ додека не пораснав
и од под тој небесен свод
по светот не запловив
со мојот поречки брод.

Оттука-натаму,
без небото поречко чисто,
а по сонце сиво,
запловив со бродот
и друг започнав живот.

Поминаа, речиси, три децении,
неначнати, цели,
од кои полека умот ми се „меле“,
зашто неуморно пловев,
минував разни премрежија,
и водев дневник, пишував поезија.
На бродот, носејќи го Ботуше

по светот, час весел, час „кисел“,
не знам сè каде сум втасал,
и каде како скитник сум висел.

Паметам: сум бил во Брисел,
во Келн,
во Берн,
во Виена,
во Париз,
во Рим,
во Братислава,
во Будимпешта,
во Прага,
во Копенхаген,
во Стокхолм,
во Ротердам,
и сам веќе не знам
каде уште
сонот сум си го крадел;
не за попусто да лидам,
туку од љубопитство –
светот да го запознаам и видам.

Кога патував,
кога знаев дека мојот брод
поречки плови,
се возбудував
од пределите,
сè нови и нови,
и не спиев,
зашто сакав окото да ги лови.
Само ноќе, по хотелите,
не знам зошто
не можев да спијам?

Чуден оган
душата ми ја опожаруваше,
како житата од сушата,
и единствено помислата
на Ботуше и Добра Вода –
ми ја смируваше душата.

Ако успеав бродот
да го усидрам
во детските предели,
тогаш и една мала дремка
ми беше достатна со недели,
па можев мирно да пловам
и да го откривам светот,
или тој да ме открие мене,
зашто само тоа ми беше хоби,
од кое не се откажував,
и безмерно го ценев.

Многу утра и изгрејсонца,
додека патував,
или во собите самував,
во душата си ги врамував.

Сега имам врамени утра
од Лондон,
од Даблин,
од Мадрид,
од Цирих,
од Лозана,
од Франкфурт,
од Минхен,

од Берлин,
и од неговиот урнат sид,
и можам да накупчам
со такви слики –
еден голем рид.

Па, сепак,
па, сепак,
само една слика ќе ми остане
во душата осамена,
но, со златна рамка врамена,
и во сонот ќе ми се пика,
зашто неа прво ја насликав,
а – Ботуше се вика.

И не знам зошто,
и не знам како,
само тие предели –
каде и да пловев –
ми влеваа надеж,
со години, а не со недели,
и небаре беа леб,
со глад што се бори,
или топла крв –
во мене што гори.

Не знам колку пладнија
како печалбар
сум ги доживувал
со засенчен сјај,
без топлината
од родниот крај.

Не знам колку денови,
од маглите густи,
на север ми останале –
празни и пусти,
па, насоне, со бродот,
во Пореч сум итал,
и по сите рекички,
и по сите села
сум одел и скитал,
а на душата
саноќ убаво ми идело,
од она што окото
со радост го видело.

Во мене
како две закрвавени петлиња,
се касаа во денот
маглата и сончевата светлина,
а мислите
на ништо не се радуваа друго,
откако ќе запловеа кон југот...

Вечерите
за разлика од пладнињата
и зората,
ми ја подаруваа умората,
и желбата за сонот –
сè така ми ја разгоруваа,
без да знаат дека се навредувам,
дека од осаменоста боледувам.

Иако се преправав
дека божем спиев,

и вешто тагата ја криев,
како самотник тих,
пишував песни,
и стих по стих,
како што умеев и се грижев –
својата животна поема
ја китев и нижев.

Притоа
никогаш не заборавив:
од горе,
од далечното Северно Море,
по Дунав,
по Морава и Вардар,
да запловам
до мојата Треска,
до пределот на Порече,
како арабеска.

А кога ќе пристигнев –
немаше што да кријам,
само тогаш знаев –
дека мирно спијам!

Сите ноќи
што сум ги преспивал
со бродот по светот –
знаат за моите несоници,
од кои долго-долго
сум се превртувал
и страдал.

И секоја туѓа постела,
како некое

нечуено проклетие –
мене ми била
животно распетие.

Исполнет со клетви,
со ситни клевети,
ми станувале тесни
и најдобрите кревети
по разните држави,
и за радост да ми внедрат –
ми биле секогаш скржави.

А никогаш не барав
ништо многу;
зашто, фала богу,
не пушев,
не пиев,
не крадев,
не трчав по жени;
единствено
љубовта кон песната
во мене зрееше,
и само таа душата
ми ја топлеше,
грееше,
па, не беше грев, нели,
што умеев само неа
да ја возвишувам,
и ноќе, по мракот –
стихови
да запишувам.

За моите средби и разделби
со Ботуше и Порече,

со Македонски Брод,
со тој синчест
и сончев свод,
од мојата Македонија –
ги минував
сите мои бессонија.

И никогаш не се каев,
за тоа што го таев,
додека патував
по автопатите,
и ги sидав
палатите
на богатите,
ваму, на далечниот север,
и не се срамев
што имав јужно цвеќе –
на својот ревер.

Добро знаев:
богатите – колку и да беа богати,
секогаш ми беа
како шути и рогати
од комедиите разни,
некако, чудни, еднолични,
и до немајкаде, празни...
Додека јас,
па макар и со корка сува леб,
имав богатство без крај:
во Ботуше,
во Пореч,
во Македонија,
во родниот крај!

Патувајќи со бродот
на печалбарите,
од дамното минато
до денешното,
небаре го врзував
и вденував на конецот
колнатото печалбарење
на Македонецот,
и најаве,
и насоне
се молев да престанеме,
да не талкаме по светот,
туку во Македонија
згаснатите огништа
да ги разгориме,
и нов живот
да си отвориме.

Та нели ни беа доста
вековите минати,
та нели ни беа доста
тие што ги запустија
што ги згаснаа огништата,
што венеа печалбарејќи
по градовите
и патиштата,
за да станат „богати“
со реума, ишијас, кашлица,
бастун и „грбавица“ –
како подарок за младоста,
за радоста
и животната убавица –
сѐ поради

пустата желба
да се спечали,
да се има,
за годините што идат,
а притоа и не помислувајќи –
што ќе стане со нив,
какви ќе бидат...

Не бев морнар,
ниту морепловец
на вистински брод,
а пак патував низ бури,
со моите печалбарски авантури,
и ваму – таму по светот
патував, „акав“,
(но, не од што сакав!)
и успеав како сите тие,
како ние,
кога сит,
кога гладен,
кога тажен,
кога весел –
за лично задоволство,
а можеби и за нечие –
да го зачувам и вратам
бродот од Пореч
на своето место,
и да размислувам
сè едно исто и често:
далеку од Ботуше и Брод,
од Македонија и родниите,
каде ми одлетаа годините?

Каде ми одлета детството,
каде ја оставив младоста,
што стана со радоста,
со силата на духот
и песната,
и не знам дали воопшто грешев,
кога самиот се тешев,
како со нешто возвишено,
што го чував на нишанот:
со она што го имав запишано!

Животот не ми беше поезија,
ниту заспивалка лесна,
но, за да си го разубавам
со овој брод од Пореч̀е –
си го преточив во песна...

Можеби не вреди,
можеби нема светол сјај,
но, знам, едно му е убаво:
што сè уште е без крај!

ЛЕТО ВО РОДНИОТ КРАЈ

МОЈАТА ТАТКОВИНА

Еве ја таа земја, тој радосен восхит,
убава како цреша, преполна со род,
еве ги просторите пред моиве очи,
по кои ќе чекорам со немирен од.

Овде ги гледам богатите полја
од житните класој, жолти како дрен,
кои бујно раснат по полиња ширни,
тие што го красат секој убав ден.

Овде, каде шумат зелените гори,
каде вечно струи ветерчето тихо,
овде бликам в радост и нешто ме гони
да ѝ вратам долг со топли стихој.

Зар постои негде ваква лична земја,
по која птиците шират вишен лет?
О, лична е таа, како цвет во пролет,
нема друга таква на овој свет.

Прилеп, 2 август, 1974 г.

РОДНИОТ КРАЈ

Родниот крај не се заборава
штом тој со носталгии во човека тлее,
и вечно како сјајно сонце
душата топло ја грее.

Родниот крај секој од нас
го носи како света слика,
па и каде да сме раселени по светот
со копнежи безброј тој пак нѐ вика.

Затоа крајот роден е магична лика
која никогаш во човекот не побледува,
па за возврат не треба никој од нас
сосема од него да се разделува.

УБАВИНИ

По полиња кај што зреат
жолти класој, дрочен плод,
јас те гледам, земјо мила,
под син сончев небосвод.

Крај езерски води ширни,
со прекрасни топли лета,
ти си за нас, земјо мила,
цвет в градина кој што цвета.

Во секој град и секое село,
и во секој убав крај,
ти си за нас, земјо мила,
распеан и цветен мај.

Во лисни гори и планини,
кај што славеј гласно пее,
ти си за нас, земјо мила,
наше сонце кое грее.

РАЗДЕЛБА

Разделбата пуста толку е тешка,
што не може со збор да се рече.
Поубаво од зборот тоа го знае
срцето страдно што болно го пече.

Таква е таа разделба пуста,
што за тага знае, а не за радост,
таква е таа, безмилосна, груба,
па, везден дели младост од младост.

НЕМИРНА ЖЕЛБА

Имам една страдна желба,
што без прекин во мене расне,
таа пламти в срце мое,
ништо неа не ја гасне.

Татковинска љубов носам,
топла како сончев сјај,
неа може да ја смири
само мојот роден крај.

СЛОБОДА

Кај што мили стада блеат,
кај што птици шират лет,
кај што деца гласно пеат –
слободата е како цвет.

Мајски зраци кај што греат,
кај што ситен дождец роси,
кај што јадри гроздој зреат –
слободата радост носи.

По полиња бујни, ширни,
кај што зрее роден клас,
крај езерски води мирни –
слободата е со нас.

ПРАЗНИК НА РЕПУБЛИКАТА

Дозволи ми, денес, песно, моја сестро,
со тебе да кажам душа што ми збори,
дозволи, те молам, во овие часови
имам една жеба што в срце ми гори.

Празнични песни насекаде ечат,
и тие ги слават победите твои.
Голем празник денес, Републико славиш,
во песниве слеј ги и желбите мои.

Биди вечна, Републико мила –
со бескрајна радост за тебе пеат.
Во овие песни и денот се буди –
како безброј сонца на небо да греат.

ГРАНИЦИ

Нека по сите граници израснат цвеќиња,
нека дружно сите деца слават и пеат,
и нека срцата на сите луѓе на светов
само топлини и добрини ги греат.

Нека војни нема никаде на светов,
нека сегде цути пријателска љубов,
е, тогаш ќе сети насекаде секој –
колку ќе е светов подобар и убав.

ПИСМО

Од работа се враќам – напорен ден.
Пред врата гледам – писмо ме чека.
Го гушкам писмото од крајот роден.
Од очите мои – солзи како река.

Збунет од радост, а може од тага,
што сега дома пак тоа ме враќа,
си велам тажно: „Колку е тешко,
што не сум сега при своите браќа.“

КОЛКУ Е УБАВА СЛОБОДАТА

Колку е личен во пролетта цветот
и првиот расцутен дрен,
толку е мила слободата наша,
и во неа новиот ден.

Колку е дружна жетварската песна,
што низ родни класој се лее,
толку е топла слободата скапа,
па в душа sуни, и радосно пее.

Колку е волна детската радост,
по последниот јунски час,
толку е убава слободата мила,
која нѐ грее сите нас.

Колку е буен напролет Пирин,
сиот во раскош и бескраен сјај,
толку е убава слободава драга,
во целиот наш македонски крај.

Стигни сегде еднаш,
слободо мила, зачекори смело...
Нека ја сети добрината твоја
цела планета, човештвото цело.

ИМА ЕДНА УБАВА ЗЕМЈА

Има една убава земја,
далеку е, таму, на југ,
вредни луѓе неа ја градат,
во љубов и слога еден со друг.

Насекаде каде појдеш,
во секој град и секое село,
сегде убост ќе те следи
под небото сино – бело.

Јас во таа лична земја
чувствувам бескрајна радост,
јас во неа сум птица крилна,
таа е мојата младост.

ВЕЧЕР ВО КЕЛН

Сонцето зајде брзо,
и ноќта темна фати.
Секој од работа ита –
пак дома да си се врати.

Туѓа е оваа земја.
Тагата во нас се скрила,
како отровница змија –
во срцето да ни свила.

ВРСНИЧКИ

Никнале безброј цвеќиња лични,
заедно, во еден пролетен ден:
јаглики, синолички и бели ради,
крај еден висок расцутен дрен.

За нивниот роденден убав,
април им дари чудесни бои;
и за уште полични да бидат –
со опоен мирис штедро ги пои.

ВО БИБЛИОТЕКАТА ЗА ДЕЦА

Во библиотеката за деца
се чувствувам како да сум дете;
веднаш наоѓам убави книги
од автори славни ко Шилер и Гете.

Во библиотеката за деца –
како да летам на крилја лесни,
штом ќе почнам да читам
добри раскази и лирски песни.

МОЕТО СЕЛО

Во пејзажи живописни,
загнездено село стои,
во прегратки од планини,
во чудесни светли бои.

Со години поминати,
расте, виши, под сончев сјај,
прекрасно е моето село,
мојот убав роден крај.

15 ЈУНИ 1978

Минав многу градови на север,
и еве ме сега во земјава моја,
радосно е овде, и среќен ја гледам
облеана цела во златна боја.

Натаму, еве, продолжува возот,
во забрзан ритам да татни, да оди,
а пред мене гледам полиња родни,
и планини бујни и пенливи води.

А кога се вратам, секому ќе кажам
дека нигде нема како овој крај.
О, убава земјо, во срце те носам,
радосно и гордо, засекогаш, знај!

Белг̄рад – Скоп̄је, 15 јуни, 1978 г̄.

НЕСЕКОЈДНЕВНО ДОЖИВУВАЊЕ

Секоја утрина рана,
нешто чудно во мене се буди,
отворам очи, гледам на исток:
прва мугра – зората руди.

Една мисла што често ми иде,
еве вистинска згода:
на пат кон југот
денеска ќе одам.

Тргнувам среќен, патот е далек,
кон крајот роден, сакан и драг.
Еј, колку ќе бидам прероден тогаш,
штом ќе ме пречека куќниот праг!

КРАЈОТ НА ЗАГУБЕНОТО ДЕТСТВО

Кај што првпат ме погали
јасно сонце, цветен мај,
таму е тој сакан предел –
мојот убав роден крај.

Таму првпат јас си играв
со нежниот шарен цвет,
таму првпат зачекорив,
го запознав овој свет.

Таму првпат јас му слушнав
на славејот весел глас,
таму првпат кај што тргнав
в училиште на прв час.

ОД ПЕЛИСТЕР СѢ ДО ПИРИН

Од Пелистер сѣ до Пирин,
светло сонце топло грее,
топла радост в срце носи,
топла песна душа лее.

Од Пелистер сѣ до Пирин:
гори, ниви, кротко стадо,
насекаде каде минам,
јас чувствувам среќа, радост.

Т'ГА ЗА ЈУГ

(*На Конс̄тан̄тин Миладинов*)

Го сакаше топлото сонце
и својот мачен, благороден свет,
за којшто и срцето твое
копнееше ко откинат цвет.
Копнееше по синилото,
по езерото, по брановите,
кај прекрасните Охрид и Струга
да ги минуваш деновите.
Но, остана само желба пуста,
за да пече, за да гори,
и за таа силна љубов
оваа песна да ни збори.

ОХРИД, 11 МАЈ 1974

Го посетив еднаш и го видов,
личеше на мајски убав цвет.
В глава мисла тогаш ми блесна:
град поличен нема на овој свет!
Езерото модро, како птичји очи,
трепери мирно, радости се редат,
и чувствувам желба уште долго-долго
моите очи повтор да го следат.

МОИТЕ ПЕТНАЕСЕТГОДИШНИ СРЕДБИ СО МАКЕДОНИЈА

Секое мое доаѓање
носеше нова радост,
и како да ми ги враќаше
и детството и мојата младост.

ОСМИ МАРТ

Во овој убав
мартовски ден,
биди ми, мајко,
здрава ко дрен.

А овој букет,
од разно цвеќе,
нека те грее
ко спомен вечен.

МОЕТО ПРВО УЧИЛИШТЕ „ПЕРЕ ТОШЕВ“

Секогаш кога навраќам крај тебе,
радосно те гледам, училиште бело,
и чувствувам тогаш колку голем спомен
јас во себе носам од моето село.

Се сеќавам добро кога првпат почнав,
да учам, да читам, буква по буква,
во тебе ги сретнав првите знаења
од првиот сакан македонски буквар.

ОД КЕЛН ДО СКОПЈЕ

Колку планини, градови, села,
го делат Скопје од Келн?
Колкава е таа далечина?
Патуваш ноќе, патуваш дење,
по сонце и по месечина...

Колкаво е ова мое одминување!
И в соништа и најаве –
патување, патување.

ЛЕТО ВО МОЈОТ РОДЕН КРАЈ

Бистар поток шумно тече,
расте нежно шарен цвет,
топло сонце зраци лее,
појни птици шират лет.

Први круши веќе зреат,
а во нива златен клас,
жетварите гласно пеат,
весело е секој час.

СТИХОВИ ЗА ЖЕНАТА

Тие мора да се добри,
како мајчин топол збор,
тие мора да се красни,
како в гора зелен бор.
Тие мора да се сјајни,
како сонце преку ден,
тие мора да се нежни,
како цветови од дрен.

Тие мора да се ведри,
преполни со радост, среќа,
за да стигнат до нив сите
со најлична китка цвеќе.

УБАВА СИ, ТАТКОВИНО

Топло сонце зраци сее,
птици шират вишен лет,
сегде веселба се лее,
распеан е сиот свет.

По Пелистер и по Пирин –
вишни борој гранки веат,
по полиња и по ниви –
комбајните жито жнеат.

Во Прилепско родно поле –
жолто злато момци берат.
Во Ресенско и во Полог –
јаболката сочни зреат.

Прекрасна си, земјо мила,
искрено ти велам, знај,
јас те сакам од сè срце,
вечно лична како в мај.

КАДЕ Е МОЈАТА ПЕСНА?

Мојата песна
заедно со мене тлее,
со мојот живот во туѓина расте,
под ова студено време
во оваа далечна земја.

Мојата песна ја појат убавините
на нашето поднебје,

а мојот живот
е со немирите
меѓу мене и мојата песна.

ШТО Е ПЕСНАТА?
Таа е другарка блиска,
секој неа ја знае,
во душата бргу се раѓа –
срцето потопло да е.

Секаде наоѓа место,
и секој неа ја сака;
убава, нежна е таа,
затоа и јас ја сакам.

ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА НИКОЛА КАРЕВ ВО КРУШЕВО

Во еден летен илинденски ден,
пред споменикот стоев со почит;
низ глава ми мина историја цела,
спомените светнаа пред моите очи.
И во тој миг светол ме учеше ликот,
кога гледав во него, занесен цел час.
Се разбуди во мене татковинска љубов,
и како да слушнав илинденски глас.

Ми чукаше храбро срцето в гради,
ме бодреа смело илинденски песни.
Се чувствував горд и бескрајно среќен,
по тие улички крушевски, тесни.

Крушево, 2 авг̄усш̄, 1974 г̄.

ЗА МОЈОТ УЧИТЕЛ ДИМКО ЗДРАВЕВСКИ

Во една далечна, далечна есен,
првпат го сретнав мојот учител драг.
Си спомнувам добро, колку ме охрабри,
кога плашливо стапнав на школскиот праг.

Гласот негов беше топол и тивок.
Го слушав во занес, спокојно, мирно.
И нежниот поглед и благиот насмев –
вгнездени ги чувам в срцето ширно.

Се сеќавам добро на првите часови.
Ме бодреше везден неговиот глас.
Си спомнувам често на старото ѕвонче,
кое ме викаше редовно на час.

ПОРАКИ И ПЕСНИ ОД БОТУШЕ

ПОРАКА ОД БОТУШЕ

Како дете се зарекoв,
без време да губам,
сите луѓе на светот
братски да ги љубам!

На светот можам да му јавам:
со гордост тоа го правам!

Како дете се зарекoв:
да ги мразам војната и сушата,
да го мразам гладот,
што ја топи душата.

На светот можам да му јавам:
тоа јас го правам!

Како дете се зарекoв:
Ботуше, родното село,
в песни да го ставам,
по цел свет да го славам!

На светот можам да му јавам:
тоа и го правам!

МОИТЕ ПОРАКИ

Моите пораки не се
само до ботушаните,
ниту се упатени
посебно до поречаните.

Моите пораки сакам
да стигнат до секој човек;
никогаш да не ги заборава,
да му служат довек.

Затоа пораки до светот праќам,
пораки силни и јасни:
родниот крај да се сака,
со срцеви желби страсни.

КАДЕ БИЛО...

Каде било
по светов да си,
родниот крај -
срце ти краси.

Јас се уверив
дека е така;
родниот крај
колку се сака!

Затоа испраќам
порака до сите:
во родниот крај -
најубави се дните.

НИКОГАШ

Доколку живееш негде во странство,
и не си често во родниот крај,
не смееш никогаш да го заборавиш;
да не ти побледи роднокрајниот сјај.

Татковинска порака, знај, тоа ти е,
а ова секој треба да го знае:
родниот крај не е само роден крај -
тој е и сонце во тебе што сјае.

ОД БОТУШЕ

Од Ботуше,
уште како дете,
со безброј желби детски -
кон светот упатував
пораки светски.

Од Ботуше сакав
мир секаде да има,
мир на целата планета,
добрина и среќа сегде -
во луѓето да цвета.

Од Ботуше
сите луѓе ги поздравувам,
заедно со пораките што им ги праќав,
штом тие ме разбираат
како светот го сфаќав.

УШТЕ КАКО УЧЕНИК

Уште како ученик,
си спомнувам сам,
за светов сакав
повеќе да знам.

Се чудев многу: зошто некои
кон војни се стремат;
та војната на луѓето
животот им го зема.

Тогаш во мене се роди
голема желба детска,
порака до светот да пратам,
голема порака светска:

Мирот насекаде да цвета
како цвеќиња во пролет,
децата да не страдаат,
да растат со радост и полет.

СПОМЕНИТЕ ОД БОТУШЕ

Незаборавни се спомените
на првото училиште мое,
во Ботуше, селото родно,
знаења нови кај што роев.

Цел живот ги носам,
секој спомен оттаму ми е драг,
и на игрите во дворот,
пред куќниот праг.

И затоа денеска
срцево мое порака ќе прати:
секој роден ботушанец -
во Ботуше да се врати.

РОДНИОТ КРАЈ

Кога си некаде далеку,
кога во очи ти гасне сјај,
со мислите брзо, веднаш,
пресели се во родниот крај.

Замисли си камен, куќа, дрво,
воденичка, бреза, поток,
па, ќе станеш бргу смирен,
и ќе бидеш многу кроток.

Ќе те гали нежно ветре,
ќе те плиска сончев сјај,
пак ќе бидеш како дете,
во ливади среде мај...

РОДНАТА КУЌА

Се родив тука, во оваа куќа,
во која со години си идам,
и со радост пак, одново, сам -
и во моите мисли си ја сидам.

Камен по камен превртувам,
и не знам со мене што е,
дали тоа во темелите долу
скриено е детството мое?

Се родив во оваа стара куќа,
но, сè уште горда и стамена,
и, гледај, моите детски желби -
од неа искричат и пламенат.

Куќо моја, во Ботуше горе,
сред полите на Добра Вода,
јас во тебе би посакал сега
како дете пак да се родам.

МАКЕДОНСКИТЕ СЕЛА

Убави се нашите македонски села,
со нивните вечни природни убавини,
по полиња ширни распослани лежат,
и по високите наши прекрасни планини.

Но, колку и да бидат тие,
напуштени и осамени,
во срцата наши ги носиме ние,
ко во рамка - засекогаш врамени.

ПЛАНИНСКИТЕ СЕЛА

Планинските села -
симбол на убавината,
бисери се тоа наши -
гордост на татковината.

Појдете во тие села,
откријте ја вистината,
не дозволете да ве спречи
никогаш далечината.
Нивната личотија

здивот ви го зема;
поубави села
на светов цел нема.

СЕЛАТА

Во многу нешта поубави се селата
од кој било град на светот;
посебно ако си роден в село,
селото ти е исто што и цветот.

Ако селото во тебе е дамар,
ти тече низ секоја срцева вена,
тогаш секој ќе ти поверува дека
селото не го даваш по никоја цена.

НАШИТЕ СЕЛА

Никогаш нашите села
не треба да ги забораваме,
тие везден нè канат -
во нив да се одмораме.

Затоа треба почесто
селата да ги посетуваме,
та каде и да сме
далеку отпатувале.

НАШИТЕ ПОРЕЧКИ СЕЛА

Во центарот, во срцето на Македонија,
во Пореч, покрај голема река,
среде планини високо, горе,
живее народ исконски, од века.

Тука се нашите поречки села,
опкружени со природна убавина.
Тие се украси за нас и за светот,
тие се бисери на нашата татковина.

БОТУШЕ

Кога го споредувам Ботуше
со оваа планета,
тогаш тоа не е големо
ни колку круната
што е на цветот,
но, кога ќе го споредам
со моите желби,
тогаш е поголемо
и од светот.

Можеби затоа за Ботуше
срцево мое не сака
споредувања чести,
зашто ниту има,
а ниту може лесно
да ги смести.

Ботуше и срцето на поетот
се најубави нешта на светот!

ДРАГО СЕЛО

Драго мое село, спомену вечен,
ми заплени желби, и љубовта моја,
првиот мој стих ти го дарив,
за сета мила убавина твоја.

Село мое, роден крају мој,
денес поздрав топол од срце ти праќам,
кога не сум близу, в прегратка твоја -
со песни и стихој на крилја се враќам.

ПАТИШТАТА ДО БОТУШЕ

Патиштата кривулести до Ботуше
не се со асфалт покриени;
тие се обични патеки тесни,
со рацете на селаните впиени.

Не се ниту со камени коцки,
како во градовите што ги има;
чиниш, тие насекаде се исти,
како во летото, така и во зима.

Сепак, сите патишта до Ботуше
водат низ убави предели цветни.
Ме полнат со среќа и радост
во деновите пролетни и летни.

ВО БОТУШЕ

Во Ботуше штом стигнеш,
во селото среде убавината,
Добра Вода ќе те пречека,
ќе те прегрне планината.

Во Ботуше штом стигнеш,
каде гласот на изворите се слуша,
таму веднаш ќе посакаш
да освежиш морна душа.

Но, покрај Добра Вода и Изворите,
кои за луѓето бескрајно многу важат,
ботушани и за други нешта
со пофалби ќе ви кажат.

ВО ДОБРА ВОДА

Овчарите песни низ кавали свират,
низ појните, радосни грла,
а стада блеат - гласови sунат,
и ближат кон своите трла.

Добра Водо, мајко мила,
ме лулка вековниот sвон,
стадата твои - бисерен ѓердан -
ги гледам и тонам во сладок сон.

ЖЕЛБА

Кога ќе се вратам в село
ќе се искачам на Добра Вода,
ќе мирисам од свежите цвеќиња,
и одново јас, чинам, ќе се родам.

Ќе ми се врати и радост и здравје,
со воздух и лековита вода,
и знам дека нема да ме пушти
никаде повеќе да одам.

Кога ќе се вратам в село,
Добра Водо, ќе те гушнам скришно,
и од радост ние, така, гушнати -
ќе се вишиме кон небото вишно!

ПОГЛЕДИ ОД ДОБРА ВОДА

Уште како мал, во детството мое,
се шетав по Добра Вода планината;
и се чудев на сè што ќе видев,
чекорев замајан од убавината.

Се гордеев што од тие височини,
како на дланка ги гледав поречките села;
погледи праќав под небото сино,
под денската сончева светлина бела.

БОТУШКИТЕ ИЗВОРИ

Во подножјето на Добра Вода -
каде што вечно царува убавината,
ботушките извори течат,
а тие за себе ова ќе ви речат:

„Нашите извори не знаат за суша,
заситуваат сечија жедна душа;
со вода слатка ко зрела круша;
гласот наш - надалеку се слуша“.

ИЗВОРЧЕ

Остана вечно игриво ко дете,
жуборливо, да го чуваш ладот,
а јас уште со копнеж те сакам,
како што те сака зажеднето стадо.
И твоето жуборење, питомо и гласно,
продолжува така, несменето, исто,
опојна и чудна е твојата песна,
ти, окце бело, изворче мое чисто.

БОТУШЕ ВО ПРОЛЕТ

Пролетта во Ботуше е како бајка,
штом ќе расцутат цвеќињата мили;
тогаш јас не знам што повеќе носам:
среќа, восхит или полетни сили.

А пак кога птиците пеат,
и душава моја со нив пее.
По цел ден сакам песни да слушам,
додека сонцето на небо грее.

БОТУШЕ ВО ЛЕТО

Си спомнувам на јуни, јули,
во моето Ботуше село,
во убавото топло лето,
кога печеше сонцето врело.

Тогаш по Добра Вода - планината,
можев да видам стадо сечие,
пасишта, пасишта, во недоглед -
за цело Поречие.

Се жнееја нивите родни,
се косеа ливадите цветни...
Таков е животот на село,
во работните денови летни.

БОТУШЕ ВО ЕСЕН

На есента Ботуше се гордее,
животот тогаш поинаку тече,
та секој знае: работа го чека,
работа има од утро до вечер.

Есента сите ја поздравуваат гласно.
Таа е голема радост за селаните;
овошјето вездeн вредно го берат,
по овоштарниците и полјаните.

Со кантар се мерат јаболка и круши,
се јадат исечени со чакија;
а сливите тогаш чекаат на ред -
од нив да се направи вкусна ракија.

Ете еден добар одговор за сите:
зошто сѐ се сака родниот крај;
зошто и есента дарови ни дари,
како во пролетта цветниот мај.

БОТУШЕ ВО ЗИМА

Си спомнувам за Ботуше често:
таму секогаш има работа;
секој ден се работи,
и во недела, и во сабота.

Во секое наше село
постојано работа има,
како во топлото лето,
така и во снежната зима.
Се калапи вредно тутун,
и ноќе, до ниедно време,
а потем, со песна, на седенка некоја -
оддишка ќе се земе.

УТРАТА ВО БОТУШЕ

Уште од рано утро
будно е Ботуше цело;
таков е животот таму -
како и во секое село.

Џагор насекаде се слуша.
Однекаде ечат и песни,
по дворовите широки
и по сокаците тесни.

Мислиш сликата е иста,
со години и со векој:
вредно по работа ита,
секој, навистина секој.

ПЛАДНИЊАТА ВО БОТУШЕ

Во село, според сонцето
некои го мерат своето време;
се одмораат од работата,
од тоа тешко бреме.

Секој човек заслужено
починка своја сака,
да одмори снага, нозе,
да одмори вредна рака.

ВЕЧЕРИТЕ ВО БОТУШЕ

Штом вечерта ќе стигне,
селаните се враќаат од работа.
Чиниш, тука деновите се исти:
и во недела, и во сабота.

Речиси во исто време
навечер дома се сите,
така во село минуваат
секојдневно дните.

Секој по нешто ќе каже.
Немаат од кого да кријат.
Понекогаш, децата ќе слушнат и сказна,
додека возрасните не легнат да спијат.

НОЌИТЕ ВО БОТУШЕ

Штом ноќта темна ќе дојде,
трепетно поздравува ѕвездичка бела,
небото над Ботуше е како бисер,
така е над сите планински села.

Таму и сонот, велат, е подруг,
во таа планинска височина.
Ботуше мирно спие во ноќта,
додека над него сјае месечина.

НАПУШТЕНО СЕЛО

Не звони звонче долго,
не се држи ниту час,
молкнало в тишина вечна,
нигде никаков глас.

Ги нема кротките стада,
во раните утра да блеат,
нема ни жетварки вредни
по нивите да жнеат.

По сокаци страшна слика:
секоја куќа молчи сама,
па, наместо луѓе, живост,
насекаде молк и штама.

ПЕСНИ – НАДВОР ОД ЗБИРКИТЕ

ПОРЕЧЕ

Еве го Пореч̀е...

Тоа е географската мапа
која
секој Поречанец
во срце гордо ја носи
со убавини
кои според критериумите на природата
се создадени
од божјата света рака.

А тоа се овде
и моите стихови за Пореч̀е...

Кога тие би се претвориле
во цркви и манастири –
значи ли тоа
дека и по смртта
жител
на Пореч̀е ќе бидам –
штом уште на живот
моето отсуство
го оплакуваат
ботушките изори
и водите на Треска?!

А и мојата ѕвезда
со време се здоби
со сопствено кралство,
откако дозна дека
мојата желба за родниот крај
како знаме ја носев
на секое патешествие по светов
и дека
низ прозирката на песната
гледав
со очите на сонцето
по моите роднокрајни простори.

ПОРЕЧЕ

(Македонски Брод, 10.3.1988)

Освен сонце во песните
друго ништо не сум му должен
на Пореч̀е.
Во неговите живи простори
разграниле
и моите песни.
Под гранките на животот
ми течат
и водите на Треска,
а влевајќи се во морето
носат дел од векот на Пореч̀е.

Во тие води гаснев
носталгии и копнежи
и опитно ме искалија
во жеден родољуб.

Затоа
во иднината на денот на Пореч
ќе го најдете моето минато;
во разбудените убавини
ќе го доживеете
животот на моите песни.

Тоа и на оној век ќе ме радува,
откако светлината
од очите ќе ми ја земе
некое непослушно време.

ЈАС И ПОРЕЧЕ – ПОРЕЧАНИ И ЈАС

Го сакам мојот народ –
во него е почвата
на мојата семејна лоза;
таму дознав
кој сум, и што сум
и од каде потекнувам,
та во одбрана на крајот роден
и јас научив
како да не порекнувам.

Го сакам целото Пореч –
во него е почвата
на мојот идентитет,
на моите предци и потомци;
тие најсветли сонца
мои
и на мојата татковина –
доволно светли докази
дека овде
каде што постоиме

вечно
ќе опстоиме!

А во мојата роднокрајна поезија –
Поречје е поголемо и од море
по кое гордо плови
бродот на Македонски Брод,
и со божествена топлина
во срцата наши зрачи...
Всушност,
Поречје на сите Поречани –
живот им значи!

Но, мислам дека ниеден Поречанец
нема да се најде зачуден и збунет,
доколку ја прочита мојата биографија
и дознае
колку време
сум бил
физички отсутен
од бесценетото Поречје,
а според моите
безбројни
стихови за родниот крај
секој ќе се увери
дека сум се оправдал со моите дела,
кои излетале од мојот поетски дух,
и дека
и на оној век, на небото,
за Поречје
ќе имам ѕвезден звук!

ПЕСНА, ЗА ПЕСНАТА ПОРЕЧЕ

О, Пореч̀е,
ти храбра и непореклива македонска песно,
со комитски завет во срцата наши;
молскавично што сака до збор да дојде;
песна со љубов во сечие срце –
во душа секој од нас што те пее;
песна со небо и светло сонце –
божја песна блажено што грее.

Па, затоа, почуј Македонијо, земјо света:
зборот Пореч̀е е твоја патриотска песна,
песна со осведочен непокор и непорек,
песна со истрај на издржлив живот,
песна сведок на нашиот мајчин јазик,
песна на нашата нација, и идентитет,
комитска песна порака што носи
до сите Македонци по целиот свет.

Со гласот на народот распеан те слушам,
Пореч̀е – песно родољубива за пример,
песно на твоите илинденци храбри,
прочуени комити, бранители, борци,
ти, гласна песно од искона, од века,
биди ни смела и горда песна –
како светата песна над песните што е,
песна која цел свет ја цени и знае.

Таков е гласот на песната Пореч̀е,
со комитска порака до сиот народ:
да не нѐ разнебити злобата туѓа;
да чуваме едност, единство и слога.

Само тогаш ние ќе гледаме напред
народ со иднина, народ со среќа;
ќе живееме безгрижно во слобода сите,
цврсто вплотени како сложни браќа.

Време е сега да ја запееме сложно;
нашата химна гласно да нè бодри;
за нашата биднина светот да слушне,
и за нашата гласна повелба и завет –
како достојни потомци, бранители идни,
да им се оддолжиме на борците-предци –
на тие кои ја сонија, а не ја дочекаа
денешнава татковина – славна Македонија.

СО ИСТРАЈОТ НА БРОДОТ НА МАКЕДОНСКИ БРОД

Те сакаме, Броде,
со љубовта на нашите срца
штом вечно ти
како брод пловиш
по дамарите на твојот народ.

Се гордееме со тебе, Броде,
та до каде со животот
по светот
твоите сограѓани да бродат,
сепак,
бистрите води на Пореч е –
со жедни носталгии ги враќаат
на роднокрајните извори чисти.

Затоа и ти, наш Броде,
биди горд на твоите дејци:
јунаци, комити, борци,
а во тоа е и непокорот
и истрајот
за кој
вистината на твојата историја
пред светот
со херојски завет те раскажува.

А и јас можам да речам
дека не постојат такви силни води –
ниту океанските
кои можат да го спречат
мојот брод изграден од желби
да не доплови
до водите на Македонски Брод.

ПАТИШТАТА ПО ПОРЕЧЕ

По низа години,
патувајќи од Келн до Ботуше
го најдов и патот
да стигнам до оваа песна.

Патишта
кои одамна ми се измешале
и со судбините
на патиштата по светот
кои зад себе ги оставив,
и многу подолги се
од секој живот
по кој во недоодица
и желбите мои ги наоѓам.

И нозете ги сонуваат
до каде што поминав –
на обете нивни страни
ме следеле денот и ноќта,
напоредно со разлеани спомени.

Патишта
кои со моите одисеи
длабоко забраздиле во вечноста
и со надеж се обоени –
за со иднината на песнава
по нив да можам да врвам.

Оти знам дека се многу отпорни
и по нив не изземнале
ниту нозете на историјата.

ПО ПАТОТ КРАЈ ТРЕСКА

Нозете
најмногу му веруваат на патот,
доколку тие и во сонот
по него одат.

Судбина ли е
да се патува
по овој библиски пат,
крај оваа исконска река,
каде што секогаш минував
со чувства
на божји аџилак
и сè уште е недооден
во мојот патешествен живот –

не дека
сè уште е тој пат
по кој се оддалечувам
од родниот крај
и заминувам
некаде далеку по светот.

Тука со децении
длабам во времето
заедно
со копнежите во душата.

Тука со децении
преку секој мост
сум ги пренесувал
радоста и маките.

КОГА ДОАЃАВ ВО МАКЕДОНСКИ БРОД

Кога доаѓав во Македонски Брод,
секое доаѓање
го доживував
како вистински пловен брод
по водите на мојот живот.

Тука
како да си ги проверував
моите патишта по светот.

Го доживував
и како неодгатлива светлина
на моето постоење,
бидејќи и јас сум негова приказна –
иако понекогаш го напуштав

како одвеан од ветрот,
а времето
кое веќе изминало –
ме плаши со неговите спомени.

Но, штом ќе отпатував,
од говорот на мојата младост –
уште посилно чувствував
како ги бранува
водите на мојот живот.

КОГА ДОАЃАВ ВО САМОКОВ

Кога доаѓав во Самоков
желбите во бескрај
ми се раздиплуваа.

Спомените ме искачуваа
по планината до Добра Вода –
во височините до сонцето,
иако некој збор од минатото
како копје ме прободе;
тука
можам само да оживеам
и да ме возвиши
спиралата на радоста.

А штом заминував од Самоков
желбите ми се собираа
како гугутка во душата –
небаре трчаа по мене
за да ме спасат
од носталгиите.

КОГА ДОАЃАВ ВО БОТУШЕ

Кога доаѓав во Ботуше
во мене пееше
славејот на детството.

Ги слушав како жуборат
изворите на младоста
и со сите чувства
бев нурнат во природата.

Таму друго сонце
ми ги осветлуваше соништата.

Таму е вратата на животот –
со куќниот праг
кој вечно го носам
како воздухот
што го вдишувам
во мене.

А штом ќе отпатував од Ботуше –
од родното огниште
понесував топлина
за подобро
да ги совладувам далечините,
та во минатото
да не се чувствувам поразено.

ПО ПАТОТ ОД БОТУШЕ ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

Овој е тој пат
по кој се упатив
по сите страни на светот.

Овој е тој пат
кој ги разврза
моите безбројни патешествија.

Овој е тој пат
по кој кога се оддалечував,
како со преплашени чекори –
налик на sвер – ме пресоздаваше.

Овој е тој пат
по кој, кога наближував
кон роднокрајното Ботуше –
сѐ потопли ги чувствував
радосните образи на денот.

ПЕСНА ДО ЦВЕЌИЊАТА

(Македонски Брод, 7.6.1979)

Не знам по кое небо
најсилно ме огрева мојата sвезда
за да го одмерам
пулсот на песната
кој е зазбивтан по убавините
на ботушките и келнските цвеќиња.

Пред нивните нијанси
не можам да ги разликувам
ниту боите на копнежите;
а само едно знам –
дека за цвеќињата
насекаде во светот
и во сонот
стихови ми расцутуваат.

НЕПОРЕКЛИВИОТ ДУХ НА ПОРЕЧЕ

(Посвет̄ена на От̄ец Марко Трӣески)

И илјада години да живеам –
сигурно е дека нема да поречам,
а да не напишам песни за Пореч.

Така е и во народот:
во нивното битие има Бога
и црква и манастир
и жилав збор со истрајности
и жилавост
кои Поречани
никогаш нема да ги поречат.

А како јас да одолеам
пред овие божествени убавини –
убавини,
кои песните ми ги благословуваат
додека одам по оваа библиска земја
како поклоненик,
како Христос
по маслиновото горје,
а со молбените зборови –

во стихот и метафорите
се чувствувам повисок
и од планината Добра Вода.
Па, затоа јас не поречувам,
штом имам такав душа и срце:
достојно секогаш ќе пишувам
песни за Пореч̌е!

СПОРЕД ВОЛЈАТА БОЖЈА

(Посвет̌ена на проф. д-р. Рат̌омир Гроздановски)

Според случајноста на животот
и според волјата Божја –
раце си подадовме.

Можеби затоа
со секој збор
го калевме спокојот на копнежите
кон нашите роднокрајни села;
не оти сите патишта не и се проодни
на роднокрајната љубов,
туку
во постоењето има и непишани правила,
кои во тие мигови
природата ни ги наметна
со мостови
на нашето сегашно време –
време да премостат.

Така е кај нас, Поречаните:
преку љубовта кон родниот крај
носталгиите си наоѓаат начин
како во душата да преживеат

и будни да чекаат
срцето да им се одзве
со гласот на природата на Пореч̀е.

Така, чекор по чекор,
со секој блажен збор
стигнавме на врвот на споменот
на денот на нашата средба,
каде што се искачи
и нашата иднина
со чиста хемија на човекољубието-
СПОРЕД ВОЛЈАТА БОЖЈА.

ПОРАКА

(*На сит̀е Поречани и на сит̀е*
идни ґрадоначалници на Македонски Брод,
8.4.2017, Скопје, „Поречки средби“)

Чувајте ми го Брод
Бродот Македонски
а за мене дури и светски
штом толку Брод опеан е во моите песни
напишани
насекаде по светот
според копнежите и носталгиите
затоа се гордеам со тебе граде
како растеш
во рацете на сегашноста
на твојот народ
а со тоа
подалечен ќе ти биде
и погледот на твојата иднина
кога веќе

со голема љубов бродиш
по вените на твоите Поречани

Таков е нашиот славен Македонски Брод
кој вечито пребродувал
разни времиња и невремиња
впрочем
со право ќе го памети
и вечноста на народот
та само така
уште повеќе ќе бидеме
поистрајни и непобедливи
дури и од историјата
та само така
храбро и сложно
градот ќе го градиме
ќе го браниме
и ќе го одбраниме.

ПОГОВОР НА ЗБИРКАВА
„СÈ ОД ЉУБОВ ЗА ПОРЕЧЕ И ПОРЕЧАНИ“

1.

САВО КОСТАДИНОВСКИ! Потомок на славниот Костадин Војводата – „Капиданот“, за кого е испеана една од најубавите, најпознатите и најемотивните револуционерни народни песни од времето на македонската илинденска епопеја! Песна што и по последните ислушани акорди, и по последните прочитани стихови, продолжува да трае, да се обмислува и да ечи во нашите дамари. Та не е воопшто чудно што таа песна имала и има најсилен одек во срцето на Саво Костадиновски, бидејќи крвта што овој наш славен комита ја пролеал за слободата на тогаш поробената Македонија, тече и пулсира и низ неговите жили. Иако временски и просторно оддалечен од неговиот предок Костадин, кој војувал со пушка в рака, С. Костадиновски на еден друг, свој и своевиден начин, уште од својата најрана младост, па сè до ден-денешен „војува“, би рекол – со перо в рака. Тој досега напишал цели реденици родољубиви песни посветени на македонските револуционери, херои и борци од предолгата и преславна македонска историја. Напишал мноштво збирки за убавините на нашата татковина. Создал стихови со кои ги овековечил пределите на своето роднокрајно Пореч. Изнедрил од пазувите најтопли и најискрени дела што некој творец може да ги посвети на своето премило и незаборавно село Горно Ботуше. И – со преводот на многу од неговите дела и на странски јазици – овозможил за нив да се слушне и дознае и во други земји, и на други континенти. Така, таа своја мисија на гласник и градител на вистината за непокорот и стаменоста на неговата родна земја ја воскренал до висина на еден огромен и маркантен монумент, оформен од недобројни поетски и прозни состави. За сето ова, доволно видлив показ и доказ е и оваа публикација, насловена како „Сè од љубов за Пореч и Поречани“.

2.

ПОРЕЧЕ! Подрачје во Република Македонија што мора да го восхити секој што ќе го посети и запознае! Подрачје во кое како ластовични гнезда се вградени над педесет населени места, меѓу кои со својата големина и со стожерната улога доминира општинскиот центар Македонски Брод. Тоа се местата и пределите што уште од неговата најрана возраст и уште од неговите први училишни години Саво Костадиновски ги запознал (разбирливо – некои повеќе, некои помалку); места и предели за кои

слушал и воспримал најразлични настани, кажувања и согледби, и кои уште тогаш се всадиле во неговата меморија; со љубов недомерна и со жар незгаслив. Иако многу огништа во камените куќи и во дворовите, во некои од тие села одамна згаснале, и сè уште згаснуваат, негов апел, негова опсесија, негов – и притаен, и гласно изречен повик – е повторно да се распламтат огновите во нив!

Од друга страна, пак, ова уште еднаш покажува и докажува дека огнот од пламени чувства, носталгии и приврзаноста кон родниот крај – за разлика од оној во огништата – останал незгаснат во дамарите на сите нашинци, развеани по светот од „ветриштата на опстојот и потрагата". Тоа е она што, всушност, дава уште еден наплив кон неизмерната и јасно изразена желба на С. Костадиновски: и огновите во вистинските роднокрајни огништа да се вратат и да се обноват. И – како „феникс од пепелта" да се воздигнат и да ги преродат и да ги заживеат со никогаш незгаслив пламен.

3.

ГОРНО БОТУШЕ! Селото во кое се родил, во кое учел, израснал и се челичел идниот поет, прозаист, патописец и преведувач Саво Костадиновски. Селото во кое тој го претрчал најубавиот и најбезгрижниот период од животот – детството. Секојдневно пешачел од родната куќа на ритчето наречено Средок до не толку блиското училиште среде селото. Секогаш ведар и насмеан, со восхит и жед ги совладувал сите лекции што им ги задавал неговиот драг и незаменлив учител Димко Здравески. И не само тоа. Тој и тогаш, уште од најмала возраст, слободното време меѓу два училишни денови, а особено она што му преостанувало за време на летниот распуст, го минувал помагајќи им на неговите родители во извршувањето на низата работни задачи во домот, во дворот и низ околните ниви и ливади. Но, исто така, и подоцна; кога вишите одделенија ги учел во Гостивар; тој останал вљубеник во книгите и во новите знаења. Неговата жед за осознавање на нешто ново не се смалувала во ниту една ситуација. Напротив. Таа го следела и во момчештвото и – преку целиот живот, без оглед на тоа што морал сè повеќе и повеќе да се оддалечува од жуборливите и шумовити роднокрајни предели.

Но, што дека физички отишол далеку од нив; кога во периодот што го минал во Горно Ботуше тој веќе ги запомнил и ги впечатил во својата меморија секој брег, секој дол, секој кладенец, секој забел, секоја карпа и секоја патека – за еден ден да стигне

да ги опее, да ги преточи во стихови, во песни. За тоа со колкава успешност и вдахновеност успеал во тоа – не треба ништо повеќе да се каже, зашто секој читател на ова издание веќе можел и може непосредно и непречено да се увери. Да сфати дека сите стихови, сите песни поместени овде, се толку искрено, блиско и доживеано изречени; небаре нивниот автор токму во мигот на нивното создавање ги имал пред очи и чекорел по истите некогашни врвици; престојувал на истите омилени места и инспиративни изворишта.

4.

КЕЛН! Еден од најубавите и најголемите градови во Германија! Познат по многу знаменитости и индустриски објекти, но, можеби, најмногу по велелепната Катедрала, изградена уште во 13 век, а сочувана и одржувана како да е најново архитектонско здание! Град во кој печалбарот Саво Костадиновски; откако заминал од Македонски Брод и престојувал во неколку други градови; и во други држави, и во Германија; допатувал во 1973 година и таму „се вкотвил“. Така, најголемиот дел од својот животен и работен век тој го втемелил токму во тој град, во источниот дел од таа далечна, северна, но голема и индустриски силно развиена земја.

Саво Костадиновски, во поетска смисла, не му останал должен ниту на Келн. Во знак на благодарност и почит кон него, во неговиот богат творечки опус бележито место заземаат и неколкуте збирки песни посветени нему, на овој прекрасен милионски град, распослан на брегoвите на реката Рајна.

Воедно, градот Келн неретко бил и почетната дестинација на безбројните патувања што С. Костадиновски ги остварил во разни земји и метрополи низ светот; нешто по службена задача (работејќи во меѓународни возови), нешто раководен од неговиот космополитски дух: да ги види и запознае сите континенти на планетата Земја. И, секако, по тоа – дел од тие свои импресии да ги влее во новосоздадени песни; како што еднаш изјави тој „пишувани на колена“. Да, можеби навистина се напишани „на колена“, но тие сигурно се изнедрени од жизнородните и емотивните длабини на нивниот творец!

5.

ТВОРЕШТВО! Во овој еден единствен збор всушност е сублимиран поголемиот сегмент од целокупниот животен пат и од сè уште непрестајните животни патешествија на Саво Костадиновски. Нешто слично може да се каже и за оваа книга – избор од неговото творештво – во која е вткаен поголемиот и позначајни-

от дел од неговите дела, кои тој им ги посветил на роднокрајната област Пореч̀е и на неговото родно село Горно Ботуше. Впрочем, како што – и пред да стигне за прочит на овие редови – секој нејзин читател и проследувач веќе можел да согледа и да се увери, таа содржи девет меѓунаслови: 1. патописно-монографски; прозен дел, по кој следуваат седум комплетни збирки поезија, со следниве наслови: 2. „Пореч̀е“ 3. „Песни за Ботуше“ 4. „Со Ботуше во Париз“ 5. „Живот за Ботуше“ 6. „Со бродот од Пореч̀е“, 7. „Лето во родниот крај“, 8. „Пораки и песни од Ботуше“, како и циклус песни „...Надвор од збирките“.

Оваа публикација, за која и самиот нејзин наслов изјавува дека таа е „од сѐ срце“ посветена на неговото омилено Пореч̀е, содржински гледано само на прв поглед и формално е со „полифоничен состав“. Зашто, таа, сепак, претставува еден кохерентен споеж, кој, вака компониран, пружа широка и автентична слика за тој крај. Но, воедно, таа ни нуди и еден посеопфатен увид во дел од творештвото на овој „дводомен“ македонски писател, кој овде, на едно место, соединил и творби за помалата читателска публика, но и творби за возрасните. Токму тој нејзин шаренолик состав ќе ѝ овозможи – во секој дом во кој таа ќе допатува – „Сѐ од љубов за Пореч̀е и Поречани“ да внесе искри на љубов, нови сознанија и незапирна читливост.

6.

ПРЕВОДИ И ПРЕПЕВИ! Творечкиот опус на Саво Костадиновски досега опфаќа над педесет објавени книги со поезија и проза. Книги за деца и млади, но и книги за возрасните читатели. Многу од нив се преведени и на други јазици, најмногу на германски. Неколку преводи и препеви му се публикувани и двојазично. Сето тоа доволно говори за вредносните дострели на неговите дела, кои, за жал – со неговото изземање и незастапување во низа антологиски избори на нашиот книжевен територијал – сѐ уште не се достојно вреднувани и рангирани. Зашто, во никој случај не треба да се заборави дека тој бил и е еден од најзначајните и најплодни македонски писатели од дијаспората – докрајно верни на својата татковина и на поетскиот порив. Веруваме дека времето и објективната литературна критика ќе ги согледаат и ќе ги исправат тие вреднувачки пропусти; со тоа што писателот Саво Костадиновски ќе го добие заслуженото место во македонската книжевна историја.

САВО КОСТАДИНОВСКИ

– Биобиблиографска белешка –

Саво Костадиновски е еден од најпознатите и најпродуктивни македонски писатели за деца и за возрасни, кој поголемиот дел од својот живот го минува во туѓина. Својата печалбарска „одисеја“ ја почнува уште од најраната младост, некаде веднаш по катастрофалниот скопски земјотрес, во 1963 година, и таа негова „жива книга“ ја бележи страница по страница, ја пишува и ја допишува сè до ден денешен.

Саво Костадиновски е роден на 30 мај 1950 г. во Горно Ботуше, во областа Пореч, општина Македонски Брод; преубаво село распослано под падините на Добра Вода, на приближно иста километарска оддалеченост од Македонски Брод и од Гостивар. Основно училиште завршил во родното место и во Гостивар, дописно техничко училиште во Белград, а више образование од металска струка оформил во Германија. Во таа далечна, северна земја, во градот Келн, на реката Рајна, тој го минал поголемиот дел од својот животен и работен век. Важно е да се одбележи дека Костадиновски уште веднаш по доселувањето во гостопримливиот Келн, во 1973 година, за време на своите студии, почнал да пишува поезија и на германски јазик, и со тоа, како дводомен автор, придобива свои верни читатели и почитувачи и во Германија и во Македонија, но и не само во тие две земји. И подоцна, иако работел на најразлични места, вложувајќи ги својот труд, знаење и умеење во најразлични професии, пред сè во сферите на техниката и на инженерството, но и во угостителството, туризмот, сообраќајот, градежништвото, Саво Костадиновски во ниеден момент не дозволил да го запостави убавиот пишан збор, кој го вознесувал во недогледните и недоодните простори на уметничката дејност.

Првата збирка со песни Саво Костадиновски ја објавил кај познатиот издавач на литература за деца и млади „Детска радост“ уште во далечната 1980 година. Тоа е збирката *Лето во родниот крај*. Потоа следуваат следните збирки за деца: *Коњежи* (1989 г.); *Кафез без птици (Од Ботуше до Келн)* (1990 г.); *Децата на светот* (1990 г.) *Песни – десет книги*

во една (1991 г.); *Песни од Ботуше* (1992 г.); *Песни – десет книги во една* (1993 г.); *Порече* (1995 г.); *Илјада и една носталгија* (2001 г.); *Роден крај со срце* (2005 г.); *Заедно со Филип* (2013 г.); *Стихувани години* (2013 г.); *Разговори со Бети* (2014 г.); *Вечен глас* (2014 г.); *Писма до Филип* (2014 г.); *На одмор кај Филип* (2014 г.); *Секогаш со Филип* (2014 г.); *Филип е првак* (2014 г.); *Како Филип ја научи азбуката* (2014 г.); *Бисерчиња за Бисера* (2014 г.); *Блиски песни од далечна Австралија* (2015 г.); *Европа во стихови* (2015 г.); *Порече* (2015 г.); *Со Ботуше во Париз* (2015 г.); *Без родниот крај* (2016 г.); *Келн и јас* (2016 г.): *Со татковината* (2016 г.); *Од животот по Европа* (2016 г.); *Македонски знаменитости* (2016 г.); *Под Добра Вода* (2016 г.).

Многу од песните и расказите за деца и за возрасни на Саво Костадиновски како засебни творби се преведени на повеќе странски јазици, додека неговата збирка песни за возрасни *Поезија за поезијата* досега е печатена двојазично на македонски и на романски јазик (2002 г.); и на македонски и на германски (2012 г.); како и во превод на српски јазик (2015 г.).

Двојазично, на македонски и на германски јазик му се објавени и книгиве *Живот за Ботуше* (2014 г); *Песни од Келн* (2014 г.); *Историја на војните* (2015 г.); и *Човекот и татковината* (2017 г.); како и книгите за деца *Роден крај со срце* (2016 г.) и *Бисера и Филип* (2016 г.). (Последниве две книги, на германски јазик се објавени и во Германија, во 2016 година).

За возрасната читателска публика Саво Костадиновски ги објавил и збирките: *Поезијата во животот на поетот* (двојазично, на македонски и на германски јазик – 2013 г.); како и автобиографската романсирана хроника *Трите века* (2005 г.), која во 2016 г. доживува и второ, надополнето издание. Воедно, овој негов роман во 2016 г. е преведен и на германски јазик.

Саво Костадиновски е член на Друштвото на писателите на Македонија и на Сојузот на писателите на Германија, а како значаен поет и прозаист, патописец и есеист, кој се занимава и со преведувачка дејност, членува и во Сојузот на литературните преведувачи на Македонија.

СОДРЖИНА

Предговор 5

1.

ПОД ДОБРА ВОДА 7

2.

ПОРЕЧЕ 93

3.

БОТУШЕ ВО СТИХОВИ 133

4.

СО БОТУШЕ ВО ПАРИЗ 163

5.

ЖИВОТ ЗА БОТУШЕ 189

6.

СО БРОДОТ ОД ПОРЕЧЕ 221

7.

ЛЕТО ВО РОДНИОТ КРАЈ 233

8.

ПОРАКИ И ПЕСНИ ОД БОТУШЕ 242

9.

ПЕСНИ – НАДВОР ОД ЗБИРКИТЕ 265

Поговор на збиркава 281

Биобиблиографска белешка 285

Издава

Антолог

ул. „Ѓорѓи Пулевски“ бр. 29 лок. 1, Скопје

тел. / факс (02) 3201 007

contact@antolog.mk

Жиро сметка 300000003674784

„Комерцијална банка“ а.д. Скопје

ЕДБ 4080014541495

Печатница „Полиестердеј“

ул. Рајко Жинзифов бр. 50, Скопје

Тираж 100

Printed in Republic of Macedonia

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-992

821.163.3-1

908(497.762)

КОСТАДИНОВСКИ, Саво

Сѐ од љубов за Пореч̀е и Поречани : патописно-монографска и поетска збирка за областа Пореч̀е / Саво Костадиновски. - 2. надополнето изд. - Скопје : Антолог, 2017. - 288 стр. ; фотографии; 21 см. - (Библиотека Громови ; кн. 9)

Биобиблиографска белешка за авторот: стр. 285-286

ISBN 978-608-243-245-8

а) Пореч̀е

COBISS.MK-ID 104238090